УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# ОДНОСОТ ПОМЕЃУ СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ, НАВРЕДЛИВИОТ ГОВОР И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НИЗ ПРИМЕРОТ НА „ШАРЛИ ЕБДО“

Ментор:
Проф. д-р Билјана Ванковска

Кандидат:
Сања Сулејманова

# С О Д Р Ж И Н А

**I ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. Предмет на истражувањето....................................................................4

1.1. Формулација на предметот на истражувањето..........................................4

1.2. Дефинирање на предметот на истражувањето………..………….............9

1.3. Хипотетска рамка на истражувањето....................................................14

2. Цели на истражувањето...........................................................................15

2.1. Истражувачки прашања.........................................................................15

2.2. Дефинирање на целта..............................................................................15

3. Методолошка рамка на истражувањето..................................................16

**II ТЕОРИСКА РАМКА: СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ, ГОВОР НА ОМРАЗА И НАВРЕДЛИВ ГОВОР**

1. Однос на слободата на изразување и говорот на омраза……..……………………..18

2. Идеолошки, политички и критички ставови и говорот на омраза.........................20

3. Прецизирање на поимот говор на омраза................................................................21

**III МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНА И НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА**

1. Меѓународни документи.........................................................................23

1.1. Обединети нации....................................................................................23

1.2. Совет на Европа......................................................................................26

1.3. Препораки и насоки на Европската комисија против расизмот и нетолеранција (ЕКРН)..............................................................................34

1.4. Европска унија........................................................................................36

1.5. Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)..................................................................................38

1.6. Споредбени искуства..............................................................................39

2. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ..............................................................42

2.1. Устав на Република Македонија..............................................................42
2.2. Кривичен законик на Република Македонија..........................................50
а) Дела на омраза.............................................................................................50
б) Говор на омраза............................................................................................52

**IV МЕДИУМИТЕ ПОМЕЃУ СЛОБОДАТА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА**

1.Традиционални медиуми...................................................................................63
2. Социјални медиуми.........................................................................................66

**V ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НИЗ ПРИМЕРОТ НА „ШАРЛИ ЕБДО“**

1. Од Хара-Кири до Шарли Ебдо……………………......................…..............71
2. Подбивање со Исламот и Мухамед………...............................................…72
3. Подбивање со туѓите несреќи и со смртта…….........................................…77
4. Шокирање на јавноста………......................................…………………..81
5. Бласфемија или говор на омраза…………..................................................84
6. Хумор, сатира и меми…………………………...........…......................92

**VI ПРЕВЕНЦИЈА И СУЗБИВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА**

1. Последици на говорот на омраза.................................................................102
2. Превенција на говорот на омраза...............................................................103
3. Репресивно сузбивање на говорот на омраза.............................................112

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ……….......................……………………...118**
**ПРИЛОГ: КАРИКАТУРИ……………......................…………………..122**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА……………………………..........................133**

# I ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1.1. Формулација на предметот на истражувањето

Слободата на изразувањето, која во себе ги вклучува и слободата на говорот и слободата на медиумите (а неретко овие изрази се користат и како синоними), претставува дел на т.н. прва генерација на човекови права со посебно истакнат статус во секое демократско општество. Имено, на оваа слобода се гледа како на генератор и conditio sine qua non за секоја функционална демократија. Според теоријата на демократијата, пристапот до целосни информации и можноста за јавно изразување на спротивставени ставови и стојалишта е основа на демократскиот поредок.

Ставовите, колку и да се различни, дури и контроверзни, треба да добијат можност да бидат покренувани, дебатирани и десиминирани преку слободните медиуми, а со цел да се овозможи политички избор заснован врз податоци и аргументи. Меѓутоа, во современиот свет доаѓа до такво ширење на можностите за јавно искажување на најразлични ставови, што е без преседан во историјата на човештвото, поради огромните можности кои ги даваат новите информациски технологии, медиуми и социјални мрежи. Оттука, современиот предизвик е во истовремено гарантирање на слободата на говор, промоција и заштита во национални рамки, но и меѓународноправна заштита во контекст на меѓународното право на човековите права. Друга страна на "паричката", пак, е во растечка свест за опасностите до кои може да допре неограничениот говор, особено во однос на различните поединци и групи, што во повеќе случаи резултирало со крвави внатрешни конфликти и со огромен број жртви. Улогата на говорот на омраза или пропаганда на омразата беше највидлива во случајот на конфликтот во Руанда во 1994 год., но и во многу други судири и конфликти. Оттука, беневолентната верзија на демократијата и неограничената слобода на изразување се доведува во прашање, а модерните општества сè повеќе се соочуваат со предизвиците на сузбивање на говорот на омраза. Пропагирање на омраза по разни основи, а која може да се посведочи како антисемитизам, ксенофобија, расизам, етнонационализам или хомофобија ја нагласува важноста од утврдување на границите на слободата на изразување. Во националните устави и законодавства вообичаено се

забранува поттикнување или заговарање на секој вид на национална, расна или верска омраза која претставува основа за дискриминација, непријателски однос или насилство. Проблемот на говорот на омраза е релевантен и на меѓународен план, поради импликациите кои говорот на омраза искажан преку медиумите или политичките говори ги создава. Оттука, постојат бројни меѓународни правни инструменти, конвенции и насоки за препознавање, спречување и сузбивање на говорот на омраза. Релевантните меѓународни норми се формулирани со цел да послужат како гравитациона вредносна сила на домашното правно ниво, односно како механизам за убедување на државите да усвојат соодветно законодавство и да преземат адекватни мерки доколку тоа не ги дава посакуваните резултати. Во таа смисла, особено се издвојуваат три меѓународни инструменти за заштита на човековите права, како Конвенцијата за превенција и казнување на злосторството на геноцид, Конвенцијата за елиминирање на сите облици на расна дискриминација и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права на Обединетите нации. На нив постојано се надоврзуваат актите на други меѓународни владини и невладини организации, а особено е значајна јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права при Советот на Европа, реализирана низ примена на Европската конвенција за човекови права.

Иако навидум едноставен и разбирлив, постулатот според кој во едно демократско и цивилизирано општество не смее да се дозволи злоупотреба на слободата на говорот во насока на поттикнување национална, верска, расна или друга омраза и насилство, тој постојано се соочува со нови предизвици ширум светот. Тоа ја наметнува потребата од продлабочено разбирање на еволуцијата на правото да се биде заштитен од повреда сторена врз основа на говор на омраза, кое е составен дел на меѓународното право за човекови права.

Напорите за развој, јакнење и проширување на меѓународните стандарди кои обезбедуваат заштита на поединци и членови на групи од говорот на омраза, се соочуваат со тешкотии кои бараат посебна експликација и разбирање, за да може да се одговори на новите предизвици. Правото да се биде заштитен од последиците на говорот на омраза има четири клучни одлики, кои претставуваат посебен предизвик за неговото толкување и за

неговото имплементирање во практика, како "емоционалната" компонента на правото; сложеноста да се докаже постоењето на забранетото поттикнување на омраза; тензиите помеѓу правата на слобода и еднаквост за оние кои говорат и за оние кои слушаат, како и за компонентата на групен идентитет што ја поседува ова право, што пак од своја страна создава тензија помеѓу индивидуалните и колективните права.[1]

Проблемот на говорот на омраза е во дијалектичка врска со слободата на изразување, па дури и со слободата која се однесува на употреба на навредлив говор. Линијата на разграничување на она што е дозволено и што е дел на либералната слобода на мисла и говор, од она што претставува негова злоупотреба и што создава конкретни и погубни општествени последици, е многу тенка, а се разликува од општество до општество.

Ова истражување претставува обид за продлабочена анализа на говорот на омраза - стар феномен, којшто постојано добива нови форми наројавување, поради што претставува предизвик и за домашното законодавство, но и за меѓународното право на човекови права. Потребно е да се земе предвид новата практика и различните видови на институционална грижа за рано детектирање, превенирање и справување со погубните последици на говорот на омраза, без притоа да се загрози слободата на изразување. Всушност, првиот предизвик за секој истражувач во оваа фаза е дефинирањето на поимот "говор на омраза", кој пак е во дијалектичка врска со сето она што го претставува слободата на изразување. Токму заради тоа, се смета дека за овој општествен феномен не постои единствена и конечна дефиниција, па како посебен институт, честопати, влегува во вакуум-простор помеѓу различните права и нивното толкување.[2]

Демократската зрелост на едно општество е невозможна без гарантирано ползување на правото на слободен говор. Но, од друга страна, злоупотребата на слободата на изразување (низ различни изразни средства и медиуми) може да се претвори во својата спротивност, т.е. во сосема поинаква конструкција позната како говор на омраза.

[1] Elbahtimy Mona, The Right to be Free from the Harm of Hate Speech in International Human Rights Law, *CGHR Working Paper* #7, January 2014.

[2] Христина Шулевска и др., Анализа на состојбата со говор на омраза во Република Македонија, Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права во Република Македонија, 2015, стр. 8.

Несомнено, пристапот на една држава кон решавање и воопшто кон препознавање на овој феномен е важна одлика на институционалната подготвеност да се гарантира и покаже конкретна грижа за слободите и правата на човекот.

Да појасниме, говорот на омраза не е апстрактен и филозофски проблем. Во современиот свет бројни емпириски примери покажуваат дека последиците од неговата употреба можат да бидат конкретни, но и со застрашувачки размери. Веќе споменатиот пример за најеклатантните начини на масовно користење на говор на омраза преку медиумите, како вовед во брутален конфликт е примерот за Руанда (геноцидот во 1994 година)[3], но елементи има и во сите други конфликтни зони вклучително и во државите од поранешна Југославија. Сепак би било премногу едноставно да се каже дека говорот на омраза е надминат во високо развиените демократски земји, иако таму многу поголемо внимание се посветува на диференцијација помеѓу правото на користење на навредлив говор и говор на омраза, особено низ призмата на легитимирање на насилните реакции од страна на оние кои ќе се најдат погодени од таквиот говор (особено на религиска основа) и низ призмата на последиците.

Проблемот на говорот на омраза е високо релевантен и во Република Македонија, посебно поради сензитивноста на меѓуетничките и меѓурелигиските односи во едно поделено општество, во кое толеранцијата и либералните вредности не се сосема втемелени ниту пак загарантирани. Во таа насока, низ ова истражување се прави обид за анализа на законската регулатива со која се третира говорот на омраза, како и улогата на надлежните органи во тој процес. Сепак, централен проблем на истражувањето, е утврдување на границата помеѓу слободата на говорот, која во себе може да има примеси на навредлив говор, бласфемија и говор на омраза, онака како што тоа го разбира Европскиот суд за човекови права и други релевантни институции.

Во таа смисла, како еден посебно интересен и контроверзен случај низ кој може најдобро да се илустрира тензијата која може да ја предизвика говорот на омраза и навредливиот говор, го посочуваме примерот со познатото француско сатирично списание Шарли Ебдо

[3] Види повеќе: https://www.bbc.com/news/world-africa-26875506

(Charlie Hebdo) и трагичните настани од јануари 2015 година во Париз, Франција, кога дел од вработените во редакцијата на списанието станаа жртви на терористички напад. Нападот беше поттикнат од сатиричниот говор и навредливи карикатури, сфатени како подбивање со исламската религија и како оправдување за употреба на насилство поради слободата на изразување. Терористичкиот напад поттикна широка дебата за користење на слободата на изразување како втемелено право на секој човек да ја изразува својата слободна мисла и говор.[4] Низ овој пример, може да посведочиме како две вредности на едно либерално и демократско општество како француското, можат да создадат тензии доколку не се направи разграничување помеѓу она што е напад врз религија и напад врз верниците кои ѝ припаѓаат на таа религија.

Оттука, научната мисла има задача да фрли нова светлина врз појаснување на дефиницијата на слобода на говорот, слобода на вероисповед, слобода на религија и говорот на омраза врз расна или верска основа, со цел создавање конзистентен пристап во борбата против нетолеранцијата во мултикултурните општества. А денес, скоро и да не постои хомогено општество, во корист на бројните заложби на Европските политики за негување на диверзитетот и мултикултурноста во нејзините земји членки, но и во земјите надвор од унијата.

[4] Михајлова Елена, Јасна Бачовска и Томе Шеќерџиев, Слобода на изразување и говор на омраза, Скопје: ОБСЕ, 2013, стр 8.

## 1.2. Дефинирање на предметот на истражување

Како што веќе елабориравме, фокусот на истражување во овој труд е комплексната релација помеѓу слободата на изразување, навредливиот говор и говорот на омраза, особено поради блискоска на термините, со особен придонес кон разбирањето на човековите права и нивното ограничување во интерес на правата на другите луѓе и групи во општеството. Во таа смисла, накусо ќе ги изложиме клучните примеси на теоретските концепти на кои се потпира истражувањето, а кои дополнително ќе бидат елаборирани низ магистерскиот труд.

*Слободата на изразување* е синоним за еднаквоста на слободите и правата на сите луѓе и оваа слобода е една од основните гаранции за отворено и плуралистичко општество. Ова право има широк опсег, од слобода на мислење и слободно индивидуално изразување на мислењето, па сè до индивидуална слобода на медиумите и претставува апсолутно граѓанско право што значи дека никој не може да го загрози или ограничи човековото размислување, додека слободата на изразување на мислењето се третира како политичко право.[5] Слободата на изразување е главно јадро на либералната демократија, таа е од витално значење за личниот развој, демократската виталност, човековиот прогрес, потрагата по вистината и неопходната проверка на владината работа, но, слободата на изразувањето сепак има граници (...) и оттука либералните демократски општества не поддржуват говор кој има за цел да нанесе физичка штета врз едно лице или група.[6]

*Говорот на омраза* може да се развива само во средина која го овозможува тоа, а со казнување на говорот на омраза и делата од омраза се обезбедува контрапорака, имено, општеството ги санкционира, а потоа ги воспоставува морални вредности (...) одржувајќи колективна морална свест на заедницата.[7] Говорот на омраза поттикнува непријателска клима, особено кога шири омраза кон одредена група на луѓе и тогаш кога механизмите не

[5] Ибид стр. 9

[6] Raphael Cohen-Almagor, “The Charlie Hebdo Affair: Between Speech & Terror”, January 7, 2016, in: *The Critique's Great War Series Part II: Charlie Hebdo, Free Speech & Religious Violence*. Available at SSRN: https://ssrn.com/abstract=2713137 , pp. 1-2.

[7] Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр. 325-326.

можат да го препознаат и спречат, последиците можат да бидат од големи размери како на пример: физичка штета па дури и терор. Токму затоа ќе се обидеме да одговориме на прашањето, дали ограничувањето на сопствените зборови го разликува говорот на омраза од слободата на изразување? Генерално, судовите не ја подразбираат навредата како нешто сериозно и навредата не треба да биде ограничувачки фактор, бидејќи она што навредува некој, може да го охрабри другиот. [8]

Слободата на изразување и говорот на омраза сепак имаат една заедничка работа, а тоа е дека и во двата случаи станува збор за одреден начин на изразување. Доживувањето на клевета или навреда може да се препише на секое лице како индивидуално доживување, но кога говорот предизвикува омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа тогаш казнивоста е поголема и посериозна.

Говорот на омраза го повредува достоинството на индивидуата како припадник на група, а повреда на достоинство не може да се окарактеризира како навреда или клевета.
*Клевета*, пак, подразбира дека едно лице изнесува или пренесува невистинити што се штетни за честа и угледот на другото лице, а знае или е должен да знае дека се невистинити. *Навредата* е присутна во случај кога едно лице јавно ќе изјави дека некое друго лице е нечесно, неинтелигентно или неморално, а другото лице со таа изјава е, или може да биде навредено, повредено, понижено.[9] Во таа смисла, важно е да се направат дистинкции помеѓу говорот на омраза и навредата и клеветата, бидејќи тоа подразбира и поинаков пристап од страна на судовите, но и поинаква законска поддршка, така што јасно е дефинирано дека навредата и клеветата имаат граѓанско-правен третман, додека говорот на омраза има кривично-правен третман, со што јасно се испраќа порака дека еднаквоста и почитувањето на културните разлики и други разлики спаѓаат меѓу најважните вредности на општеството.[10]

Кон дефинирање на термините неопходни за разбирање на комплексноста и повеќе-слојноста на истражувачкото прашање, се надоврзуваме кон примерот со познатото

[8] Raphael Cohen-Almagor, op. cit.
[9] Михајлова Елена, Јасна Бачовска и Томе Шекерџиев, op. cit. стр. 37.
[10] Ибид.

француско сатирично списание Шарли Ебдо и трагичните настани од јануари 2015 година во Париз, Франција.[11] Списанието за хумор и сатира Шарли Ебдо, неретко било препознатливо како синоним за слободно изразување на говор, говор кој ги достигнувал и границите на апсурдот. Ова е само едно од списанијата познати по својот специфичен хумор (меѓу кои спаѓаат и други француски списанија, како: *Le Charivari i Le Vanard enchainé*), а познато е дека Франција негува богата традиција кон слободниот печат кој исмејува сè и секого, на остар и циничен начин. Во своја одбрана, уредниците од францускoто списание кое беше мета на терористички напади (во 2011 и 2015 година) сметаат дека примањето навреда е всушност одлука на лицето кое решава да биде навредено, бидејќи списанието никогаш не се потсмевало само на една религија или едно лице, туку на бројни личности кои го одбележале своето постоење.

Во својот богат тираж, Шарли Ебдо може да се пофали со бројни карикатури на личности како Папата, Хитлер, Осама Бин Ладен, библиски личности (Исус, Марија), политичари (Марин Ле Пен, Ангела Меркел), јавни личности (Мајкл Џексон), претседатели (Барак Обама, Владимир Путин, Доналд Трамп), различни националности (англичани, германци) и религии (јудаизам, христијанство, ислам), но и со настани кои оставија длабок траг во меморијата на јавноста. Сатиричниот приказ и начин на изразување во ова списание биле предмет на осуда уште во 2011 година, кога канцелариите на списанието биле за првпат нападнати, причинувајќи само материјална штета без човечки загуби, а причината била објавување карикатура од Пророкот Мухамед.[12] Неколку години подоцна кога се случи и вториот напад на канцелариите на истото списание, дел од светската јавност се сплоти под слоганот Je Suis Charlie (Јас сум Чарли) и застапниците одн. поборниците на слободата на изразување и демократијата насекаде низ светот го осудија нападот.

Меѓудругото, дебатата на утврдување на границата на тоа кога и зошто едно прашање се смета за прашање на слободата и демократијата, а кога се претвора во недемократско и безбедносно, но и конфузијата околу тоа што е причина, а што последица, останува

[11] Види повеќе: https://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/europe/france/11331902/Charlie-Hebdo-attack-Frances -worst-terrorist-attack-in-a-generation-leaves-12-dead.html.

[12] https://www.washingtonpost.com/world/europe/charlie-hebdos-most-controversial-content-revolved -around-islam/2015/01/07/688782d6-72bd-4328-9215-4c893e22ec0a_story.html?utm_term=.59507b2e5ac4

отворено. Случај од ваков вид е тешко да се категоризира, бидејќи иако е криминал направен од омраза, ова набргу стана и безбедносно прашање.

По нападот на Шарли Ебдо меѓународната заедница брзо се состана на улиците на Париз и тоа беше настан кој го следеше поголемиот дел од светот, а пораките на поддршка но и осуда за нападот, го окарактеризираа овој чин како напад врз слободата на изразување. Германската канцеларка Ангела Меркел изјави дека тоа не бил напад само врз француските граѓани, туку и врз "слободата на печатот и говорот", додека тогашниот британски премиер Дејвид Камерон го осуди нападот со зборовите: „Убиствата во Париз се болни. Стоиме со францускиот народ во борбата против тероризмот и одбраната на слободата на печатот“.[13] Меѓутоа, среде шокот од терористичкиот напад, се појавија гласови на критика, кои дејствувањето на Шарли Ебдо го поистоветија со институтот говор на омраза. Во таа смисла, сатиричарот Гери Трудо изјави дека „слободата секогаш треба да се дискутира во рамки на контекстот на одговорноста. Во даден момент, апсолутизмот на слободата на изразување станува незрел и несериозен.“ [14] Во случајот на Шарли Ебдо се препознаваат неколку компоненти кои се важни за теоретска и практична елаборација, а кон прашањето за човекови права го претвора и во прашање од безбедносна сфера.

Во таа смисла, се повикуваме на судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧР) кој јасно го дефинира опсегот на слободата на изразување: „Слободата на изразувањето (...) се применува не само за информаци или идеи кои се позитивно примени или се сметаат за навредливи или индиферентни, туку и на оние кои навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било сектор на населението“.[15] Во обид да се дефинира институтот говор на омраза, неопходно е да се анализира штетата која може да ја предизвика, особено бидејќи има потенцијал да ја поткопа нееднаквоста помеѓу луѓето, но и да предизвика криминал од омраза.[16] Доколку на овој начин се поставаат карактеристиките на говорот на омраза, тогаш дилемата е како во случајот на Шарли Ебдо,

---

[13] https://www.slobodnaevropa.mk/a/26781504.html

[14] Jesse Walker, Garry Trudeau on *Charlie Hebdo*: 'At Some Point Free Expression Absolutism Becomes Childish and Unserious, *Reason*, 12 April 2015, https://reason.com/blog/2015/04/12/garry-trudeau-on-charlie-hebdo/print.

[15] Михајлова Елена, Јасна Бачовска и Томе Шеќерџиев, op. cit. стр. 14

[16] Ибид, стр. 34.

слободата на изразување предизвика штета која може да ја предизвика само говорот на омраза? Сржта на либералната демократија е токму слободата на изразување и таа има огромно значење за едно општество како и за секој човек посебно, но се соочува со граници, а единствена прифатлива граница според Рафаел Коен-Алмагор (Raphael Cohen-Almagor) е поттикот или подбуцнувањето. Според него, заблудата на либералната демократија е строгото верување во универзализмот и заедничките универзални вредности кои не претставуваат основа на сите општества, токму поради фактот дека некои култури не ја прифаќаат либералната демократија како начин на живот. Различните култури во светот прифаќаат и поддржуваат различни принципи, но има и такви кои не поддржуваат автономија, индивидуализам, плурализам; постојат општества кои различно го доживуваат степенот на отвореност, особено слободата на изразување, иако може да содржи навредливи елементи.[17] Иако, слободата на изразување претставува дел од т.н. прва генерација на човекови права, заклучуваме дека секое општество различно го прифаќа опсегот на човекови права, одн. секоја држава е потписник на различни меѓународни документи за ратификација и практикување на човековите права, па така и секој поединец различно го чувствува правото кое всушност му припаѓа (и му е доделено) од првиот ден на неговиот живот. Леснотијата со која слободата на изразување може да биде злоупотребена и да премине во навредлив говор и говор на омраза е можеби причината поради која е потешко да се дефинира ова фундаментално право, да се направи јасна дистинкција и да се ограничи неговиот опсег. Говорот на омраза подразбира суштинско непочитување на другиот, непочитување врз основа на неговиот конкретен културен идентитет (...) лицето се чувствува "непризнаено" или погрешно признаено како припадник на конкретна група.[18] Имајќи ја предвид оваа дефиниција, провокативните содржини во сатиричното списание Шарли Ебдо, навредиле конкретна група на религиска основа поттикнувајќи омраза, нетолеранција и насилство.

Границата помеѓу навредливиот говор и говорот на омраза е тенка, па токму затоа клучно е да умееме да препознаеме дали станува збор за говор на омраза, навреда или поттикнување, што претставува граница до каде може да се протега слободата на изразување,

[17] Raphael Cohen-Almagor, op. cit. стр. 2.
[18] Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културната различност", Темплум, Скопје, стр. 109

барем според очекувањата на либералната демократија. Говорот на омраза и другите, помалку екстремни облици на понижувачки и навредлив јазик е глобален проблем кој е распространет ширум светот па така и во нашата држава. Тоа е појава со загрижувачка тенденција која е особено присутна и во политичкиот дискурс како и во социјалниот свет на интернетот.[19]

## 1.3. Хипотетска рамка на истражувањето

Општата хипотеза од која тргнува ова истражување гласи:

Концептот на говор на омраза е повеќезначаен и неговото разбирање зависи од општествениот и културниот контекст во кој се манифестира ваквиот говор. Од генералната хипотеза, се манифестираат неколку посебни хипотези кои ќе се обидеме да ги потврдиме преку ова истражување.

- Слободата на изразувањето не е апсолутна;
- Слободата на изразувањето го вклучува и правото на користење навредлив говор;
- Границата помеѓу навредливлиот говор и говорот на омраза е тенка и зависи од културните особености на конкретното општество;
- Јасната линија на практичното и правно разграничување помеѓу слободата на навредлив говор и говорот на омраза придонесува за избегнување на национални, етнички или верски тензии;
- Слободата на изразување може да се трансформира во извор на безбедносни закани во случај кога наводната навреда, за, на пример, верските чувства се злоупотребува како оправдување за употреба на насилство и тероризам;
- Поистоветувањето на сатирата и навредливиот говор, како оној во случајот на Шарли Ебдо, со говор на омраза, може да биде пледоаје за легитимација за употреба на насилство како одговор на оние со повредени чувства;

Како индикатори ќе бидат користени сознанија добиени по пат на анализа на содржина на националните легислативи и практика во врска со случаите на говор на омраза, конвенции

[19] Види повеќе: https://www.coe.int/en/web/no-hate-campaign

и официјални извештаи од национални и меѓународни институции, јуриспруденцијата на ЕСЧП, научна литература од областа, како и анализа на сатиричните и контроверзни карикатури и насловни страници на списанието Шарли Ебдо и конкретните реакции спрема истите.

## 2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. Истражувачки прашања

Истражувачкиот зафат на овој труд се фокусира да одговори на неколку централни истражувачки прашања, од кои ги наведуваме само најважните:

1) Каква е еволуцијата на значењето и статусот на слободата на изразување во системот на меѓународното право на човекови права?

2) Како се врши разграничување на слободата на изразување од говорот на омраза?

3) Каква е јурисдикцијата на ЕСЧП во поглед на говорот на омраза и слободата на изразување која вклучува и навредување?

4) Какви контроверзии предизвика случајот на сатиричното француско списание Шарли Ебдо во поглед на дебатата за слободата на изразување, бласфемијата и навредите по верска основа?

5) Кои се научените лекции и последиците од терористичкиот напад врз редакцијата на Шарли Ебдо во 2015 година?

### 2.2. Дефинирање на целта

Научната цел на ова истражување е теориско определување на неколку блиски концепти од филозофијата и теоријата на човековите права воопшто, а особено низ призмата на меѓународното право на човековите права. Тука во прв ред мислиме на дефинирање на значењето и карактеристиките на слободата на изразувањето, слободата да се користи навредлив говор и неговите граници, како и што е говор на омраза со посебен акцент на оној врз верска основа. И најповршен преглед врз доминантната научна литература и бројни емпириски примери покажува дека речиси е невозможно да се одбере една универзална дефиниција за наведените поими, бидејќи дефинициите не зависат само од

теоретските стојалишта, туку и од културниот и историски контекст во кој се определуваат. За таа цел, како клучен "барометар" ги користиме меѓународноправните инструменти со посебен акцент на европските, кои создаваат општоприфатена основа од која понатаму се евалуираат примерите низ практиката. Случајот на сатиричниот, па и навредлив говор на списанието Шарли Ебдо е земен како студија на случај, поради неговите силни ефекти врз стручната, научната, но и јавната дебата за сите овие прашања. Во таа смисла, една од теоретските цели е и давање начелен одговор дали сатирата, бласфемијата и навредливиот говор на верска основа можат да се (зло)употребат за оправдување на физичкото насилство врз оние кои ја користат широко сфатената слобода на изразување.

## 3. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето главно се потпира на примена на квалитативна стратегија со индуктивен пристап. Квалитативната анализа на содржина се фокусира на текстуални и на други визуелни содржини со цел да ја открие ефикасноста на постојните национални и меѓународноправни инструменти кои ги релулираат слободата на изразување, правото на користење навредлив говор, како и на ограничување и елиминирање на говор на омраза. Ваквата методолошка техника ја користиме во опсервирање и евалуација на содржината и информациите добиени од пишани документи и други материјали за да дојдеме до одговори на истражувачките прашања. Тоа се прашањата кои имаат за цел утврдување на степенот во кој постојната правна регулатива во поглед на заштитата на слободата на изразувањето истовремено влијае на елиминирање на нејзината злоупотреба во вид на говор на омраза. Во истражувањето користиме и компаративна анализа на европската регулатива и практика во областа на говорот на омраза, а правиме и критичен преглед на клучните меѓународни научни студии и истражувања за говорот на омраза, како и институционална анализа на постојните механизами за сузбивање на говорот на омраза.

Во вториот дел на истражувањето употребуваме студија на случај, односно ги аплицираме концептите на слобода на изразување, право на користење навредлив говор и идентификација на говор на омраза врз медиумските производи на сатиричниот

француски магазин Шарли Ебдо. Ваквиот методолошки пристап ни овозможи истражување и контекстуализирање на еден конкретен пример од земја членка на Европската унија, во која токму она што се смета за навредлив говор, бласфемија. или дури и говор на омраза доведе до сериозна безбедносна криза и криза на демократијата (со воведување вонредна состојба). Избраниот случај и натаму предизвикува несогласувања околу тенката линија на правото на користење навредлив говор на верска основа и говорот на омраза, прашањето на културниот релативизам на човековите права во глобализиран свет и во ера на глобална војна против тероризмот.

Иако истражувањето е претежно теоретско и засновано врз пишани материјали (други истражувачки постапки не се можни со оглед на низа објективни и субјективни пречки), сепак е важно да се сфати принципот на селектирање на текстовите кои што се анализираат. Имено, во однос на правните аспекти на регулирањето на слободата на изразување и говорот на омраза ги идентификувавме клучните правни инструменти од современото меѓународно право, а особено меѓународното право на човековите права.

# II ТЕОРИСКА РАМКА: СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ, ГОВОР НА ОМРАЗА И НАВРЕДЛИВ ГОВОР

## 1. Однос на слободата на изразување и говорот на омраза

Која е границата меѓу слободата на изразувањето и говорот на омраза. Каде престанува слободата на изразувањето, а каде почнува говорот на омраза. Што е и што не е говор на омраза и колку далеку може да се оди со рестриктивни мерки против говорот на омраза, а притоа да не се навлегува во слободата на изразување како едно од темелните човекови права. Тоа се прашањата кои се од суштинско значења за препознавањето на говорот на омразата заради изнаоѓање адекватни мерки што можат да бидат прилагодени и делотворни за борба против истиот. Станува збор за разграничување кое е особено потр- ебно и оттаму што постои говор на омраза кој претставува вкалкулирана и системска употреба на лаги заради остварување на политички и други цели или заради создавање страв, омраза и насилство меѓу популацијата како целина, а постои и говор на омраза кој е примитивен и навредлив, но кој сепак не заслужува кривична санкција, туку друг вид на општествено неодобрување.

Постои неподелен општ став дека спротивставувањето на говорот на омраза не смее да влијае на слободата на говорот и дека за таа цел мора да се прават внимателни усилби да се разликува од говорот што е само невкусен или навредлив. Тоа, меѓутоа, ни оддалеку не значи дека постојат и идентични ставови околу средствата и начинот на кој таквиот говор може да се идентификува. Не навлегувајќи во подлабоки теоретски и вредносни оценки во врска со различните пристапи на овој значаен проблем, во овој труд се определивме кон ставање акцент врз изнаоѓањето на прагматични решенија кои нудат поедноставен излез од истиот. Поинаку кажано, наш став е дека во разрешувањето на односот на слободата на изразувањето, навредливиот говор и говорот на омраза мора да се тргне од конкретни индикатори што веќе неспорно ги идентификувала реалноста.

Во таа смисла, професорот Бенеш (Benesch) разви рамка за идентификување кога говорот престанува да биде само навредлив и станува опасен. За да се случи таа ескалација, според

него, мора да бидат исполнети два од следниве пет фактори: 1) Да се работи за моќен говор со висок степен на влијание врз публиката. 2) Кај публиката да постојат поплаки и страв што говорникот може да ги развие. 3) Говорот јасно да е разбран како повик за насилство. 4) Да постои социјален или историски контекст кој е поволен за насилство од кои и да било причини, вклучително на долготрајна конкуренција помеѓу групи за ресурси, недостаток на напори за решавање на поплаки или претходни епизоди на насилство. 5) Да постои средство за десиминација (ширење, распространување) кое само по себе е влијателно, на пример, бидејќи тоа е единствен или основен извор на вести за релевантната публика.[20]

Ваквите и слични укажувања несомнено треба да се поддржат зашто претставуваат добра почетна основа за избегнување на повеќесмислени толкувања во оваа исклучително суптилна област. Меѓутоа тоа не значи дека за практично препознавање на говорот на омраза нема и други аспекти за разрешување. Од тие причини во наредните редови нужно е накратко да се задржиме и на проблемот на разграничување на идеолошките, политичките и критичките ставови во врска со говорот на омраза и на прецизирање на овој институт.

[20] Види повеќе: https://impakter.com/hurt-feelings-real-danger-hate-speech/

## 2. ИДЕОЛОШКИ, ПОЛИТИЧКИ И КРИТИЧКИ СТАВОВИ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Говорот на омраза честопати се меша со терминот идеолошки и политички став или мислење. Оттаму, идеолошкиот или политичкиот став се прогласува за говор на омраза и кога тоа всушност не е. Идеолошки и политички различен став во либералното демократско општество е еден од основните постулати на демократијата, под услов тој став да не подразбира дискриминација и повикување на насилство поради одредени својства на личноста или припаѓање на група. Одделни идеолошки ставови, особено оние кои може да се наречат конзервативни, честопати не се говор на омраза.

Расправиите во кои се застапени идеолошки ставови во врска со укинувањето на правото на абортус или за правата на лицата припадници на определена националност или етничко малцинство, или на припадниците на определен пол или одредена сексуална ориентација се сосема легитимни во демократското општество, но само под услов со нив да не се поттикнува омраза, нетолеранција, агресивен национализам или етноцентризам, да не се глорифицираат злосторства или супериорност над раса или нација, или негираат воени злосторства, геноцид или спомени на лица кои го загубиле својот живот во такви настани.

Причината за тоа е што идеологија заснована врз повикување на омраза, насилство или дискриминација како и закана, идеологија за супериорност, односно инфериорност врз основа на раса, јазик, боја на кожа, религија, националност или етничко потекло, идеологии засновани врз јавно негирање, омаловажување, оправдување на геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства или такви чија цел е јавно дистрибуирање на сите видови расистички материјали и создавање на расистички групи, не претставуваат постулати на демократско општество, па во таа смисла секоја држава мора да постави делотворна рамка со цел таквите идеологии да бидат забранети.

Слично може да се заклучи и за политичкиот став. Колку и да можат политичките кампањи да бидат валкани и засновани врз навредливи зборови, тие најчесто во

демократското општество спаѓаат во кругот на легитимни расправии, освен во случај кога со нив се загрозуваат основните постулати, како на пример, забрана на дискриминацијата, расизмот или ксенофобијата, глорификување на геноцидот или злосторствата, супериорноста или инфериорноста поради припадност на одредена раса, религија, националност или етничка припадност итн.

И најпосле, кога станува збор за критичкиот став кон власта, како и кон политичките партии и јавни личности, и тој е дозволен доколку во него нема препознатлив мотив за говор на омраза.[21]

## 3. ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ПОИМОТ ГОВОР НА ОМРАЗА

Од претходно наведеното, сметаме дека може да се извлече следнава дефиниција на говорот на омраза, која ја користиме како најприфатлива ва овој труд: *Говор на омраза претставува секоја форма на изразување со која се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам, или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучително и нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам, етноцентризам и непријателство против малцинствата, мигрантите и лица со различно потекло, како и насилство и дискриминација врз лице или општествени групи (поради нивната раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверавање) или поттикнување на вршење на такви злосторства, изнесување или пренесување на идеи за супериорноста или потчинетоста на една општествена група или нејзините припадници, користење на поздрав, истакнување на симболи односно употребување средства кои можат да предизвикаат нарушување на јавниот ред и мир а кои поттикнуваат омраза кон општествени групи и нејзините припадници и испишување пораки или симболи со дискриминаторна содржина на јавни места.*

[21] Komitet pravnika za ljudska prava YUKOM, Govor mrznje i zlocin mrznje kao instituti megunarodnog i domaceg prava, Beograd, 2007, str. 7.

И покрај тоа што во светот не постои единствена обврзувачка дефиниција на говорот на омраза, клучни елементи што можат да се извлечат од меѓународните и домашните дефиниции на говорот на омраза се следниве:

1. Говорот на омраза е јавен говор, изречен во јавниот простор или проширен во јавниот простор по пат на медиуми, социјални платформи или општествени мрежи.
2. Говорот на омраза е секоја форма на изразување која има за цел да нападне, оцрни, обезвредни, дехуманизара, демонизира, обесправи, да заплаши одредено лице или група, а најчесто припадник/ци на малцински групи кои живеат во некое општество или други групи кои заради својата економска или социјална состојба се подложни на дискриминација или маргинализација. Притоа, под "секоја форма на изразување" покрај директниот говор се подразбира и јавно користење на музика, видеа, навредувачки симболи, графити, плакати, летоци, слики, мемиња[22], карикатури и нивно прикажување во јавни обраќања, настапи, паради, протести и сл.

Од овој како и од претходниот елемент произлегува дека говорот на омраза го означува оној вид на говор во јавниот простор, кој штети на човековите права на различни групи на луѓе и придонесува кон нивна исклученост и дискриминација.

3. Лицето или групата кои се изложени на говор на омраза мора да бидат препознатливи според некоја т.н. заштитена карактеристика поради која се изложени на таков говор. Пописот на тие заштитени карактеристики во контекст на нашето законодавство, како што може да се види во глава III, сега јасно го определува чл. 122 ст. 42 од КЗ. Во тој попис ги нема заштитните катактеристики од чл. 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен

[22] Мемињата или медиумските вируси, наједноставно кажано се копирани информации или идеи и верувања кои се дистрибуираат преку социјалните мрежи претежно во форма на фотографии, видеа или само текст, дополнети со шеги и саркастични коментари. Клучна компонента на концептот меме е дека информациите се способни да се самореализираат и за возврат, подлежат на една природна селекција слична како кај биолошките гени и вируси.

статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

## III МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНА И НАЦИОНАЛНА РЕГУЛАТИВА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

### 1. МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ

#### 1.1. Обединети нации

**Повелбата на Обединетите нации** е усвоена во 1945 година, а во чл. 55 т. (ц) ги обврзува сите членки на „почитување на човековите права без разлика на раса, пол, јазик, или вера.“ [23]

**Универзалната декларација за човекови права** на ОН од 1948 година, во чл. 1 и 2 на сите луѓе им гарантира слобода и еднаквост во достоинството и правата, без оглед на „каква било разлика како што се расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичко или некое друго определување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање или некоја друга положба.“ Според чл. 19 од Универзалната декларација „секој има право на слобода на мислење и изразување, што вклучува и право да не биде вознемируван поради своето мислење, како и право да бара, прима и шири информации и идеи преку кое и да е средство и без оглед на границите“. [24]

Според чл. 18 ст. 1 од **Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права** од 1966 година, „Секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповест“, а во чл. 19 од Пактот, се истакнува дека:

„1. Никој не може да биде вознемируван поради своите мислења.

2. Секој има право на слобода на изразување. Тоа право подразбира слобода да се бараат, добиваат и шират известувања и идеи од секаков вид, без оглед на границите, усмено,

[23] Повелба на Обединетите нации и Статут на Меѓународниот суд за правда (Charter of the United Nation and Statute of the International Court of Justice), Сан Франциско, од 26.07.1945, прифатена на 08.04.1993.

[24] Универзална декларација за правата на човекот (Universal Declaration of Human Rights), усвоена со Резолуција на Генералното собрание 217А (III) од 10.12.1948.

писмено, преку печат или во уметнички облик или преку кое и да е средство по сопствен избор.
3. Вршењето на правата предвидени во ставот 2 на овој член повлекуваат посебни должности и одговорности. Оттаму, тоа може да се стави под некои ограничувања, но тие мора да бидат утврдени со закон и да бидат потребни за: а) почитување на правата и угледот на другите, б) за заштита на државната безбедност или јавниот поредок, или јавното здравје или моралот."

Според чл. 20 ст. 2 од Пактот, „Со закон ќе се забрани секакво заговарање на национална, расна или верска омраза кои претставуват поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство. Во Општиот коментар бр. 11, кој се однесува на чл. 20 на Пактот, дополнителното се појаснува дека чл. 20 може целосно да влезе во сила само ако постои (национален) закон од кој е очигледно дека се опишани пропаганди и заговарања, во спротивност со јавната политика и ако постојат прикладни мерки за санкционирање во случај на кршење на тој закон.[25]

Во **Меѓународната конвенција за укинување на сите облици на расна дискриминација** од 1965 г., меѓу останатото е утврдено дека: „Државите членки осудуваат секаква пропаганда и сите организации кои се раководат од идеи или теории засновани врз супериорност на некоја раса или група на лица од извесна боја или извесно етничко потекло, или кои сакаат да оправдаат или поддржат секаков облик на расна омраза и дискриминација." Тие се обврзуваат без одложување да усвојат позитивни мерки кои имаат за цел да укинат секакво поттикнување на таква дискриминација, или на секое дело на дискриминација и особено се обврзуваат кон следново: 1) да го утврдат како кривично дело секое ширење на идеи засновани врз супериорност или расна омраза, секое поттикнување на расна дискриминација, како и сите дела на насилство, или поттикнувања на такви насилства насочени против сите раси или помош на расистички активности,

[25] Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (International Covenant on Civil and Political Rights). Усвоен со Резолуција на Генералното собрание 2200 A (XXI) на 16.12.1966. Во сила на 23.03.1976 во согласност со чл. 49; Ратификуван од СФРЈ на 30.11.1971 („С.Л. СФРЈ" 7/1971). Пристапено на 18.01.1994; Во сила за РМ на 17.11.1991; Факултативен протокол кон Меѓународен пакт за граѓански и политички права (Optional Protocol to the International Covenant in Civil and Political Rights); Усвоена на 16.12.1966; Пристапено на 02.01.1994; Во сила на 17.11.1991 („С.Л. СФРЈ" 7/1971).

подразбирајќи и нивно финансирање. 2) да изјават дека се незаконити и да ги забранат организациите и активностите на организирана пропаганда или секој друг вид на пропагандни активности кои поттикнуваат на расна дискриминација и кои ја помагаат, како и да изјават дека учеството во овие организации или нивните активности е кривично дело и 3) да не им дозволат на јавните власти ниту на јавните национални или локални установи да поттикнуваат на расна дискриминација или да ја опомагаат. Во склоп на позитивните антидискриминаторни мерки, државите членки мораат по пат на суд и други државни институции да им обезбедат надомест на лицата кои се оштетени од расна дискри-инација (чл. 6), додека образовните, информативните и културните институции треба да преземат мерки за борба против предрасудите и да промовираат разбирање, толеранција и пријателство меѓу народите, расите и етничките групи (чл. 7)[26]. Овие мерки подробно се разработени во Декларацијата за расите и расните предрасуди на УНЕСКО од 1978 г.

Покрај овие документи кои имаат обврзувачка правна сила за сите држави кои ги ратификувале, во Република Македонија постојат и други документи на ОН со различна правна сила кои се однесуваат на спречување на дискриминација, како на пр.: Конвенција за укинување на сите облици на дискриминација на жените,[27] Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства,[28] Конвенција против дискриминација во образованието,[29] Декларација за укинување на сите облици на нетолеранција и дискриминација во образованието, Декларација за укинување на сите облици на нетолеранција и

[26] Меѓународна конвенција за укинување на сите облици на расна дискриминација (International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination). Усвоена со Резолуција 2106 A (XX) од 21.12.1965; Во сила на 04.01.1969; Ратификувана од СФРЈ на 12.07.1967 („С.Л. СФРЈ“ 6/1967 и 31/1967); Пристапено на 18.01.1994; Во сила за РМ од 17.11.1991; Амандман на членот 8 кон Меѓународна конвенција за укинување на сите облици на расна дискриминација (Њујорк), 15.01.1992; Република Македонија не е членка на Амандманот.

[27] Конвенција за укинување на сите форми на дискриминација врз жените (Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination Against Women). Усвоена на 18.12.1979 г. Во сила на 03.09.1981 г. Ратификувана од СФРЈ во 1981 („С.Л. СФРЈ“ 11/1981). Пристапено на 18.01.1994 г. Во сила за РМ од 17.11.1991 („С.Л. СФРЈ“ 11/1981), *Амандман на членот 20, став 1* (22 мај 1995 г) *Факултативен Протокол* (06.10.1999).

[28] Рамковна Конвенција за заштита на националните малцинства ETC 157 (Framework Convention for the Protection of Natural Minorites). Усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа на 10.10.1994 ("Сл. весник на РМ," 11/1997). Во сила на 19.03.1997г.

[29] Конвенција против дискриминација во образованието (Convention Against Discrimination in Education). Усвоена на 14.12.1960 г. на Општата конференција на УНЕСКО, влегла во сила на 22.05.1962 г. во согласност со одредбите од чл. 14. Ратификувана од СФРЈ на 09.01.1963г.

дискриминација врз основа на религијата или верата, Принципите на ОН за постарите лица, Декларација за правата на ментално-заостанатите лица, Декларација за инвалидите, Конценција за положба на бегалците[30] итн.

## 1.2. Совет на Европа

Говорот на омраза и другите, помалку екстремни облици на понижувачки и навредлив јазик е глобален проблем кој е распространет како во нашата држава така и во Европа. Советот на Европа[31] разви сеопфатен распон на стандарди и мерки за сузбивање на говорот кој шири, поттикнува, или оправдува омраза, нетолеранција, дискриминација и непријателство, а на секого му гарантира право на слобода на изразување. Свесни за широкиот опсег на ова право, националните власти водени од европските стандарди и судската практика на ЕСЧП, ја ограничуваат криминализацијата само на најстрашните изрази на говор на омраза, негувајќи општество каде што различните погледи и мислења можат да постојат, дури и кога навредуваат, шокираат или попречуваат. Меѓутоа, таа толеранција не е без ограничувања, бидејќи дискурсот на ширење на омраза може да ги подрие темелите на општеството и да доведе до длабоки поделби. Појавата на дигиталната технологија и општествените медиуми донесе нови комуникациски алатки, кои овоможија реториката на говорот на омраза да се шири со непредвидлива брзина, количество и досег.

[30] Овде потсетуваме за иницијатива на ОН, на Конференција во Женева од 1951 г., кога е усвоена Конвенцијата за положбата на бегалците, која влезе во сила во 1954. Со оглед на тоа што оваа конвенција се однесуваше само на бегалците кои таков статус стекнале пред 1951 година, во 1967 е донесен Протокол со кој е проширена Конвенцијата, односно со меѓународноправна заштита се опфатени сите постојни и идни бегалци. Со цел да се олесни положбата на бегалците во 1951 год од страна на ОН е формиран Високиот комесаријат за бегалци со задача да им дава меѓународна заштита и помош на владите на чија територија се наоѓаат бегалци. Високиот комесаријат е привремена институција, меѓутоа неговиот мандат постојано се продолжува.

[31] Советот на Европа е формиран во 1949 г., а неговите цели се: поттикнување на поголемо единство на неговите членови за обезбедување и реализација на идеите и принципите што се заедничко наследство на нивните народи и тоа: правата и слободите на човекот и владеењето на правото како начела кои ја градат основата на секоја вистинска демократија како и во олеснувањето на нивниот економски и социјален развој. Органи на Советот на Европа се: 1. Комитет на министри, кој го сочинуваат министрите за надворешни работи од сите држави-членки, 2. Советодавно (парламентарно) собрание, кое го сочинуваат претставници непосредно избрани или именувани од парламентите на државите-членки, и 3. Секретаријат. Други институции се: Конгрес на општините и регионите на Европа, ЕСЧП и Комесарот за човекови права.

Според чл. 10 **од Европска конвеција за заштита на човековите права и основните слободи** од 1950 година,

„1. Секој има слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување на информации или идеи, без попречување од страна на некој јавен орган и без оглед на границите. *Овој член не ги спречува државите, препријатијата за радио, филм и телевизија да ги подложуваат на режим на дозволи за работа.*[32]

2. Со оглед на тоа што остварувањето на овие слободи со себе носи обврски и одговорности, може да биде подложено на бројни формалности, услови, ограничувања и санкции предидени со закон, кои во демократското општество претставуваат неопходни мерки во интерес на државната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, спречувањето на нереди или кривични дела, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, спречувањето ширење на доверливи информации или во интерес на зачувувањето на авторитетот и непристрасноста на правосудството.“[33]

Членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи го гарантира правото на слобода на изразување како право во кое се поместени: 1. правото на слободно мислење,[34] 2. правото на примање информации и идеи

[32] Судот објави дека целта на оваа реченица е: "да разјасни дека на државите им е дозволено, преку систем на лиценци да го регулираат начинот на кој е организирана радиодифузијата на нејзината територија, особено во нејзините технички аспекти (...) Техничките аспекти несомнено се важни, но доделувањето или одбивањето на лиценца може исто така да биде условено од други причини, вклучително и прашања како што се природата и целите на предложената станица, нејзината потенцијална публика и национално, регионално или локално ниво, правата и потребите на специфичната публика и обврските изведени од меѓународните правни инструменти. Тоа може да води кон попречувања чии цели ќе бидат легитимни според оваа реченица, иако тие не соодветствуваат со ниту една од целите утврдени во став 2. Компатибилноста на таквите попречувања сепак мора да биде проценета во светлината на останатите услови од став 2." Касационо право (...) стр. 34.

[33] Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи ETC 005 (Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms); Усвноена на 04.11.1950; Во сила на 03.09.1053 („Сл. Весник“ 1997/11). Во сила за РМ на 19.03.11997.

[34] Наш став е дека правото на слобода на мислење кое е поместено во Европската конвенција и оттаму како несреќна формулација и во Уставот на Република Македонија е чиста декларација, гол политички памфлет и оттаму е nudum ius. Покрај тоа издвојувањето на оваа слобода како посебно право, исто така нема каква и да е логика, зашто мислењето на човекот е нешто што останува во неговиот ум, и

3. правото на соопштување информации и 4. правото претходно наведените права да се уживаат и практикуваат без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Ова право е право само по себе, но и претпоставка или составен дел на другите права заштитени со Конвенцијата, како на пр.: на слободата на здружување. Слободата на изразување, истовремено може да е спротивна на други права заштитени со Конвенцијата, како на правото на праведно судење, на почитување на приватниот живот, на совеста и религијата. Во случај на таква спротивност, Судот за човекови права воспоставува рамнотежа со цел да се постигне првенство на едното кон другото право.[35]

Самиот член 10 од Конвенцијата содржи два става, од кои со првиот се дефинираат слободите што се штитат, а со вториот, се утврдуваат околностите во кои некоја држава може легитимно да го попречи правото на користење на слободата на изразување.

Заштитата која се дава со членот 10, а став 1 од Конвенцијата се однесува на какво и да е изразување, без оглед на неговата содржина (политичка, комерцијална, уметничка), начинот на кој е пренесено (од лице, група или на каков бил начин, од кој и да е вид на медиум) и без оглед корисниците на кои е упатено (возрасни лица или деца, на цела или на ограничена јавност). Изразувањето се однесува не само на говор (изречени или пишани зборови), туку и на слики, замисли и дејствија наменети да изразат определена идеја или да презентираат одредени информации. Во одредени околности и облеката може да претставува изразување во смисла на наведената одредба.

---

доколку не е изразено (а тоа е веќе нешто друго) е нонсенс. Имено, нема никаква смисла во тврдењата на Маковеи и други, од типот дека „државите не смеат да се обидуваат да ги индоктринираат своите граѓани и дека не треба да им се дозволи да прават разлики меѓу лицата кои имаат едно или друго мислење (!?)". Слободата на мислење нема свое оправдување ниту во негативната форма: "Слободата на свое мислење содржи и негативна слобода за неможност од присилба за искажување за сопственото мислење (*Vogt против Германија*, 1995)," оттаму што ова право во целост е задоволено со прокламирањето дека слободата на изразување содржи и негативна слобода – да не се зборува. Macovei, M. Слобода на изразување, Directorate General of Human Rights, Council of Europe, Strasbourg Cedex, 2001, стр. 10. Накратко, ние сметаме дека слободата на мислата не подразбира слобода на поединецот да мисли што сака без тоа да му го пренесува на друг според начелото дека никој не може да се повика на одговорност за неговите тајни мисли (cogitationis poenam nemo patitur), туку само нужно вклучување на слободата на изразување на мислата на демократското општество.

[35] Macovei, Monica: Слобода на изразување, Directorate General of Human Rights, Council of Europe, Strasbourg Cedex, 2001. стр. 7.

[36] Види: Касационо право во врска со чл. 10 од Европската конвенцијата за човекови права, „Четириесет години касационо право 1959-1999", Директорат за човекови права, Стразбург, 1999, стр. 66 и

Заштитата поаѓа од толеранцијата на индивидуалните гледишта како важна компонента на демократскиот систем, дури и тогаш кога таквото изразување претставува шок за мнозинството. Во таа смисла, Судот изјави дека чл. 10 ги штити не само "информациите и идеите кои се примаат со наклонетост или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат."[36]

Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, е основниот документ на Советот на Европа со кој се забранува дискриминацијата. Член 14 од Европската конвенција предвидува дека "уживањето на правата и слободите предвидени во оваа конвенција се обезбедува без дискриминација по која било основа, како што се пол, раса, боја на кожата, јазик, вероисповед, политичко и друго мислење, национално и социјално потекло, врска со некое национално малцинство, имотна состојба или друга положба". Со Протоколот 12 на Европската конвенција усвоен во 2000 година, членките дополнително ја потврдија потребата од "сеопшта забрана на дискриминација", а особено од страна на јавните власти. Република Македонија ја ратификуваше Европската конвенција и Протоколот и тие станаа составен дел на нашиот внатрешен правен поредок.

Но, слободата на изразување и информирање не е апсолутна според Европската конвенција за заштита на правата и основните слободи. Нејзините ограничувања се предвидени со одредбата од чл. 10 ст. 2 од Конвенцијата и истите можат да се поделат на три категории:

- оние што се наменети за заштита на јавниот интерес (национална безбедност, територијален интегритет, јавна сигурност, превенција на нереди или криминал, заштита на здравјето или моралот),

- оние што се наменети за заштита на други индивидуални права (заштита на угледот или правата на други, превенција од откривање на информации примени како доверливи), и

---

Macovei, M. op. cit, стр. 9.

- оние што се неопходни за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството.
Од чл. 10 ст. 2 на Конвенцијата во контекст на чл. 17, произлегува дека сите ограничувања, услови, лимити или други форми на попречување на слободата на изразување може да се применуваат само за одредено користење на оваа слобода. Никогаш не смее да се допре до содржината на правото на слобода на изразување, зошто ограничувањето на едно право е слично на уништување на истото.

Од националните органи, исто така, не се бара да го попречуваат користењето на правото на слобода на изразување секогаш кога станува збор за еден од основите наведени во ст. 2, зашто би довело до ограничување на содржината на ова право. На пример, на штета на нечиј углед или чест не смее да се гледа како на кривично дело и/или основа за граѓанска оштета во сите случаи. Слично на тоа, јавното изразување што го разликува авторитетот на судството не смее да се казнува секогаш кога ќе се појави таква критика. Со други зборови, јавните органи имаат само можност, а не обврска, да наложат, и/или спроведат рестриктивни или казнени мерки за користење на правото на слобода. Еден поинаков пристап би довел до хиерархија на права и вредности или интереси, што ќе ја постави слободата на изразување на дното од списокот, на пр.: после правото на достоинство и чест, морал или јавен ред. Или пак, таквата хиерархија би била спротивна на сите меѓународни спогодби кои обезбедуваат еднаквост на правата и не дозволуваат постојани ограничувања врз користењето на одредено право, бидејќи тоа би било слично на негирање на тоа право.[37]

Опфатот на можното попречување (формалности, услови, ограничувања или казни) во користењето на правото на изразување е многу широк и нема претходно воспоставени граници. Таквото попречување може да биде во форма на: кривични пресуди (со парична или затворска казна),[38] судски налози за плаќање цивилна отштета[39] забрана за

[37] Macovei, M. op. cit, стр. 17-18.
[38] Види: *Tolstoy Miloslavsky против Обединетото Кралство (1995), Lingens против Австрија (1986)* и *Dublan против Романија (1999*). Macovei, M. op. cit, стр. 21-22 и 49-51. Дури и кога кривичните санкции се состојат во релативно мали парични казни, Судот расправаше против нив, зошто можат да имаат улога на имплицитна цензура. Во повеќето случаи каде новинарите биле казенти со парична казна, Судот, како во случајот *Castells против Шпанија (1992)*, сметаше дека: „иако казната наметната врз авторот прецизно кажано не го спречила да се искаже, сепак претставуваше еден вид цензура, која најверојатно ќе го обесхрабри повторно да дава такви критики во иднина“. Macovei, M. op. cit, стр. 44-46.

публикување,[40] конфискување на публикации или други средства преку кое се изразува некое мислење или се пренесува информација,[41] одбивање на издавање лиценца за радиодифузна дејност, забрана за вршење професија новинар, налог на судовите или други органи за откривање на новинарските извори и/или наметнување санкции ако тоа не се прави.[42] Под одредени околности и забраната на рекламирање може да биде попречување на слободата на изразување.[43] Исто така, откривањето на новинарските извори и документи, како и изрекувањето санкции за истото да биде направено е попречување на слободата на изразување[44].

Претрес на простории на печатени материјали или на радиодифузна организација е друга форма на попречување на слободата на печатот. Притоа, мора да се нагласи дека од сите попречувања, цензурата пред публикување, ЕСЧП ја подразбира за најопасна, зашто со неа се прекинува преносот на информации и идеи.

Инаку, според чл. 10 ст. 2 од Конвенцијата, домашните органи може да го попречуваат користењето на слободата на изразување ако кумулативно се исполнети следниве три услови:

[39] Види: *Muller и други против Швајцарија (1988),* Macovei, M. op. cit, стр. 46-47.

[40] Види: *Sunday Times (2) против Обединетото Кралство (1991)* и *Observer and Gardian против Обединетото Кралство (1991).* Macovei, M. op. cit, str. 33-36 i 59-61.

[41] Така, одземањето на филм за кој домашните органи сметале дека содржи непристојни сцени, Судот го дефинира како попречување на слободата на изразување (*Otto-Preminger Institut против Австрија 1994*). Одземањето на книгата „Мал црвен школски учебник" за кој се сметало дека содржи некои непристојни фрагменти, добило сличен третман од Судот (*Handyside против Обединетото Кралство 1976)* Macovei, M. op. cit, стр. 23, 46-47, 54-57.

[42] Види: *Goodwin против Обединетото Кралство од 1996.* Инаку, по пресудата на Гудвин, на 08.03.2000, Комитетот на министрите на Советот на Европа ја усвои Препораката бр. Р (2000) 7 за правата на новинарите да не ги откриваат изворите на своите информации. Согласно одлуката на Судот во случајот Гудвин и со Препораката Р (2000) 7, националните правни системи во своите домашни законски одредби треба да ја вклучат заштитата на новинарските извори. Откривањето може да биде дозволено само кога тоа го бараат важни услови или витални интереси. Меѓутоа, дури и такви услови или интереси мора да бидат балансирани со потребата од заштита на новинарските извори како дел од заштитата на слободата на изразувањето. Macovei, M. op. cit, стр. 63-65. Во оваа смисла, види и Резолуција за новинарските слободи и права од Прага (7-8 декември 1994) и Резолуцијата на Европскиот парламент за доверливоста на новинарските извори од 18 јануари 1994 г.

[43] Случајот *Barthold против Германија од 1985.* Види: Macovei, M. op. cit. стр. 23.

[44] Во случајот *Goodwin против Обединетото Кралство од 1996,* Судот забележа дека таквите мерки неоспорно ја попречуваат слободата на печатот и одлучи во корист на новинарот. Види: Macovei, M. op. cit. стр. 24 и 36-65.

1. попречување (односно формалноста, условот, ограничувањето или санкцијата) да биде пропишано со закон;
2. попречувањето да има за цел да заштити еден или повеќе од следниве интереси или вредности: националната безбедност, територијалниот интегритет, јавната безбедност, превенцијата од нереди или криминал, заштитата на здравјето, моралот, угледот или правата на другите, превенција од откривање на информации примени како доверливи и одржувањето на авторитетот и непристрасноста на судството, и
3. попречувањето да биде неопходно во едно демократско општество.[45]

Таму каде што Судот ќе утврди дека сите три услови се исполнети, попречувањето од страна на државата се смета за легитимно. А товарот на докажување дека сите три услови се исполнети го носи државата. Судот ги испитува трите услови по наведениот редослед. Откако судот утврдува дека државата не успеала да докаже еден од трите услови, не го испитува случајот понатаму и одлучува дека односното попречување било неоправдано, а со тоа дека и слободата на изразување била прекршена. [46]

Според чл. 10 ст. 1 *секој* има право на слобода на изразување, вклучително и на правото да прима и да пренесува информации и идеи. Меѓутоа, според чл. 10 ст. 2, поединецот може да ги користи овие слободи само во согласност со своите должности и одговорности. Во сите одлуки во врска со чл. 10, Комисијата и Судот јасно наведуваат дека факторот *должности и одговорности* тесно е поврзан со критериумот *потребно* во демократското општество. Така, на пример, во случајот *Handyside против Обединетото кралство (1976)*,

[45] За носење одлука според овој трет услов, националните судови мора да го применуваат принципот на пропорционалност, одговарајќи на следново прашање: „дали целта била пропорционална со средставата употребени за постигнување на таа цел“. Во ова равенство, *целта* е еден или повеќе од вредностите и интересите утврдени во ст. 2, за чија заштита државата може да ја попречи слободата на изразување. *Средствата* се всушност попречувањето, тие се посебни мерки усвоени или спроведени против некој поединец кој го користи своето право на изразување. На пр.: под поимот *средства* може да бидат: кривичните пресуди за навреда или клевета, налог за плаќање граѓанска оштета, забрана за објавување, забрана за вршење на професијата новинар, претрес на просториите на печатен медиум итн. Macovei, M. op. cit, стр. 31.

[46] Попречувањето од страна на државата мора да се сфати како која било форма на попречување што доаѓа од кој и да е орган кој има јавни овластувања и должности или јавна служба, како што се: судовите, обвинителствата, органите за спроведување на законите, разузнувачките служби, централните или локалните совети, владините ресори, армиските органи за донесување одлуки, јавните професионални структури и др. Macovei, M. op. cit, str. 25.

Комисијата го постави начелото дека треба да ги разгледаат "посебните околности во кои се наоѓа лицето кое ја користи слободата на изразување, како и должностите и одговорностите поврзани со тие околности." Во тој случај, како важни фактори Судот ги издвои возраста на читателите на кои им била наменета спорната публикација и нејзините можни последици врз моралот на младите читатели. Во случајот Sunday Times, Судот дошол до спротивен заклучок, со оглед на тоа што задача на весникот е да ја информира јавноста за важни прашања од општ интерес.[47]

***Препораката R (97) 20*****,** говорот на омраза го дефинира како "секоја форма на изразување со која се шири, разгорува, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам, или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучително и нетолерантност изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство против малцинствата, миргантите и лица со имигрантско потекло".

Препораката особено налага дека владите на државите членки треба да воспостават и одржуваат целосна правна рамка која се состои од граѓански, кривични и управни правни одредби за говорот на омраза, кои на државите и судските власти им овозможуваат во сите случаи да го усогласат почитувањето на слободите со почитување на човековото достоинство и заштита на угледот и правата на другите. За таа цел, владите на државите членки треба да ги разгледаат начините и средствата за на листата на можни кривични санкции за говор на омраза да додадат и налог за вршење на општо корисна работа, да ја зајакнат можноста за борба против говорот на омраза преку граѓанското право дозволувајќи им на граѓанските невладини организации со поднесување на граѓански тужби, да им обезбедат надомест на жртвите на говорот на омраза и овозможување на судските одлуки кои на жртвите им даваат право на одговор или кои налагаат исправки (Начело 2). Препораката наложува владите на државите членки, како и органите на управата на национално, регионално и локално рамниште, но и државните службеници, да имаат посебна одговорност, особено во медиумскиот простор да се воздржат од изјави кои

[47] Gomien, D. Краток водич низ Европската конвенција за човекови права (Short Guide To The European Convention Of Human Rights), Македонска верзија, Совет на Европа, Стразбург, 1991, стр. 91-92. Дополнително види: https://globalfreedomofexpression.columbia.edu/cases/the-sunday-times-v-united-kingdom/

можат да се сфатат како говор на омраза или како говор кој би можел да произведе ефекти на оправдување, ширење и поттикнување на расна омраза, ксенофобија и останати облици на дискриминација засновани врз нетолеранција (Начело 1).

***Препораката на Комитетот на министрите на Советот на Европа R (97) 21 за малцинствата и промовирање на култура на толеранцијата,*** предвидува дека проблемот на нетолеранција бара разгледување како во јавноста, така и во рамките на медиумските установи. Искуството на професионалните медиумски кругови покажува дека би било корисно медиумските установи да размислат за: известување засновано врз факти и вистински податоци за расизмот и нетолеранцијата, внимателно известување кога станува збор за нетрпеливост меѓу заедниците, избегнување на навредлива стерео-типизација во опишување на припадниците на културни, етнички или верски заедници во своите публикации и програми, намерно насочување на вниманието на јавното мнение кон злото на нетолеранцијата и др.

## 1.3. Препораки и насоки на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН)

Европската комисија за борба против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРН) на Советот на Европа или ***The European Commission against Racism and Intolerance*** скр. ECRI, е основана на 22.03.1994 г., со цел сузбивање на расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата кои ги загрозуваат човековите права и демократските вредности на Европа.[48] Анализирајќи ги состојбите во државите членки на Советот на Европа, ЕКРН донесува препораки чија цел е ревизија на законодавствата на членките, нивните политики и другите мерки за борбата против расизмот. Освен анализата на состојбите на државите членки, преку периодични извештаи кои државите се должни да ги поднесат до ЕКРН, ова тело донесува општи препораки кои се однесуваат на различни појави на расизам и примери на нетолеранција, како што се општите препораки за дискриминација на Ромите и Муслиманите, ширење на расистички содржини по пат на Интернет, совети за законодавните тела на државите членки, препораки против говорот на омраза итн.

[48] Види повеќе: https://www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance

Препораките не се задолжителни, меѓутоа во државите членки сериозно се разгледуваат и главно се спроведуваат во дело.

Така на пр., ***Општата препорака 2,*** им советува на државите членките да воспостават специјализирани тела за борба против расизмот и дискриминацијата на државно рамниште, а такви тела постојат во Белгија, Велика Британија, Данска, Норвешка, Унгарија, Финска, Холандија, Шведска и Швајцарија. Телата се во форма на парламентарни одбори, владини центри, омбудсмани, комисии, парламентарни повереници кои на државно ниво се занимаваат со мониторинг и спречување на дискриминација, помагање на жртвите од дискриминација, надгледување на спроведувањето на државните закони, како и борба против националните предрасуди преку едукативни мерки како и преку медиумите.

***Препораката 7*** од декември 2002 г., за националното законодавство против расизам и дискриминација, исто така, им дава насоки на државите членки кои воопшто немаат или имаат нејасни закони за борба против расизмот. Со неа се даваат дефиниции на расизмот, на директната и индиректната дискриминација, како и предлози за промена на уставите, граѓанското и управното право и кривичните закони. Како најважни одредби на кривичниот закон, Препораката ги споменува: забраната на јавно повикување на омраза, насилство и дискриминација, како и заканите, јавното поддржување на идеологии за супериорност, односно инфериорност врз основа на раса, јазик, боја на кожата, религија, националност и етничко потекло, јавно негирање, омаловажување, оправдување на геноцид, злосторства против човештвото и други злосторства, јавно дистрибуирање на сите видови расистички материјали и расна дискриминација при вршењето на јавни должности.

Според ***Препораката 15*** за општата политика во борбата против говорот на омраза од 08.12.2015 г., говорот се заснова врз неопределена претпоставка дека едно лице или група на лица се подобри од другите и врз поттикнување на акти на насилство или дискриминација со што се поткопува почитувањето на малцинските групи и штетата врз социјалната кохезија. Во оваа препорака, ЕКРН повикува на брзи реакции од јавни личности спрема говорот на омраза, промоција на саморегулирање на медиумите,

подигање на свеста за опасните последици од говорот на омраза и повлекување на финансиска и друга поддршка од политичките партии кои активно користат говор на омраза. Мерките за спречување на говорот на омраза мора да бидат добро засновани, пропорционални, недискриминаторски и да не се злоупотребуваат за да се спречи слободата на изразувањето или собирањето, ниту да се потисне слободата на критиката на официјалните политики.[49]

### 1.4. Европска унија

Европската унија е создадена во 1967 г., како ***Европска заедница*** со фузионирање на три одделни заедници кои биле основани со посебни меѓународни договори и тоа: Европската заедница за јаглен и челик (European Coal and Steel Community), од 1951 г.; Европската економска заедница (European Economic Community) од 1957 г. и Европската заедница за атомска енергија (European Atomic Energy Community – EUROATOM) од 1957 г., а со Договорот од Мастрихт, од 1992 г., беше преименувана во Европска унија. Основни органи на Европската унија се: ***Европски парламент***, како орган со нормативна надлежност составен од 626 независни пратеници непосредно избрани од граѓаните на државите членки на посебни избори, со мандат од 5 години; ***Европски совет*** составен од шефовите на државите или на владите; ***Совет на министрите*** како главно тело за определување на основните стратешки насоки на развојот и носење на политички одлуки, како и прописи на унијата;[50] ***Европска комисија,*** како извршен орган за спроведување на прописите на унијата составен од 17 експерти, независни во однос на нивните влади, со мандат од 5 години. Комисијата и Генералниот секретар ги подготвуваат седниците на Советот на министрите. ***Европски суд на правдата*** во состав од 13 судии на кои им асистираат 13 општи застапници, чија задача е да ги образложат случаите поднесени пред судот. Меѓу најважните карактеристики на Судот се вбројуваат задолжителната надлежност во однос на државите членки и улогата на ***Уставен суд*** на унијата, бидејќи ги контролира актите на органите на ЕУ од аспект на нивната усогласеност со Договорот за

[49] Целиот текст на препораката може да се види на: https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-15-on-combating-hate-speech-mace/16808b5b06

[50] Советот нема постојан состав, туку претставници на влади што се менуваат во зависност од предметот на одлучување (економија, право, внатрешни работи и сл.), со тоа што Советот на министрита за општи прашања се состанува најмалку еднаш месечно.

ЕУ; ***Суд на ревизори***, како надлежен орган за фршење на финансиска контрола; ***Совет за правда и внатрешни работи***, составен од министрите за правда и внатрешни работи на државите членки.[51] Покрај наведените, постојат и други органи на унијата, како што се: ***Европски омбудсман*** за заштита на човековите слободи и права, ***Економско-социјален комитет*** како советодавно тело на Европската унија и ***Европска Централна банка*** како посебна централна банка на државите членки кои го имаат прифатено еврото како домашно платежно средство.

Европската унија во 2000 г., ја донесе ***Повелбата на основните права***[52] која е од особен интерес за нашиот труд, а содржи список на човековите права инспирирани од правата содржани во уставите на државите членки. Сѐ до Лисабонскиот договор од 2009 г., Повелбата која во чл. 11 содржи одредби за слободата на изразување и информирање,[53] претставувала декларација без правно обврзувачка сила: „***Слобода на изразување и информирање*** *1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на свои ставови и на примање и давање информации и идеи без замешување од страна на некој државен орган и без оглед на границите. 2. Слободата и плурализмот на медиумите мора да се почитуваат.“* Негувања на правото на слободата на изразување како основно човеково право е можно единствено преку јасни нормативни стандарди но и негова постојана примена во пракса.

За поопширно разгледување на поимите поврзани со говорот на омраза, важна е да се спомне и ***Рамковната одлука за расистички и ксенофобични дела*** од 2008 г. Тоа се кривични дела кои опфаќаат јавно повикување на насилство или омраза, јавно ширење на написи, слики или друг материјал како и јавно одобрување, одрекување или тривијализирање на геноцид, злосторства против човештвото, воените злосторства итн.

[51] Во Советот за правда и внатрешни работи, земјите како Велика Британија, Германија, Италија Франција и Шпанија имаат по два преставника.

[52] Повелбата (Charter of Fundamental Rights of the European Union (2010/C 83/02) е изготвена и прогласена на 07.12.2000 г., од страна на Европскиот парламент, Советот на министрите и Европската комисија. Нејзиниот правен статус беше неизвесен и немаше целосен правен ефект сé до влегувањето во сила на Договорот од Лисабот на 01.12.2009 г.

[53] Членот 11 кој е насловен „Слобода на изразување и информирање“ гласи: секој има право на слобода на изразување. Тоа право вклучува слобода на мислење и на примање и ширење информации и идеи без мешање на органите на јавната власт и без оглед на границите (ст. 1). Се почитува слободата и плурализмот во медиумите (ст. 2).

Дополнително, на 31.03.2016 г., Европската комисија, заедно со IT компаниите Facebook, Twitter, YouYube и Microsoft, објавија ***Кодекс за борба против ширење на нелегален онлајн говор на омраза,*** кодекс кој вклучува серија на обврски на државите членки на Европа.[54]

### 1.5. Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

Регионалната организација за соработка и безбедност во Европа (ОБСЕ), *Organisation for Security and Cooperation in Europe – OSCE,* има голема улога во остварувањето на слободата на изразување, но и на спречување на говорот на омраза, претежно преку бројните декларации и резолуции кои се однесуваат на користењето на ова право. Во таа насока се издвојуваат одлуките на Комитетот за толеранција и недискриминација за осуда на манифестациите на говор на омраза, како и Заклучниот документ од Конференцијата за човечката димензија во Копенхаген, од 1990 г.[55]

Со цел да се обезбеди почитување на заложбите за слобода на изразувањето и слобода на медиумите, во декември 1997 г., е основана Канцеларијата на претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите. Функцијата на претставникот е да ги разгледува состојбите во

---

[54] Види: http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16-1937_en.htm

[55] Организацијата за безбедност и соработка во Европа ОБСЕ е основана во 1975 г., како Конференција за европска безбедност и соработка (КЕБС). На самитот на шефовите на државите и владите во Будимпешта од 1994 г., КЕБС и формално прерасна во меѓународна организација, при што беше преименуван во ОБСЕ. Целите на оваа организација се унапредување на безбедноста во Европа; унапредување на економската и друга соработка и развој на демократијата и заштита на човековите права и основни слободи ("човекова димензија на ОБСЕ"). Органите на ОБСЕ се: 1. *Самит на шефовите на држави и влади*, како највисок орган кој се одржуваат на секои две години, 2. *Совет на министри за надворешни работи на државите членки*, кои се состануваат најмалку еднаш годишно, 3. *Комитет на највисоки функционери* од министерствата на надворешни работи на државите членки кој ги подготвува состаноците на Советот на шефови на држави и влади, 4. *Претседавач*, 5. *Постојан комитет*, 6. *Парламентарно собрание*, составено од 312 претставници на државите членки, 7. *Генерален секретар и секретаријат*, 8. *Центар за превенција од судири*, со седиште во Виена, 9. *Биро за демократските институции и права на човекот*, со седиште во Варшава. Бирото е надлежно за прибирање информации околу националните избори во државите членки, за известување и следење на таквите избори, за организирање семинари и други состаноци во врска со изборните процедури и демократски институции, за прибирање информации од владини и невладини организации околу почитувањето на човековите права во државите членки, за дистрибуирање на такви информации и сл. 10. *Висок комесар за националните малцинства*, кој се занимава со сите прашања за малцинствата за која цел врши истраги, подготвува извештаи за состојбите околу малцинствата во одделни држави, советува и посредува во решавањето на малцинските прашања и сл.

медиумите во земјите членки на ОБСЕ и да ги предупредува за повредите на слободата на изразувањето. Претставникот, меѓудругото има задача да им помага на земјите членки преку промовирање и поттикнување на целосно почитување на принципите и заложбите на ОБСЕ во врска со слободата на изразувањето и слободата на медиумите.[56]

### 1.5. Споредбени искуства на некои Европски држави

Во развиените европски држави мерките кои се усвоени од Советот на Европа, се спроведуваат на национално рамниште, па како прв пример, германскиот Кривичен закон, содржи прецизни одредби против говорот на омраза, а казнива е секоја дистрибуција на пропаганден материјал од неуставни организации како што се националистички странки, употреба на симболи, повикување на омраза и насилство против одредени групи т.е. одобрување или негирање на геноцид, скврнавење на спомените на мртвите итн.[57]

Во *Германија* постои и постојана телефонска линија на која граѓаните можат да пријават напади од националистички групи, како и постојан надзор над интернет страниците со расистичка содржина. Подари бавноста и неефикасноста на системите на онлајн интернет платформите, во почетокот на 2018 г., во Германија, влезен е во сила закон со кој се казнуваат платформите со парична казна во висина од 5 па сè до 50 милиони евра, доколку содржините со говор на омраза не бидат навремено отстранети (во рок од 24 часа). Имено, законот се однесува на социјалните платформи со повеќе од два милиони корисници (се однесува само на Facebook, Twitter и Youtube). Основен аргумент против овој и сличните закони се однесува на платформите кои од претпазливост може да избришат содржини што само наликуваат на говор на омраза или на навредлив говор, со што ненамерно поттикнуваат цензура наспроти слободата на изразувањето.

Во *Велика Британија* постојат редица закони со кои се регулира говорот на омраза и расизмот, па во таа смисла Законот за јавен ред (Public Order Act) забранува вербално и секакво друго насилство, печатење и дистрибуција на материјали кои потикнуваат расна

[56] Михајлова Елена, Јасна Бачовска и Томе Шеќерџиев, op. cit, стр. 11
[57] Види повеќе: https://rm.coe.int/interim-follow-up-conclusions-on-germany-5th-monitoring-cycle/16808b568a.

омраза. Ова се однесува и на музиката и на филмот. Законот за расни односи (Race Relations Act), забранува свесно и несвесно давање на расистички изјави со кои се оправдува дискриминација, додека Законот за фудбалски прекршоци (Football Offences Act), забранува расистичко навивање.[58]

Во *Италија* со Устав е забранета фашистичка странка, а во неколку закони кои се однесуваат на оваа област, забрането е ширење на идеи кои се засновани на расна омраза и супериорност и повикување на расна расна припадност. Тоа се подразбира и за етничко и друго насилство, провокации, групи или организации со такви цели, употреба на симболи на спортски манифестации, како и оправдување на фашизам и геноцид.[59]

Во *Франција* се казнува дискриминацијата, омразата и насилството врз основа на потекло на лицето/та, оправдување на злосторствата против човештвото извршени во Втората светска војна, носење на униформи и амблеми кои потсетуваат на личности одговорни за злосторствата против човештвото, а покрај строгите мерки против говорот на омраза, се предвидуваат и забрани за нејавни поттикнувања на дискриминација, омраза и расно насилство.[60] Во Франција, негирање на холокаустот, или поттикнување на антисемитизам се смета за кривично дело, додека навредливо потсмевање религии како на пр.: Исламот и Пророкот се легитимен израз на слободата на говорот. Во таа смисла, професорот Stephen Eric Bronner, предлага законодавството кое го негира холокаустот или го осквернавува христијанството да се прошири и на исламот, или сите такви закони да бидат избришани.[61]

Во *Хрватска* најзначајно поместување во врска со забраната на дискриминација е направено во 2006 година, кога со измените на Кривичниот закон е воведено дело од омраза како кривично дело. Злосторство од омраза е класифициран облик на кривично дело направено од омраза поради припадност на одредена раса, боја на кожа, пол,

[58] Види повеќе: European Commission against Racism and Intolerance: Legal Measures to Combat Racism and Intolerance in the Member State of the Council of Europe, Strasbourg, 2002.

[59] Ибид.

[60] Ибид.

[61] Vidi: http://www.logosjournal.com/issue_5.1/bronner.htm

сексуална ориентација, јазик, вера, политичко или друго уверување,[62] национално или социјално потекло, имотна состојба, раѓање, образование, општествена положба, возраст, здравствена положба и сл.[63]

Во чл. 75 од Законот за јавно информирање и медиумите на *Србија*, под забрана на говор на омраза се наведува "не смее да се поттикнува дискриминација со идеи, мислење, односно со информации кои се објавуваат во медиумите". Членот се однесува на поттикнување на омраза и насилство против лица или група на лица поради нивно припаѓање или неприпаѓање на некоја раса, вера, нација, пол, заради нивната сексуална ориентација или друго лично својство, без оглед на тоа дали со објавувањето е сторено кривично дело. Меѓутоа, доколку не постои намера за поттикнување на дискриминација во новинарскиот текст, доаѓа до ослободување од одговорност. Истото важи и за текстови кои се напишани со намера критички да се укаже токму на дискриминација, омраза или насилство против наведените лица.

[62] Ова се однесува на секое филозофско или идеолошко уверување, како на пр.: либерализам и конзервативизам.

[63] Законот за електронските медиуми во Хрватска конкретно пропишува дека не е допуштено да се поттикнува и шири омраза или дискриминација врз основа на раса или етничка припадност, или боја на кожата, јазик, вера, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, имотна состојба, членство во синдикат, образование, општествена положба, брачна и семејна состојба, возраст, здравствена состојба, инвалидитет, генетско наследство, полов идентитет, изразување или полова ориентација, антисемитизам и ксенофобија, идеи на фашистички, националистички, комунистички или други тоталитарни режими.

# 2. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ

## 2.1. Устав на Република Македонија

Во чл. 16 од Уставот на Република Македонија, на граѓаните на Република Македонија како едно од основните права им е загарантирано ***Правото на слободно изразување***. Според тој член:

"Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање,

Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации,

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање,

Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање,

Цензурата е забранета".

Пред да го истакне правото на слободно изразување, Уставот, најпрво говори за слободата на уверувањето, совеста и мислата од каде нужно произлегува потребата.

Во поглед на слободата на уверувањето и мислата, кои никој и со ништо на овој свет не може присилно да ги ограничи, сметаме дека секоја расправа е излишна и оттаму нема никакви, освен демагошки причини за впуштање во каква и да е теоретска расправа. Нешто поинаков е случајот со слободата на совеста, а тврдењето според кое врз антрополошка основа таа се определува како ментална константа, како дел на човековиот идентитет, е сосема исправно. Совеста е морална основа врз која искуството ги надоградува ставовите кои се сублимирани заклучоци од различно ниво на општост, така што моралните ставови се последица на различните животни ситуации. Оттаму,

поттекнуваат "грешките или конфликтите на моралноста, недоразбирањата околу различните човечки вредности и трагичните недоразбирања. Реално, заради загубата на општочовечкиот план, паралелно постојат различно интегрирани личности како и различно ниво на достигнатиот интегритет. Всушност, што човекот му должи на човека, вредностите кои ги воспоставува на човечко рамниште како што се помош во неволја, довербата и слично се тест на проверката на совеста и нејзината автономна основа."[64]

Слободата на совеста во практиката на човековите права во прв ред е сфатена како слобода на веросиповед, што историски е условено. Модерниот контекст на ова човеково право е слободата на мислењето со што е постигнат доволен степен на индивидуализација на човекот. Слободата на совеста е призната на социјално рамниште како приговор на совеста на лекарите или како цивилно отслужување на воениот рок. Слободата на совеста сфатена пошироко како работа на уверување е признаена и на ниво на заедниците како што е семејството. Државите договорнички на ***Пактот за граѓански и политички права*** се обврзуваат на почитување на слободата на родителите, и во случај на потреба, на законските старатели да обезбедат верско и морално воспитување на своите деца согласно своето сопствено уверување (чл. 18/4). Поширокиот контекст на слободата на совеста, чиј практичен вид е слободата на изразување на уверувањето, е темел на модерното сфаќање на личноста како критериум за процена на внатрешните граници на слободата на мислењето, која не смее да се апсолутизира во негативна смисла како слобода од каква било контрола, што често се случува во општествениот простор како што таа е дефинирана во либерална морална теорија. Општа претпоставка на контекстот на ова право е правото на живот, но како лично, а не како општествено сфаќање на вредноста на животот и исполнувањето на неговата смисла. Така правото на достоинство како општа рамка помалку или повеќе на сите човекови права од апсолутен, добива конкретен вид и својата потврда ја наоѓа не како општ аргумент, туку како израз и доказ на најдобрите човекови вредности. Основата врз кој реално треба да се втемелат човековите права не е апстрактно сфатено достоинство како работа на формално почитување на единствената положба на човекот во природата, слободата на човекот како нормативно определено битие на слободата на умно определената практична филозофија, туку на човекот како дел од

[64] Јанјиќ-Комар, М. Слобода савести, Правни живот, Београд, 2002/9. стр. 673.

природата во реално сфатениот живот, неговата свест како морално втемелување на човековите граници на слободата."[65]

Слободата на изразувањето, Уставот ја определува во смисла на слобода по пат на говор, писмо, слика, цртеж или на друг начин да се даде соопштение како и да се изразуваат мисли, гледишта и чувства преку печатени документи, радиодифузија, филм или електронски информациски системи. Во оваа смисла опфатени се и средствата за продукција и комуникација, пренос или дистрибуција на информации и идеи. Таа значи дека секој граѓанин е заштитен од каква и да е присилба да ги изрази своите погледи во политичка, религиозна, културна и друга смисла. Слободата на информирањето подразбира: 1. слобода на говор и јавен настап и, 2. слобода на информирање.

1. Слободата на говор и јавен настап значи право на граѓанинот да зборува јавно, односно слободно да ги изразува своите мисли на различни видови јавни собири. Оваа слобода ја сочинуваат два меѓусебно поврзани елементи: слобода на говорот во најширока смисла на зборот и слобода на користење на говорот во јавниот живот.

2. Слободата на информирање значи: а) слободен пристап до информациите (право на граѓаните да бидат известувани за настаните во земјата и во светот, право да бидат адекватно информирани, особено за прашања од јавен интерес и право да бараат информации преку сите можни законски извори), и б) слобода на пренесувањето на информациите. Во врска со слободата на информирање, Уставот гарантира и право на

[65] Ибид. стр. 673. "На индивидуален план, продолжува истиот автор, "совеста се манифестира како должност спрема себеси и како право во општествениот простор. Таа се воспоставува како основа на автономијата на личноста во моралната сфера како прашање на интегритетот на личноста. Навистина, социјално признание добија само приговорот на совеста на лекарите и цивилното служење на воениот рок како морално право, додека е заоставено моралното значење на моралната димензија на воспитувањето на децата од страна на родителите и практично сведено на изборот на веросиповеста. Пактот за граѓански и политички права моралното прашање не го третира само како приватна работа, односно како прашање на слободата на волјата, туку како работа на слобода на акција и имплицира однос кон друг. Слободата на совеста вклучува и јавни настапи, пов-рзување на луѓе со слични уверувања и нивно организирање. Таа може да биде основ за многу општествени акции кои настануваат спонтано по повод на некој човечки проблем (мировни сакции, еколошки прашања и др.)." Ибид. стр. 674. Слобода на совеста, пак според Роулс претставува слобода на индивидуите да ги следат своите морални, филозофски или религиозни интереси без правни ограничу-вања кои од нив бараат да се впуштаат или да не се впуштаат во какви и да било посебни форми на религиозна или некоја друга практика кога останатите луѓе се правно обврзании да не се мешаат. Роулс, Џ. Теорија на праведноста, Слово, Скопје, 2002, стр. 229-230.

одговор, право на исправка, и право на заштита на изворот на информациите во средствата за јавно информирање. Притоа, Уставот изречно ја забранува цензурата во средствата за информирање (арбитрерното селектирање на информациите од страна на државата).

Ваквата определба на Уставот поаѓа од поставката дека нема вистинска демократија без широка гаранција на правото на слобода на изразување заштитено од независни и непристрасни судови.

Според чл. 54 ст. 4 од Уставот на Република Македонија, ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува и на правото на слободатата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста. Со други зборови, Уставот на Република Македонија не содржи ниту специјална, ниту генерална законска резерва која би ги определила границите на остварувањето на слободата на мислата и јавното изразу-вање на мислата, поради што нејзината граница треба да се бара во севкупноста на Уставот и неговите определби имајќи ги притоа предвид меѓународните документи што се ратификувани во согласност со Уставот.

Сепак, и покрај високото ниво на гарантирање на слободата на мислата и нејзиното јавно изразување во Уставот на Република Македонија, таа не е апсолутна и не може да важи неограничено. Заради обезбедување на заедничкиот живот, правниот поредок мора да ја ограничи слободата на поединецот за да ја заштити слободата на другите. Границите на манифестирањето на оваа слобода за поединецот се наоѓаат во со закон санционираните дејствија. Имено, начинот на кој што подносителот јавно настапува и го искажува своето мислење, употребените формулации, местото на јавниот настап, својството на подноси-телот, целта која сака да ја постигне и последиците кои произлегуваат од неговиот јавен настап, како и активностите кои ги презема пред и по настапот, анализирани во нивната севкупност, може да претставува дејствие кое е непосредно насочено против правниот поредок, како основа за остварување на сите слободи и права, и кое се совпаѓа со битијата на кривичните дела за кои може да биде прогласен за виновен и казнет.

Во согласност со елементарниот пристап дека практикувањето на слободата од кое и да е лице не смее да биде на штета на слободите и правата на другите лица, Кривичниот законик, ги инкриминира следниве поведенија: изнесување лични и семејни прилики (чл. 174) и омаловажување со префрлање за кривично дело (чл. 175), како општи кривични дела и нивните посебни форми, односно нивното извршување преку средствата за јавно информирање.[66] Меѓутоа, респектирајќи го фактот дека слободата на изразување како нужен аспект на човековата самореализација и средство за вклучување во расправата за моралните и социјалните вредности во заедницата, Кривичниот законик од наведените инкриминации ги иззема навредливите искажувања за "тој што навредливо ќе се изрази за друг во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на некое право или при заштита на оправдани интереси, ако од начинот на изразувањето или од други околности произлегува дека тоа не е сторено со намера за омаловажување" (чл. 176 ст. 1 КЗ).

Во Глава XVIII од КЗ се поместени и кривичните дела: повреда на угледот на Република Македонија (чл. 178), излагање на подбив на македонскиот народ и националностите (чл. 179), повреда на угледот на странска држава (чл. 181) и повреда на угледот на меѓународна организација (чл. 182). Овие инкриминации можат да се сфатат како попречување на слободата на говорот, зашто наместо да ја фаворизираат, тие ја ограничуваат јавната политичка активност и оттаму не се во функција на одржување на вистински демократски систем. [67]

Во таа смисла треба да се толкуваат и кривичните дела клевета, навреда или изнесувањето лични или семејни прилики сторени кон претседателот на Републиката во вршењето на неговата функција или кон лице кое се наоѓа на кандидатска листа за време пред изборите

[66] Важно е да се спомне дека во сферата на информирањето може да се помести и чл. 193 КЗ со кој се инкриминира прикажувањето на порнографски материјал на дете.

[67] Вредностите како чест на земјата или владата, "чест на нацијата, државни или други официјални симболи, авторитет на јавните органи (освен судовите)" не се спомнати во ст. 2 и заради тоа не се легитимни причините за ограничување на слободата на изразување. Од тие причини националните судови не смеат да санкционираат ниту една критика - изразена со зборови, гестови, слики или на друг начин - против такви апстрактни поими, бидејќи не спаѓаат во опфатот на областа што е заштитена со ст. 2. На пример, уништувањето на некој државен симбол или некој "навредлив" акт против истиот би бил израз на нечие несогласување и критика на некои политичи одлуки, активност на јавните органи, јавните политики во одредени области, или сé друго што е поврзано со користењето на власта. Macovei, M. op. cit, str. 30.

или непосредно пред гласањето. За овие кривични дела според чл. 184 ст. 2 и 3 КЗ од 1996, беше предвидено гонење по службена должност. На тој начин, во однос на заштитата на честа и угледот, законодавецот, всушност, ги повластуваше политичарите, односно јавните личности во однос на обичните граѓани. Со оглед на тоа што ваквата определба беше спротивна на јуриспруденцијата на Комисијата и Судот за човековите права, кои не инсистираат врз такви дополнителни облици на заштита во практикувањето на слободата на јавно изразување, со измените од 2004 година овие одредби се избришани од КЗ.

Имено, Комисијата смета дека политичарите мора да бидат подготвени да прифатат многу построга јавна критика за нивните активности и изјави, односно дека таквата критика не би требало да се смета за клевета, доколку дава доволно основи за сомневање во нивниот личен карактер и нивната репутација. Во врска со ова, дискусијата за одредени морални аспекти на политичарите, според Комисијата не навлегува во нивната приватност, туку е во интерес на јавноста, сè додека расправата за јавниот морал на одреден нивни акт не се приближи до ниво на клевета. Притоа, важно е да се истакне дека барањата за докажување на вистинитоста на критиката не се прифатени од Комисијата, затоа што вредносните судови претставуваат есенцијален дел на слободата на печатот, а неможноста од докажување е инхерентна во процената на вредносните судови. Според мислењето на Комисијата, "есенцијално во демократското општество е плурализмот на мислењата, вклучително и на оние кои се шокантни или навредливи и кои во основа се дозволени. За ефикасно да се заштити слободата на изразувањето, рестрикциите мора да бидат одредени во духот на плурализмот, толеранцијата и ширината на погледите, особено кога слободата на изразувањето е вовлечена во политичките работи."[68]

***Закон за спречување и заштита од дискриминација***

Според чл. 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Сл. весник на РМ," 50/2010, 44/2014, 150/2015, 177 - пречистен текст, 31/2016)." Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род,

[68] Случајот *Sunday Times (2)*.

припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."

Покрај оваа начелна забрана на секоја директна или индиректна закана, со чл, 5. ст. 4, од Законот како дискриминаторско однесување и постапување е дефинирано секое активно или пасивно однесување на секое лице, од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилигирање или депривилигирање на некое лице на неоправдан начин; или кое го изложува на неправеден или деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано врз која било од дискриминаторските основи. Покрај другите, Законот како облик на дискриминација во чл. 7 го предвидува и вознемирувањето и понижувачкото постапување, кое го определува како повреда на достоинството на лице или на група на лица кое произлегува од дискриминаторска основа и кое има зе цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Со чл. 9 од Законот, посебно е издвоено и повикувањето и поттикнувањето на дискриминација. Според чл. 24 од Законот, во надлежност на Комисијата за спречување на дискриминацијата е постапувањето со претставки за случаи на дискриминација и покренување иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи поради сторени повреди на Законот. Законот предвидува и судска заштита, која се остварува со поднесување тужба пред надлежниот суд од лицето кое смета дека поради дискриминацијата му е повредено некое право (чл. 34). Предвидена е и прекршочна одговорност за повикување или поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз дискриминаторска основа и за повреда на достоинството на одредено лице или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика (чл. 42 и 43).

***Закон за радиодифуна дејност***

Според чл. 69 од Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ," 100/2005), "Во програмите на радиодифузерите, како и во програмите што се реимитуваат преку јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми што се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или кон поттикнување или повикување на воена агресија или на разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост.

***Закон за аудио и аудиовизуелни услуги***

Законот за аудио и аудиовизуелни услуги забранува употреба на говор на омраза. Според чл. 48 од Законот: "Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност." Треба меѓутоа да се нагласи дека во Законот не постојат санкции кои можат да се изречат за прекршување на забраните од овој член.

Водичот за мониторинг на говор на омраза на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (АВМУ), донесен во 2014 г., го утврдува контекстот на изразувањето, кое лице е одговорно за изразувањето, дали постоела намера за провоцирање говор на омраза, што е содржината, кој бил степенот и опсегот, која била веројатноста од влијание врз публиката и нејзините идни дејствија. Водичот кореспондира со работата на Европскиот суд за човекови права кој бара експлицитни зборови и изрази, тон на говорот и околности, степен и број на повторување дискриминаторски изрази, дали говорникот можел да го предвиди своето влијание кај публиката, дали цел му била одредена малцинска група, дали намерата била јасна и недвосмислена за публиката.

## 2.5. Кривичен законик на Република Македонија

### а) Дела на омраза

Во кривично-правна смисла поимот "дело на омраза" е насилничко дејствие изречно предвидено со закон како кривично дело, мотивирано со непријателски однос кон жртвата како припадник на определена социјална група или кон самата социјална група. Кривични дела од омраза претставуваат криминал од омраза, криминал на дискриминација врз расна, етичка, полова и друга основа. Секое дело инкриминирано со Кривичниот законик може да се појави како кривично дело на омраза во зависност од тоа дали зад неговото извршување стои омраза, пристрасност или дискриминација на жртвата како припадник на одредена социјална група. Посебноста на овие дела, кои по правило се дела на насилство, се состои во стратифицираниот објект на заштита: непосреден објект е определено добро, кое е нападнато со конкретното дело, но делото на омраза е насочено и против исто така важен посреден објект, а тоа е интегритетот, достоинството и другите добродетели на општествената група на која и припаѓа жртвата, а чии добра се непосреден објект на напад. Покрај непосредната жртва, кај овие дела секогаш постои и посредна жртва, чијшто социјален статус, интереси, слободи и права се повредени или загрозени, а тоа е општествената група (национална, еничка, религиозна, итн.) на која припаѓа непосредната жртва на делото.[69] Така, дали една тешка телесна повреда ќе се третира како дело на омраза, зависи од тоа дали на страната на сторителот постои посебен мотив на омраза или пристрасност спрема жртвата во нејзиното својство на припадник кон определена социјална група.[70] Заради прецизирање на кривичните дела на омраза во правната литература се дава и нивна криминолошка и правна дефиниција.[71] Важно е да се

[69] Последиците од извршеното дело за групата главно се од психолошка природа и се појавуваат во вид на колективен револт, гнев, страв, чувство на онеправданост и слично. Но не е исклучено делото на омраза да има за последица и тешки форми на нетрпеливост, конфликт, колективно насилство, одмазда, па дури вооружен конфликт, кои можат да имаат непоравливи последици за општеството во целина. Камбовски, Владо и Трајковска-Лазаревска, Мирјана, op. cit. стр. 9.

[70] Ибид, стр. 6

[71] Во криминолошка смисла овој поим ги подразбира сите негативни поведенија на поединци кои се мотивирани или имаат за цел создавање и распалување на омраза спрема поединци или групи луѓе врз расна, етичка, полова или друга основа, која една социјална група ја разликува од друга. Криминолошката дефиниција поаѓа од негативните социјални консеквенции на постапките мотивирани со омраза во однос на општествените односи и нивната стабилност, без оглед на тоа дали самото поведение, зад кое стои таков мотив или цел, е изрично предвидено со законот како кривично дело. Во кривично-правна смисла, поимот "дело на омраза" е дејствие изречно предвидено со закон како кривично дело, мотивирано со непријателски

потенцира дека кај овие дела омразата (како негативно чувство на непријателство, аверзија, одбивност или негирање на друг), пристрасност (заснована на предрасуди) или дискриминација се субјективен елемент, мотив, побуда за извршување на насилство спрема поединец или група лица, поради нивната различност, односно припадност кон национална, етничка, верска, трасна, социјална или друга група.

Накратко, делата на омраза претставуваат квалифицирани (тешки) облици на повреда или загрозување на основните човекови слободи и права, кои според начинот на извршувањето може да се манифестираат како физички напад, оштетување на имотот, загрозување на сигурноста, психичко малтретирање, вербални напади, навреди и офанзивни графити, пароли и други јавни изразувања на омраза.[72] Ова е сторено со Новелата на Кривичниот законик од 2009 година ("Сл. весник на РМ" 114/2009), со која во одредбите за одмерување на казната (Општи правила за одмерување на казната) е пропишана нова околност што судот траба да ја има предвид при одмерувањето на казната. Така според чл. 39 ст. 5, "При одмерувањето на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата." [73]

однос кон жртвата како припадник на определена социјална група, или кон самата социјална група. Тоа е криминал на дискриминација, дискриминација на жртвата врз расна, етичка, полова и друга основа. ибид. стр. 7.

[72] Ибид, стр. 16

[73] Целта на законодавецот е јасна: сторувањето на кривичното дело, независно кое, врз таква дискриминаторска основа, треба да се уважува како отежнувачка околност при одмерувањето на казната. Се работи за околност чиешто уважување треба да резултира со казна која е поблиску до максимумот на казната пропишана за казненото дело, отколку до нејзиниот минимум (така, на пример, ако за делото е пропишана казна затвор од една до пет години, казната што ќе ја изрече судот треба да е поблиску до пет, отколку до една година). Ибид, стр. 27. Одредбите од посебниот дел на Кривичниот законик не предвидуваат посебно дело на омраза, кое би се состоело во физичко или психичко насилство, или оштетување имот (со предизвикување можни потешки последици како квалификаторни видови на основното дело), сторено од омраза спрема жртвата поради нејзината припадност на одредена расна, национална или друга група која според своите особености се разликува од другите. Меѓутоа, кај повеќе инкриминации, индиректно или директно, омразата, пристрасноста, односно дискриминацијата врз расна, национална, етничка или друга основа е предвидена како квалификаторна околност, која на основното дело му дава потежок вид, за кој е пропишана и построга казна. Таков карактер има одредбата за тешкото убиство извршено од ниски побуди (чл. 123 ст. т. 4), загрозување на сигурноста (чл. 144 ст. 4), геноцид (чл. 403), злосторства против човечноста (чл. 403-а), одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (чл. 407-а), расна или друга дискриминација (чл. 417). ибид, стр. 31-32.

Со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик од 2018 ("Сл. весник на РМ", 248/2018) кај повеќе кривични дела се додадени зборовите "од омраза" или "ако делото е сторено од омраза", со што, ако се сторени со таков мотив, за тие дела е одредена поинаква (построга) санкција. Тоа е случај со следните шеснаесет кривични дела: Убиство (чл. 123), Телесна повреда (чл 130), Присилба од чл. (139), Противправно лишување од слобода (чл 140), Мачење или друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување (чл 142), Загрозување на сигурноста (чл. 144), Спречување и смеќавање јавен собир (чл. 155), Силување (чл, 186 ст, 3), Неукажување медицинска помош (чл. 208), Тешка кражба (чл, 236), Разбојништво (чл, 237), Разбојничка кражба (чл. 238), Изнуда (чл. 258), Насилство (чл. 386), Скврнавење на гроб (чл. 400) и, Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (чл. 407-а).

Со Новелата на КЗ од 2018 во чл. 122 ст. 42 е утврдена и легалната дефиниција на дела од омраза. Таа дефиниција гласи: "Како дело од омраза изречно предвидено со овој Законик се смета кривично дело против физичко лице или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување".

### б) Говор на омраза

Во најширока смисла, изразот "говор на омраза" означува усно или писмено комуницирање или друг облик на јавно изразување на став во кој било облик на комуникација со други (со конклудентни дејствија, гестови, користење симболи итн.), кој содржи намера, заснована врз предрасуди, да дискриминира, вознемири, предизвика реакција или поттикне негативен став, нетолеранција, непријателство или насилство спрема поединци или групи луѓе, врз основа на нивната расна или родова припадност, возраст, етничка припадност, националност, верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична припадност, културна припадност, морални или политички ставови, социјална состојба, занимање, ментални и физички особини, или која

било друга особина.[74]

Говорот на омраза претставува потешка злоупотреба на слободата на изразување кога е насочен кон дискриминација и повреда или насилно ограничување на еднаквите слободи и права на другите. Поконкретно кажано, кривично-правните забрани на говорот на омраза во крајна линија се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување на насилство (вербално или друго изразување со кое се поттикнува на насилство спрема одредена група или се загрозува сигурноста на поединец, припадник на групата) или друго зло (други потешки повреди на еднаквите слободи и права на другите) или изразување на дискриминаторен однос кон другите (потежок облик на омаловажување, навреда или клевета на одредена група или поединец врз дискриминаторска основа). Во такви случаи постои легитимна основа за пост-авување на законски ограничувања на слободата на изразување кои: 1. мора да бидат утврдени со закон, 2. се поставуваат заради остварување легитимна цел, вклучувајќи заштита на правата на другите (како еднаквоста, слободата, верското уверување, и 3. се нужни во демократското општество.[75]

Врз таа основа, Кривичниот законик на Република Македонија предвидува неколку инкриминации на говор на омраза.

Потежок облик на делото **Загрозување на сигурноста** (чл. 144 ст.4). Со делото е предвидено заканување од сторителот по пат на информатички систем дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност кон определена национална, етничка или расна група или верска определба. За делото е предвидена казна затвор од една до пет години.[76]

---

[74] Ибид, стр. 37.

[75] Ибид, стр. 40.

[76] Текстот на чл. 144 КЗ глси. "(1) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци. (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години. (3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што делото од став 1 ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата или спрема повеќе лица. (4) Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност кон определена национална, етничка или расна група или верска определба, ќе се казни со казна затвор од една до пет

Според моделот на дело на омаловажување во Кривичниот законик се предвидени две специјални дела на навреда врз дискриминаторка основа. Првото претставува потежок облик на делото навреда (чл 173 ст. 2 КЗ), кој се состои во јавно излагање на друг на подбив по пат на компјутерски систем поради неговата припадност на група која се разликува според расата, бојата на кожата, националната припадност или етничкото потекло, или излагање на подбив на групата лица која се одликува со некои од тие особености. Казната за потешкиот облик е парична или затвор до една година. Јавната навреда по пат на компјутерски систем ги содржи следните елементи, кои го разликуваат од основното дело: јавно излагање на подбив, што подразбира една или повеќе навредливи изјави и други постапки на омаловажување, по пат на компјутерски систем и мотивираност на излагањето на подбив, со посебниот однос кон припадноста на жртвата на група која се разликува според расата, бојата на кожата, националната припадност или етничкото потекло, или кон групата на лица која се одликува со некоја од тие особености. За постоење на овој облик на навреда, кој е образец на "говор на омраза", треба да бидат кумулативно исполнети сите посебни услови на општото дело навреда, како и да се утврди причинско-последичната врска ("поради") меѓу јавното излагање на подбив и припадноста на жртвата кон определена група, односно особеностите на самата група (дискриминација).

Но и покрај релативно широкиот правен оквир, кој цели кон регулирање на говорот на омраза, очигледно е дека постојат одредени пречки за ефикасно сузбивање. Една од причините може да е во прешерокиот опсег на законските дефиниции и недостаток на јасни дефиниции, со кои би се олеснила работата на сите релевантни институции.

Несомнено, тоа може и да претставува една од причините за неефикасно борење од страна на жртвите, (лице или група) кои се мета на нападот од говорот на омраза. Недоволното познавање на опсежните законски регулативи, се само предзнак за неизвесна и долга судска процедура. [77]

---

години. (5) Гонењето за делото од ставот (4) се презема по приватна тужба.

[77]Predrag M. Nikolić, Govor mržnje u internet komunikaciji u Srbiji, doktorska disertacija, Beograd, 2018. стр. 111

Специјален, потежок вид на навреда е делото ***Излагање на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија*** од чл. 179 КЗ. Според овој член: "Тој што со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и припадниците на заедниците што живеат во Република Македонија, ќе се казни со затвор од три месеци до три години". Делото се состои во јавно излагање на подбив со намера засмејување на македонскиот народ и припадниците на другите, немнозински заедници, кои како делови на други народи живеат во Република Македонија. Пасивен објект е македонскиот народ и немнозинските заедници (во случај на излагање на подбив на поединец сторителот може да одговара за потешкиот облик на делото навреда од чл. 173 ст. 2. или ако подбивањето е сторено заради предизвикување национална, нетрпеливост - за делото предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од чл. 319 КЗ). Блиски на ова се инкриминациите на повреда на угледот на Република Македонија, нејзиното знаме или грб (чл. 178 КЗ) и јавно излагање на подбив на странска држава (чл. 181 КЗ).

Од февруари 2014 во Република Македонија влегоа во сила нови законски одредби кои забрануваат и казнуваат говор на омраза и ширење на материјали преку интернет кои претставуваат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз која било дискриминаторска основа.
Со измените на Кривичниот законик ("Сл. весник на РМ", бр. 27/2014), чл. 319 со кој се инкриминира кривичното дело ***Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа,*** кое сега гласи:

"(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштестување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализиеана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверување, образование, политичка

припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравествена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години."

Делото во основа е од мешовита природа. Тоа во основа се состои од е омраза, но содржи и покрива облици што се состојат во говор на омраза. Неговото комплексно дејствие на извршување опфаќа не само реални дејствија (присилба, малтретирање, оштетување предмети итн) со кои се предизвикува или разгорува национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост, туку и вербални дејствија како што е излагањето на подбив на националните, етничките или вцерските симболи со кои се прфедвидува таква последица.[78]

Како типично дело на говор на омраза предвидено и во други законодавства, е кривичното дело ***Ширење на расистички или ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем*** од членот 394-г КЗ, според кое:

"(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етичка припадност, јазик, државјснство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратигикуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од едан до пет години.

[78] Од 2014 г. обвинителството нема поднесено ниту едно обвинение за кривично дело по чл. 319 КЗ.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства на јаво информирање.
(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие или насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години."[79]

Во однос на делото омраза што се состои во насилство спрема поединец или група врз дискриминаторска основа, оваа инкриминација се појавува како "претходно дело". Тоа може да биде повод за дела на омраза. ако сторителот успее со ширење расистички или ксенофобичен материјал да создаде кај поединци омраза која ќе се појави како решавачки мотив за извршување на дело на насилство. Таквата цел на сторителот законот ја ограничува на помагање, промовирање или поттикнување омраза, дискриминација или насилство спрема друг или група, одредена според расата, бојата на кожата, националното или етничкото потекло и верската определба. Од дофатот на оваа одредба е исклучено ширењето материјал со кој се поттикнува омраза против група со други особености, како што се политичка, социјална, јазична, полова итн.

Типичен облик на инкриминација на говор на омраза претставува и потешкиот облик на делото ***Расна и друга дискриминација*** од чл. 417 ст. 3 КЗ, според кој "Тој што шири идеи на супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години". Делото може да биде извршено низ три алтернативни облици на дејствието на извршување: ширење идеи за супериорност на една раса, пропагирање расна омраза, или поттикнување на расна дискриминација. Се работи за дејствија насочени кон поширок круг лица што имаат за цел прифаќање на став за нееднаквост и повреда на слободите и правата на луѓето врз дискриминаторска основа. Од ваквите дејствија може да произлезат различни потешки облици на дискриминација, што може да се состојат во извршување и на потешки дела против слободите и правата (геноцид, воени злосторства итн.). Сепак законското битие на делото не опфаќа предизвикување на никаква последица. Делото е довршено со самото

[79] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик ("Сл.весник на РМ," 27/2014).

ширење на фашистички идеи или преземање на дејствие на пропаганда или поттикнување од омраза и расна дискриминација. Според објектот на заштита оваа инкриминација не се разликува од делото Повреда на рамноправноста на граѓаните (чл, 137). Постои разлика во дејствието на извршување, што кај ова дело е ограничено на повреда на основните права заштитени со меѓународни конвенции, врз овде определените основи на дискриминација: кај повредата на рамноправноста на граѓаните објект на дејствието на извршување се сите права, утврдени со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, кои може да бидат повредени врз поширок круг основи (полот, социјалното потекло итн.).[80]
Наведените елементи налагаат дообјаснување на значењето на заштитените карактеристики: верско уверување и родов идентитет, како и на употребените поими: расна омраза, нацизам, етноцентризам, антисемитизам, сексизам, ксенофобија, етничка омраза и нетолеранција, хомофобија, апартхејд, антихристијанизам и, што е од особено значење за нашиот труд, на исламофобијата, религиозната нетолеранција и религиозно прогонство.

***Верско уверување*** е израз на слободата на определувањето според која поединец или група ги делат своие определувања во однос на религиозни верувања и религиозната припадност или неприпадност кон група која застапува исти религиозни погледи.

***Родов идентитет*** е субјективно чувство на припадност или неприпадност на еден од родовите и не е нужно заснован врз полот ниту врз сексуалната ориентација. Родовиот идентитет не се одредува со раѓањето: на неговото формирање влијаат како физиолошки, така и општествени фактори и тоа од најраниот период. Родовиот идентитет е дел од личниот идентитет кој се однесува на социјалната и личната перцепција на поединецот за припаѓање, односно неприпаѓање на сопствениот пол. Денес може да се зборува за редица на родови иднтитети кои најчесто се именуваат со формулата ЛГБТТИ - назив за лезбејки, геј, бисексуални, трансродни, транссексуални, интерсексуални и квир[81] (queer) лица. Постојат повеќе родни идентитети со кои лицето може да се идентификува, меѓутоа најчесто се наведуваат следните категории: маж, жена, и маж и жена, трет пол, ниеден

[80] Ибид стр. 47-48.
[81] *Queer* е поим кој означува форма на отсапување од вообичаените хетеросексуални машки и женски норми на однесување и не се опднесува исклучиво на ЛГБТ лицата. Види повеќе на http://www.montenegro-gay.me/images/Publikacije/PRIRUCNIK_ZA_PRAKTICARE_print.pdf

пол. Родниот идентитет е поим кој најчесто се поврзува со трансродни лица, а најкратко кажано, трансродни лица се сите лица кај кои родниот идентитет се разликува од полот запишан со раѓањето.

***Расна омраза*** е чувство и став на непријателство кон припадниците на други раси кои доведуваат до говор на омраза, дискриминација и извршување кривични дела против нив, базирано врз идеологијата дека меѓу расите постојат непремостиви разлики и хиерархиски однос.

***Нацизам*** претставува идеологија на режимот кој владеел во Германија од 1933 до 1945 г., со доаѓањето на власт на Националната социјалистичка германска работничка партија на Адолф Хитлер. Денес во многу држави, вклучувајќи ја и Германија забрането е застапување на нацизмот кое се смета за кривично дело, запретено со строги казни. Забрането е, исто така, негирање на холокаустот и на неговото постоење што се сметаат за говор на омраза.

***Етноцентризам*** е стојалиште според кое начинот на мислење и поведение на другите групи или општества се смета за неисправен, чуден и инфериорен. Со оглед на тоа што се темели врз општествени предрасуди и неподготвеност за примање на нови информации и создавање нови искуства во допир со другите, етноцентризмот лесно се лепи на идеологиите кои заговараат дискриминација врз основа на расна, религиска и етничка припадност.

***Антисемитизам*** е непријателски став спрема еден од семитските народи[82] - Евреите. Тоа е облик на расна, национална, верска и социјална нетрпеливост која кон нив во историјата беше поврзана со кршење на граѓанските и националните права со насилства и прогонства.

[82] Според Библијата, Ное бил најправедниот човек на земјата, син на Ламех (Битие 5:28) кого, кога наполнил 600 години, заедно со неговата сопруга и неговите синови (Сим, Хам и Јафет) со нивните жени, Бог ги спасил од потопот (Битие 6:9). Од нив водат потекло три големи чоевчки раси: Семити (жолта раса: народите на Азија и Америка), Хамити (црната раса: народите на Африка), и Јафети (белата раса: народите на Европа).

***Сексизам*** е идеологија заснована врз уверување дека еден од половите е инфериорен, помалку способен и со самото тоа помалку вреден во однос на другиот. Сексизмот доведува до навредување, омаловажување, дискриминација или насилство на спротивниот пол поради стереотипно гледање на мажите или жените врз основа на половите карактеристики. За разлика од сексизмот, мизогинија претставува одбивност или омраза кон жените, односно мизандрија - одбивност или омраза кон мажите. Додека кај сексизмот пред сè е во прашање чувството на супер-иорност на еден врз другиот пол, мизогини/мизандри се лица кои го мразат спротивниот пол. Така ако, на пример, ако еден маж тврди дека жените се лоши возачи - тоа е сексизам. Ако притоа додаде дека жените се добри единствено за секс и раѓање на деца - тоа е мизогинија.

***Ксенофобија*** е ирационално чувство на аксиозност или страв од странци. Често се изразува со предрасуди, стереотипи и одбојни ставови спрема странците како и со дејствија кои се состојат во спротивставување на нивно присуство во заедницата што води до дискриминација, сегрегација, судири, а во некои случаи ниво протерување и физичко истребување. Ксенофобијата има пасивен извор во етноцентризмот и верувањето дека е опасно тоа што е непознато за заедницата.

***Етничка омраза*** и нетолеранција е чувство и став на непријателство кон други етнички заедници и нивните припадници, кои доведуваат до говор на омраза, дискриминација и извршување кривични дела. Овие чувства и сатвови се поврзани со етничкото потекло, поим кој се поклопува со народност и национално потекло. Се работи за заедници на луѓе, поврзани со заеднички јазик, култура, традиции и историска меморија, одредени како национална или етничка целина според чувството и свеста на припадност кон таквата заедница.

***Хомофобија*** (од грчки, homos - ист и - phobos - страв) е ирационален страв, омраза, предрасуди и дискриминација спрема лица со хомосексуална ориентација, вклучително и на лицата кои се така перципирани.

***Апартхејд*** е назив за политиката на расна дискриминација во Јужноафричката Република, која им ги скратуваше основните права на мнозинските жители, служејки се со терор и физичко уништување на сите црнци кои се бореа за политичка, економска и социјална рамноправност со белците. Апартхејдот почна да се руши во 1985 г., а во јули 1991 владата ги укина сегрегациските закони. Новиот Устав од 1993, воведе еднаквост на сите граѓани, така што на изборите во април 1994 за првпат своето право на глас го искористија мнозинството жители со темна боја на кожата.

***Антихристијанизам*** или кристијанофобија е чувство и став на непријателство кон христијанството, неговите практики и припадници, кои може да доведат до користење на говор, дискриминација и извршување кривични дела против христијаните.

***Исламофобија*** е изразување страв, омраза и предрасуди како и сите акции и практики што ги напаѓаат, исклучуваат и дискриминираат исламската религија и муслиманите, особено кога кон нив се гледа како геополитичка сила или како извор на тероризам. Постојат и други термини кои се користат за изразување на негативни чувства кон Исламот и муслиманите, како што се: анти-муслиманство, нетолеранција кон муслиманите, антимуслимански предрасуди, анти-исламизам, демонизација на исламот или муслиманите итн.[83]

***Религиозна нетолеранција*** е форма на нетолеранција против религиозни верувања или практики на некоја личност или група, која може да биде мотивирана од различни религиозни убедувања, од антирелигиозни чувства, како и од разни видови на идеологии.

Просторот не ни дозволува подробно да се занимаваме со бројните негативни примери на верска нетолеранција од минатото, од кои некои не се надминати ниту во сегашноста. Но, како загрижувачки примери на верка толеранција во современите демократии може да се наведат: примената на шеријатскиот закон од страна на исламските судии во Африка и Азија, уништувањето на статуите на Буда од страна на Талибанците во Авганистан,

[83] Европската комисија против расизмот и нетолеранција (ЕКРИ) исламофобијата ја дефинира како "страв или предрасуда кон исламот, муслиманите и прашањата кои се однесуваат на нив", додавајќи дека таа зема облик на расизам, дискриминација и насилни форми кои претставуваат кршење на човековите права закана за социјалната кохезија.

неколку деценискаta верска војна во Ирска, етничкото чистење на верска основа во Југославија, отпорот да се толерират верските симболи во Франција, изјавите на екстремната десница во Индија дека малцинствата треба да се интегрираат во културата на Хиндусите, итн. Екстремен случај на религиозна нетолеранција е религиозно прогонство, кое може да вклучи поттикнување на омраза, на злоупотреба, насилство, постојана агресија и предизвикување смрт на поединец или на религиозна група (неоправдани егзекуции), тортура, затворање, уништување на имот итн.

# IV МЕДИУМИТЕ ПОМЕЃУ СЛОБОДАТА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

## 1. Традиционални медиуми

Во криминолошката литература некои содржини на традиционалните медиуми или масовни медиуми[84] и нивното влијание врз свеста, навиките и поведението на луѓето често се доведуваат во врска со појавата на општиот криминалитет и посебно со говорот на омраза. Притоа некои автори го застапуваат мислењето дека тие средства преку определени содржини се јавуваат како битни, изразено негативни облици на влијание, други сметаат дека негативното влијание на тие средства е незначително или никакво, а трети се некаде на средината признавајќи им на определени содржини само делумно поттикнувачко дејство во врска со создадената криминална ситуација и односи.

Првата група автори, тргнува од стојалиштето дека средствата на масовната комуникација со својата содржина не вршат значително влијание врз јавувањето на агресивноста и поведението на луѓето. Во тие содржини најчесто се среќаваат исколчени сфаќања што ги поттикнуваат и стимулираат не-здравите ставови, интереси, мотиви и агресивниот потенцијал на човекот, а сето тоа претставува една од битните причини за јавувањето на криминалитетот и другите облици на казниво и девијантно однесување.

Авторите кои го прифаќаат стојалиштето дека негативното влијание на средствата на масовната комуникација е незначително или никакво, своето мислење го засноваат врз три заклучоци. Првиот од тие заклучоци, е дека мал број лица се подложни на овие влијанија. Вториот се состои во неизвесноста на овие влијанија, а третиот во позитивното влијание на овие средства и во случаите кога се соопштуваат настани што според спротивните сфаќања поттикнуваат на криминално однесување.

---

[84] Во масовните медиуми (ан. масс медиа) се поместени исклучиво медиумите кои информираат: весници и друг печат, радио и ТВ програми, содржини на новинските агенции, електронски публикации, телетекст и останатите форми на дневно или периодично објавување обликувани содржини пренесени во пишана форма, со звук или слика. Медиуми не се книги, учебници, каталози и други носители на информации кои исклучиво се наменети за образовен, научен или културен процес, огласување, деловна комуникација итн. На масовните медиуми им се заеднички нивните пораки потенцијално им се достапни на сите и што главно течат еднонасочно од медиумите спрема корисниците, што публиката им е хетерогена, анонимна и просторно распрсната.

Меѓутоа, најголемиот број автори од оваа област се приклонуваат кон третото стојалиште.[85] Во нивните трудови се изнесуваат низа логички претпоставки што упатуваат на тоа дека и средствата на масовната комуникација се еден од криминогените фактори, но нивните сознанија во тој поглед најчесто не се научноемпириски потврдени за врз основа на тоа да може со сигурност да се зборува за овој проблем. Се чини, меѓутоа, дека сепак не можеме да се сомневаме оти многубројни литерарни и новинарски состави и различни содржини што ги соопштуваат радиото, телевизијата и филмот вршат определено негативно дејство и врз јавувањето на криминалните појави. Во таа смисла, со право треба да се укаже на огромната моќ на нивното делување што произлегува од нивната насоченост кон особено голем аудиториум; на нивното непредвидливо криминогено дејство со оглед на хетерогениот состав и анонимноста на оние кон кои се упатени тие содржини; на концизноста и сензационалноста на нивниот пласман; на брзината со кои се шират нивните информации и со оглед на смалената критичност со која се следат; на честата површност, нестручност, па дури и циничност во нивното обликување, на непотребното опишување или прикажување подробности во врска со начинот на извршувањето на одделни кривични дела и нивното сокривање; на преголемото експлоатирање вистинити или измислени настани, свирепост, пукање, убивање, сексуални перверзии, алкохолизам, авантуризам, лесно здобивање со пари, распуштен и хедонистички начин на живеење, неморални поведенија и слични приказни во разни криминалистички романи, раскази, филмови, телевизиски серии, стрипови и сл.; на изоставување такви содржини што се занимаваат со условите и причините на криминалитетот и методите на нивното превентивно сузбивање; на недоволното информирање за целите на кривичните санкции со поддржување на ставот на јавноста склона кон идеите на ретрибуцијата итн.

Влијанието на средствата на масовнатата комуникација не зависи само од нивната моќ, туку и од разни други околности од лична и социјална природа на оние кон кои се

[85] Суштината на оваа концепција е дека публицитетот може да има определено дејство врз одредена категорија на лица и тоа врз оние со разни психички деформации, кај кои веќе постои тенденција кон социјална недисциплина и кои се карактеризираат со слаба волја. Најголемиот број од овие автори смета дека дејството на публициетот се состои во имитирање на начинот на извршувањето на кривичните дела изложени во печатот (и другите средства на масовната комуникација)

насочени. Во таа смисла несомнено се важни полот, возраста, воспитувањето и образованието, општествената и етичката свест, културното рамниште, животното искуство и бројни други елементи од психолошката структура на личноста, подложени на такви влијанија. Поради тоа може да се приклониме кон сфаќањата што во средствата на масовната комуникација гледаат еден од факторите со делумно криминогено дејство, како врз општиот криминалитет, така и врз јавувањето на говорот на омраза и навредливиот говор.

Јазикот и начинот на кој општат новинарите, намерно или ненамерно се однесува на целиот сет на текстови, вклучително и наслови, фотографиите и слични елементи. Тој јазик може да прерасне во говор на омраза поради следниве нивни "грешки".

Новинарска негрижа: кога новинарот без размислување користи непотребни подробности, кои подоцна можат да создадат негативна перцепција за публиката на одредена социјална група.

Несоодветни и сензационалистички наслови: кога новинарот користи еден вид рекламирање за да го привлече вниманието на читателите. Тука започнува играта во која учевствуваат оние кои ги сакаат сензациите и оние кои преку својот висок тираж ги сакаат нивните пари. Едноставно, важна е веста. А веста, иако верувам новинарите тоа добро го знаат, наликува на растурање на пердувите од некоја поголема перница. По веста може да следи демант. Неговата дефиниција е макотрпно враќање на сите пердуви во навлаката од веќе растурената вест. Но, кого веќе го интересира демантот(?) Важно е дека целта е постигната - весникот е продаден.

Статистички искушенија: кога новинарот ги сокрива или претерува со статистичките податоци за да го нагласи посебното значење на она што преку нив сака да го постигне.

Мешање на социјални проблеми со етичка реторика: кога новинарот еден проблем го сведува исклучиво во национална рамка, иако во реалноста прашањето што се разгледува е многу пошироко и не се однесува само на една социјална група.

Заземање на погрешна страна: Новинарите имаат право, па дури и обврска да пренесуваат информации па дури и кога е во прашање говорот на омраза, меѓутоа многу е важно дали новинарот пренесува говор на омраза за да го рекламира или за да го осуди.

Јасно е дека вакви појави постојат и покрај јасната определба на чл. 10 од ***Кодексот на новинарите на Македонија,*** според кој: *"Новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права и слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална, ориентација, политичка...)".*[86]

## 2. Социјални медиуми

Социјалните медиуми се комуникациски веб-страници на интернет со кои на корисниците им се овозможува создавање и размена на најразлични содржини и информации. Според Andreas Kaplan и Michael Haenlein постојат шест вида на социјални медиуми: 1. Соработнички проекти (collaboration projects, прим. Wiki,[87] Pixnet, Weibo). Тоа се веб-страници кои на своите корисници им овозможуваат да менуваат, додаваат или бришат содржините кои се наоѓаат на нив. 2. Блогови и микроблогови (blogs and microblogs, [88] прим. Twiter, Tumblir, WordPress, Blogger), Тоа се веб-страници на кои корисниците можат да го дадат својот коментар на одредени информации и содржини. 3. Заедница на општествени содржини (content communities, прим. YouTube, Istagram, Fliker). На овие веб-страници се споделуваат медиумските содржини како што се слики, видеа, книги итн. 4. Сајтови на општествено вмрежување (social networking sites, прим. Facebook, Google+, итн.). Тоа се веб-страници кои на корисниците им овозможуваат да се приклучат со

[86] Види повеќе: http://znm.org.mk

[87] Wiki е услуга која на секој корисник му овозможува да придонесе за надградување на содржината на енциклопедии кои се однесуваат на сите области на интерес. Википедија е меѓу најпознатите од нив.

[88] "Микроблогирање претставува краток текст кој им овозможува на корисниците да праќаат блог во ограничена должина и е инспирирано од пораките на мобилните телефони." Максуд, Ерол, Шундуловска, Марија и Гелев, Сашо, *Новиот начин на комуникација*: Социјални мрежи. Види: http://eprints. ugd.edu.mk/-7080/1/EURM-2012-Liceto%20na%20krizata%20Nov%20nacin%20na% 20komunikacija.pdf. стр. 303.

правење на лични информации и да се поврзуваат со други.[89] 5. Сајтови за виртуелни игри virtual game worlds, прим. World of Warcraft). Тоа се веб-страници кои овозможуваат видео игри. 6. Виртуелни социјални светови (виртуал социал њорлдс, прим. Second Life). Веб-страници каде што корисниците (наречени жители) чувствуваат дека живеат во виртуелен свет и можат да комуницираат со други луѓе преку избор да личат на себе си или на подвижни аватари (креирани како луѓе, животни, зеленчук, минерали, итн.). Социјалните медиуми на интренет се овозможени од социјалните платформи, или попрецизно, социјалните платформи обезбедуваат различни социјално мрежни услуги.[90]

Социјалните медиуми во Македонија се категоризирани како: забавни информативни веб-страници, тематски информативни веб-страници, информативни веб-страници за вести, како и онлајн изданија на традиционалните весници. Социјалните медиуми/интернет порталите не се опфатени со регулативата за медиумите.

За разлика од традиционалните медиуми (весници, радио станици и телевизиски канали), кои како средства за својата дејност ги користат печатените изданија како и радио и телевизиски сигнали, за што е потребно инвестирање на големи средства, социјалните медиуми за истата цел го користат само интернетот. Оттаму, секој од нас, речиси без никаков трошок може да има свој социјален медиум, на кој може слободно да уредува, додава, менува разни содржини, слики, видеа, графики итн. Корисниците на тие социјални

[89] "Социјални мрежи се места за интеракција каде учеството и дискусијата се основа и каде што луѓето можат да зборуваат за своите чувства, идеи и креации. Или, народно кажано, социјалните мрежи може да се дефинираат како веб-базирани услуги кои им овозможуваат на поединците да изградат јавен или полујавенн профил во рамките на определен систем, артикулираат листа на други корисници со кои имаат врска и преглед на нивната листа на врски и оние кои се направени од другите во рамките на системот." Максуд, Ерол, Шундуловска, Марија и Гелев, Сашо, op. cit. str. 390-391. Социјални мрежи (Online social networks - OSN) и веб-страниците за микроблогирање привлекуваат повеќе корисници од кои било друг вид на веб-страници.

[90] Социјална платформа (сајт за социјално вмрежување или веб-страница на интернет), е сервис кој на корисниците (оние што имаат свој профил: отворена лична веб-страница) им овозможува да се вмрежуваат и да комуницираат со лица кои споделуваат исти или слични интереси, активности, потекло или врски во стварниот живот. Пример се: Facebook, Twitter, Instagram, Reddit, Gab.ai (kreiran vo 2016 kako alternativa na Twitter), Discord, Spotify, Google+, YouTube, Snapchat. Овие платформи нудат отворен простор луѓето да разговараат, да разменуваат мислења, коментари и пораки, а нивниот огромен број го прават речиси невозможно контролирањето на нивната содржина. На интернет постојат стотици социјални платформи, од кои според бројот на посетноста, најпопуларни се: Facebook, WhatsApp, YouTube, Facebook Messenger, WeChat, QQ, Instagram, QZone, Tumbir, Twitter, Sina Weido, Baidu Tieba, Snapchat, Skype, Viber, Line, Printerest, YY, Linkedin, Telegram.

медиуми, исто така можат лесно преку интернет да пристапат до тие медиуми и нивните содржини, да споделуваат идеи, да најдат пријатели и соработници и да комуницираат со нив. Сето тоа доведе до рапиден раст на социјалните медиуми како и бројот на луѓе кои се нивни автори и корисници. Покрај нивната енормно зголемена достапност, меѓу другите предности на социјалните над традиционалните медиуми, поместени се границите на нивната употребливост (не бараат посебни способности и обука), непосредност (овозможуваат брз одговор), променливост (содржините на социјалните медиуми можат постојанио да се менуваат и коментираат) и, секако, нивниот поширок домет (споделување на идеи без оглед на местоположбата во светот).[91]

Овие предности ги овозможи интернетот[92] како современа придобивка на нашето живеење. Покрај размената на искуства и неопходни информации, интернетот меѓу другото овозможи и брзо сознавање за слободни работни места, помош во пронаоѓање прифатливи места за патување, афирмација на многу талентирани и креативни млади лица, олеснување на размена на стоки и услуги.

Од друга страна интернетот доведе до несакани последици: стана нешто од што може да се создаде зависност, место каде што може да се шират најразлични лаги, гнев, подсмев, секов вид вулгарности, агресивност, каде може да се навредува, да се тролува,[93] каде

[91] На Интернет, на кој постојат најмалку четири и пол милијарди веб-страници, секоја минута се објавуваат 452 илјади твитови, се испраќаат 16 милиони СМС пораки и 156 милиони мејлови, само на Google се случуваат 3,5 милиони пребарувања, на Facebook се логираат 900 илјади корисници, на Instagram се објавуваат 46 илјади фотографии, на YouTube се гледаат речиси 4 милиони видеа, а преку онлајн купувања, само за една минута се трошат 751.522 долари . Се разбира овие бројки и други показатели се менуваат секоја секунда што може постојано да се набљудува на: http://www.inter netlivestats.com/.

[92] Поимот интернет значи "во мрежа" или интерна конекција меѓу повеќе компјутери. Интернетот се повеќе се нарекува глобална мрежа на информации или глобална база на податоци. Бројот на компјутери на Интернет се проценува дека изнесува две милијарди.

[93] Тролување е намерно попречување на комуникација која се одвива преку интернет, најчесто на различни социјални мрежи, форуми, блогови или коментари во онлајн изданија на весници. Во тролување може да спаѓа критикување, антагонизирање (особено со навредливи коментари, провокации, презир или потсмев) намерно изнесување на неточни, непроверени или "пренадуени" информации, разгорување на неаргументирани расправи и кавги, навредување по која било основа или покажување решителна тврдоглавост при бранење на неаргументирани ставови. Интернет или онлајн трол, пак, е тој кој објавува навредливи и контроверзни коментари, со единствена цел да предизвика проблеми: да испровоцира нечија реакција (да ги намами жртвите на одговор на бесмислени или груби прашања или изјави). Трол може да биде секој кој има за цел да ја наруши комуникацијата или да уништи нечие расположение додека е на интернет. Тој обично не е тематски заинтересиран, туку настапува агресивно со обид за создавање раздор во заедницата со дискредитирање на лица со поинакви мислења или насочување на дискусија во непродуктивна

може лесно да се создаде лажен профил/и[94] и да се шират лажни вести, да се врши електронско или дигитално насилство (познато и како сајбер малтретирање или cyber bulling[95] и секако, она што е од посебен интерес на овој труд, да се шират различни форми на говор на омраза и навредлив говор.

Наведените карактеристики на интернетот и предностите на социјалните медиуми се главниот фактор што повикувањата на насилство, етничка омраза, ксенофобија, закани кон национални и други малцинства, сè до директно повикување на линч и пресметка со поединци, од традиционалните медиуми сè повеќе се префрла и заседе значајно место на медиските сајтови, социјалните мрежи и различни форуми. Со тоа говорот на омраза само се помести таму каде што не е воопшто или е помалку казнив, со истовремено зголемување на ефектите на своето дејство.

Правилниците за корисници на поголемиот број друштвени мрежи и интернет портали, најчесто содржат предупредувачки насоки и забрани за објавување на содржина која може да се окарактеризира како говор на омраза.[96]

---

насока. Неговото главно оружје за остварување на тие намери е провокација. Зборот трол е позајмен од нордиската митологија каде значи натприродно мало (џуџе) или големо (гигант) грдо суштество што демне на темни места (пештери и планини), чекајќи плен.

[94] Лажните профили на социјалните мрежи (Facebook, Twitter, итн.) претставуваат сé поголем проблем, зашто за тоа е доволно да се има само нечија е-маил адреса. Најчести жртви на крадците на идентитет се политичари, новинари, глумци и други видни личности. Непознатите лица со отварањето на лажните профили ја доведуваат во заблуда јавноста за да го нарушат угледот на жртвите, меѓу другото, така што во нивно име често шират говор на омраза или навредлив говор, а врз основа на тоа, не така ретко, остваруваат и материјална корист. Се проценува дека од 955 милиони активни месечни корисници, 8,3% (што изнесува 83 милиони) се лажни.

[95] Под електронско насилство се подразбира праќање пораки по пат на интернет или мобилен телефон во форма на текст (наислни и навредливи коментари), видео содржини (снимки од сурови насилни и порнографски сцени и сл.), фотографии, вируси, навредливи приказни, цртежи, слики и шеги, како и заканувачки пораки. Целта е повредување, навредување, вознемирување, понижување, нанесување штета и ширење страв кај жртвите. Последиците од електронското насилство можат да бидат особено тешки. Така, на пример, докажано е дека најмалку девет американски и англиски тинејџери извршиле самоубиство зашто не можеле да ја издржат онлајн тортурата на која биле изложени на сајтот Аск.фм-у Види повеќе: https://www.telegraf.rs/vesti/831596-smrtonosni-sajt-devet-tinejdzera-se-ubilo-zbog-uvreda-na-ask-fm-u

[96] Predrag M. Nikolić, Govor mržnje u internet komunikaciji u Srbiji, doktorska disertacija, Beograd, 2018. стр. 115

Честопати, грижата за сузбивање на навредливиот говор и говорот на омраза зависи од оквирот на уредувачката политика на медиумот. Модераторите се оние кои се грижат за чистиот медиумски простор кој треба да претставува поле за квалитетна расправа и размена на мислења. Токму навредливиот говор и говорот на омраза се деструктивните елементи, кои ги разнишуваат демократските расправи и општата комуникација на интернет порталите. А причините за наше учество во интернет заедницата се всушност сè побројни, па според истражувачката куќа Global Wendlandex, ги одделуваме најчестите: следење на активностите на пријателите; читање вести и следење на актуелни настани; исполнување на слободното време; барање смешни или забавни содржини; остварување контакти со други луѓе; контакт со пријатели; споделување на фотографии и видеа; изразување на сопственото мислење; купување и пазарање и запознавање нови личности.[97]

[97] Види повеќе: http://marketing 365.mk/ socijalnite-mrezi-povekje-sluzat-za-konzu-miranje-otkolku-za-objavuvawe-na-sodrzini/

# V ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НИЗ ПРИМЕРОТ НА "ШАРЛИ ЕБДО"

## 1. Од Хара-Кири до Шарли Ебдо

Списанието Шарли Ебдо, првично познато како "Хара-Кири"[98] е основано во септември 1960 година, од страна на Франсоа Кавана (Francois Cavanna) и Жорж Барние (Georges Barnier, aka Le Professeur Choron). На 18.07.1961 г., списанието е забрането, со наредба на министерот за внатрешни работи и оценето дека неговите содржини се на границата на порнографијата и садизмот. Списанието повторно се појавува во 1962 г., за повторно да биде забрането во 1966 г. Три години подоцна списанието е преименувано во "Хара-Кири Ебдо", и го издава првиот број под тоа име. Седум дена по смртта на Шарл де Гол, во списанието е објавен текст под наслов "Bal Tragique a Colombey - un mort" (Трагичен бал во Коломби - еден мртов)[99], во кој се исмејувала неговата смрт, поради што списанието било повторно забрането од министерот за внатрешни работи.

Списанието повторно се појавува во 1981 г., но поради опаѓање на бројот на читатели, објавувањето запира истата година, со бр. 580, и се отвора дневниот Charlie Matin (Утрински Шарли), кој излегува само три дена (од 16 до 18 март 1981 г.). Бројот 581 се појавува една година подоцна, во декември 1982. За да продолжи со издавање, списанието го менува своето име во Шарли Ебдо (француски Charlie Hebdo, Неделен Шарли)[100] и повторно започнува да се печати во 1992 г.

[98] Традиционална јапонска форма на чесно самоубиство (познато и по неговиот кинески еквивалент sepuku), кое било практикувано од страна на јапонските феудални воини со цел да се избегне паѓањето во рацете на непријателот.

[99] Шарл де Гол (Charles de Gaulle) починал на 09.11.1970, во својата резиденција во селото Colombey-les-Deux-Eglises, на возраст од 79 години, една недела откако во пожар во ноќниот клуб во Јужна Франција загинале 146 лица.

[100] Првиот дел на името на списанието Шарли потекнува од француската верзија на името Чарли Браун од стрипот Peanuts и укажува на почетоците на ова списание во областа на стрип магазините, додека вториот дел на името Ебдо во францускиот јазик е кратенка од hendomadaire за означување седмичен магазин или весник. Списанието за првпат се појави во Париз во 1992 година, со тираж од околу 140.000 примероци.

Списанието под тоа име почна да објавува карикатури, извештаи, полемики и шеги а станува препознатливо по својот строго неконформистички став. Од списанието пак, се опишуваа и сè уште се опишуваат себе си како силно антидесничарско и антиверско настроени критичари кои објавуваат статии, стрипови и карикатури против крајната десница, против религијата (католицизмот, исламот, јудаизмот), политиката, културата итн.

## 2. Подбивање со Исламот и со Мухамед

На 09.02.2006 г., Шарли Ебдо беше еден од малубројните медиуми кои прикажаа карикатури на Мухамед, кои првично (на 30.09.2005 г.,) биле објавени во данскиот весник Jullands-Posten.[101] Меѓудругото, Мухамед бил претставен со турбан во кој е сместена бомба со запален фитил и натпис на неа Shehadat[102], со рогови на главата и меч во раката пред две жени со бурка, како загрижен оди низ пустина потпирајќи се на стап и води магаре зад себе.

Критичарите овие карикатурите ги оценија како исламофобични или расистички и тврдеја дека тие преставуваат исмевање на луѓето од муслиманската вера и дека нивната намера е понижување на малцинството во Данска. Од друга страна, поддржувачите се изјаснија дека карикатурите илустрираат важно прашање во периодот на исламскиот тероризам и дека нивното објавување е легитимно остварување на слободата на говор. И покрај целосната свест за последиците што ги предизвика објавувањето на овие карикатури, Шарли Ебдо не само што ги препечати сите дванаесет оригинални карикатури од Jullands-

[101] Поради објавувањето на карикатурите, имало смртни закани против данските карикатурити како и еден обид за убиство. Ова доведе до протести во муслиманскиот свет, од кои дел ескалираа во насилство, при што полицијата пукаше врз толпа од демонстранти што резултираше со повеќе од 150 смртни случаи. Притоа, биле запалени дански амбасади и конзулати во Сирија, Либан, Авганистан, Иран, Пакистан, Нигерија и Индонезија, а данските производи биле бојкотирани. На 11 декември во Стокхолм имало и еден самоубиствен напад од кој, заради предвремено активирање на експлозивот, настрадал само самоубиецот Tajmur Abdulhabab, шведски државјанин роден во Ирак. Види повеќе: https://www.nybooks.com /daily/2011/02/09/why-are-muhammad-cartoons-still-inciting-violence/

[102] Shehadet (shehada) е арапски збор кој значи усмена изјава за прифаќање на Исламот, изјава на вера, сведочење или прогласување на верата. За некое лице да биде сметано за муслиман од страна на другите луѓе, потребно е да изговори шехадет во присуство на најмалу два сведоци муслимани. Муслиманските верници ја исповедаат верата со изговарање на следниве зборови: "Верувам и сведочам дека нема друг бог освен Алах" и "Верувам и сведочам дека Мухамед е Божји роб, Божји пратеник". Секој муслиман е должен да ги изговори овие зборови повеќепати на ден, а два пати во склоп на своите дневни молитви.

Posten[103] туку и ги надополни. Притоа, на нивната насловна страна беше ставена карикатурата на нивниот карикатурист Кабу, под наслов "Мухамед обземен од фундаменталисти". На таа карикатура Мухамед е прикажан во црна облека како се држи за глава и вели: "Тешко е кога те сакаат идиоти."[104] Во споредба со редовната продажба од 100.000 примероци, ова издание доживеа голем комерцијален успех. Првично се продале 160.000, а дополнителни 150.000 примероци биле испечатени уште истиот ден.

Потоа следувала тужба од страна на Големата џамија во Париз, (The Grand Mosque de Paris), Сојузот на исламските организации во Франција (Union of Islamic Organisations in France - UIOF), Муслуманската светска лига (Muslim World League) и Францускиот совет на муслиманската вера (Council francais du culte musliman - CFCM). Меѓутоа, по судењето одржано на 7 и 8 февруари во 2017 година, надлежниот суд со пресуда објавена на 22 март истата година, го ослободува Шарли Ебдо од вина.[105] Судот застана на стојалиште дека богохулењето не претставува говор на омраза и дека сатирата на исламот е заштитена со закон.[106] Според судот, иако провокативно, преземањето и повторното печатење на данските карикатурите било заштитено како "слобода на изразување и комуницирање на мислењата". А што се однесува до карикатурата од насловната страница на Кабу, судот се произнесе дека: "И покрај шокантната па дури и повредливата природа на карикатуата за муслиманите, контактот и околностите на нејзиното објавување во Шарли Ебдо изгледа дека ја исклучуваат секоја намера директно и неучтиво да ја навреду-ваат муслиманската заедница (...) и дека: "Карикатурите на Мухамед не се стремеле кон група на луѓе, туку кон верување, а тој вид на потсмев е заштитен."[107]

[103] Дванаесете карикатури биле објавени под заеднички наслов "Лицето на Мухамед". Види карикатура бр. 1.

[104] Види карикатура бр. 2.

[105] Во тужбата беа посочени три карикатури: карикатурата на Кабу од насловната страница, данската карикатура на која е прикажан Мухамед со турбан во кој е сместена бомба, и карикатура со Мухамед како седи на облак и на пилотите камикази им се обраќа со зборовите: "Стоп, запрете, ни снема девици".

[106] Види повеќе: http://www.atour.com/news/international/20101211a.html

[107] Види повеќе: http://bostonreview.net/forum/john-bowen-france-after-charlie-hebdo

Патем речено, голем број муслимански организации согласно чл. 140 и 166-б од данскиот кривичен законик имаат поднесено пријави и против Jullands-Posten. Членот, познат како *закон за богохулство*, забранува вознемирување на јавниот ред со јавно исмевање или навредување на догмите за обожување на која било законска религиозна заедница во Данска, а чл. 166-б го регулира говорот на омраза, меѓу другото и врз основа на верска припадност. Јавниот обвинител во Виборг ја прекинал истрагата, не наоѓајќи основа за заклучок дека имало кривично дело. Образложението за тоа било дека карикатурите се однесувале на предмет од јавен интерес. Обвинителот меѓудругото изјавил и дека правото на слобода на говор мора да се остварува со неопходно почитување на човековите права на другите, почитувајќи го и правото на заштита од дискриминација, навреда и деградација, а во пријавениот случај не постоело очигледно кршење на законот.[108]

На 01.03.2006 г., Шарли Ебдо го објави Манифест 12, во кој ги наведе изјавите на дванаесет муслимански интелектуалци од областа на културата, кои Исламизмот го окарактеризирале како нова светска тоталитарна закана. Покрај Ајан Хирси Алија и Салман Ружди, меѓу другите потписниците бил и тогашниот директор на редакцијата, Филип Вал.

На 02.11.2011 г., излезе бр. 1011 на списанието Шарли Ебдо, издание кое беше преименувано во Шеријат Ебдо,[109] (Charia Hebdo) а како главен и одговорен уредник беше наведен Пророкот Мухамед. Покрај тоа, на насловната страна беше поместена карикатура на Муахамед, кој вели: "Сто удари со камшик ако не умрете од смеа."[110] Поради тоа, на 02.11.2011 г., канцеларијата на весникот беше нападната со молотов коктел, а нивната веб-

[108] Види повеќе: https://lareviewofbooks.org/art -icle/what-charlie-hebdo-taught-me-about-freedom-of-speech/

[109] Шеријат е збир на муслимански верски, кривични и граѓански закони засновани врз Куранот, кои за разлика од адетот, се засновани врз обичаите. Шеријатот не ги уредува само односите на верниците со заеницата и државата туку и со Алах и сопствената совест. Тој е составен од четири извори: Kuran, Sunna (книгата за Мухамед), Idma (согласност на заедницата) и Kijas (заклучоци од првите три извори). Поделен е во осум категории: 1. Farz – Тоашто Алах изречно го наредил (пет молитви на ден). 2. Vadib – Тоашто според Алах е потребно и исправно, но не е пропишано со Куранот (давањето милостиња за Бајрам). 3. Sunnet – Тоашто во практиката го спроведувал пратеникот на Алах, Мухамед. 4. Mustahab – Тоашто Алах го препорачал (пофалил), но не го пропишал како задолжително и не е грев ако се изостави (миење на забите). 5. Mendub – Тоашто според Алах не носи ниту награда, ниту казна (седењето). 6. Mashruh – Тоашто Алах го определил како сомнително, непознато (храна за која не се знае дека содржи недозволени состојки). 7. Mekruh – Тоашто Алах го определи како непожелно, немило (молење во време на излегување). 8. Haram – Тоашто Алах изречно или целосно го забранил (пиење алкохол, јадење свинско месо).

[110] Види карикатура бр. 3.

страницата беше хакирана со порака на англиски: "Вие го злоупотребувата Семоќниот Пророк на Исламот со одвратни и срамни карикатури користејќи изговори за слобода на говорот". Наместо очекуваното повлекување, веќе во наредниот број, распалениот пожар се разгори со објавувањето нова карикатура насловена: "Љубовта е посилна од омразата". На неа се прикажани двајца мажи како се бакнуваат - еден облечен во маичка "Шарли Ебдо", а другиот со брада и облека што треба да сугерира конзервативен верски муслиман. Во позадината се гледаат остатоци од пожарот, кој наводно ја уништил целата зграда.[111]

На 07.01.2015 г., парискиото седиште на сатиричниот весник беше цел на крвав напад, кога од двајца вооружени џихадисти (браќата Шариф и Саид Каучи) беа убиени дванаесет (осум новинари, двајца полицајци, градежен работник и гостин) а единаесет лица повредени. Напаѓачите притоа извикувале Алах Акбар[112] и одмазда за Пророкот. Ова беше втор напад на канцелариите на весникот од екстремистичка група. Причина на нападите - објавувањето на голем број карикатури со Пророкот Мухамед, а одговорноста за нападот ја презема Ал Каеда и ИСИС.

По нападот убијците беа ликвидирани, а редакцијата беше префрлена на непозната локација, која, како што велат самите новинари, личи на бункер со решетки на прозорците и вооружено обезбедување за кое се трошат многу пари. Тоа не ја попречи нивната работа, туку напротив, списанието стана уште попопуларно, така што веќе неговото следно издание беше продадено во околу 8.000.000 примероци а беше достапно на шест јазици. Претходно, неговиот тираж изнесуваше приближно 60.000 примероци печатени само на француски јазик.

Во првиот број по нападот, на насловната страница на списанието повторно беше објавена карикатура на Мухамед, овој пат како плаче држејќи плакат на кој е напишано "Je suis Charlie" (И јас сум Чарли), а над неговиот лик, банер: "Сè е простено". Таквата насловна страница од редакцијата беше протолкувана како знак дека не чувствуваат омраза кон

[111] Види карикатура бр. 4.

[112] "Алах акбар" е арапски термин кој значи "Алах е Голем". Со него се врши текбир одн. возвишување на Алах. Муслиманите го користат во различни контексти: во формална молитва, во повикот за молитва, како неформално манифестирање на верата, во тешки времиња или за да се изрази некоја решавачка одлука.

браќата Шариф и Саид Каучи и покрај нивниот смртоносен напад ги повикуваа останатите да прифатат хумор. Карикатуристот Ленард Лузие го престави новиот број на списанието со зборовите[113]: "Ова е наша страница, а не она што светот го очекува од нас, туку она што го сакавме. Ниту тоа е она што терористите го очекуваат, бидејќи таму нема терористи. Жал ми е што повторно го мапиравме Мухамед, но Мухамед што го покажавме е пред сè човек кој плаче."[114]

Новата карикатура од муслиманскиот свет, беше дочекана како додавање сол на отворената рана.[115] Наспроти нив, поранешниот претседател на Франција, Франсоа Фијон, ја оцени како прекрасна бидејќи носи пораката на сочувство што го изразија сите региони и додаде: "Не може да има дебата за слободата на изразувањето".[116]

Шест месеци по нападот на редакцијата на Шарли Ебдо, главниот уредник Лорен Сурсисо (Laurent Sourisseau, aka – Riss), кој го преживеа терористичкиот напад, изјави дека нивното списанието ќе престане да објавува карикатури на Мухамед.[117]

По извесен период на смирување на тензиите, Шарли Ебдо повторно продолжи со провокативни портретирања, со таа разлика што наместо Мухамед во своите насловни страници на нишан го стави Исламот во целост. Во меѓувреме, на насловните страници продолжија да се објавуваат и други шокантни теми.

[113] Види карикатура бр. 5

[114] Види повеќе: https://www.focus.de/politik/ausland/karikaturen-gegen-den-schmerz-so-verarbeitet-charlie-hebdo-die-ausloeschung-seiner-redaktion_id_4404264.html

[115] Кривичниот суд во Истанбул ги осуди на две години затвор новинарите Булент Уку и Чејда Каран, за поттикнување омраза и навреда на верските вредности. Осудата следуваше затоа што, во 2015 година во весникот Џумхуриет, од насловната страница на Шарли Ебдо, тие ја репродуцирале карикатурата на Мухамед на која тој го држи знакот "Јас сум Чарли". Види повеќе: https://www.Lexpress.fr/actualite/monde/europe/caricature-de-mahomet-reproduite-dans-un-journal-2-journalistes-turcs-en-prison_1787221.html

[116] Види повеќе: https://www.theguardian.com/media/2015/jan/13/charlie-hebdo-cover-magazine-prophet-muhammad

[117] Притоа тој истакнал: "Ние ја завршивме нашата работа. Го бранеВме правото на карикатура. Ние сè уште веруваме дека имаме право да ги критикуваме сите религии". Види: https://tribune.com. pk/story/-923182/но-more-prophet-muhammad-pbuh-comics-says-charlie-hebdo-editor/

### 3. Подбивање со туѓата несреќа и со смртта

Несомнено, страниците на сатиричниот Шарли Ебдо се исполнети со вулгарни карикатури и "хумор" кој се потпира на духовни навреди (каустичен хумор[118]), навреди на политичари, забавувачи и медиумски личности, заради што весникот честопати е осудуван од јавноста ширум светот, но присутен и пред судовите во Париз. Карикатуристите на неделникот не ги навредуваат само религиозните чувства, туку сè и сешто, без почит кон никој и ништо, без почит кон болката, тагата, индивидуалните несреќи и масовните трагедии на луѓето. Бројните карикатури потврдуваат дека ни мртвите не се изземени од нивниот остар и брутален хумор. Во обид да се дефинира навредливиот говор и говорот на омраза, на товар на слободата на изразување, неопходно е да продолжиме со кратки анализи на контроверзните насловни страни на списанието. Имајќи предвид, дека говорот на омраза има капацитет да ја поткопа нееднаквоста помеѓу луѓето, во случајот на сатиричното списание, се користи како уметничко средство за изразување.

Така, во јули 2009 г., по смртта на Мајкл Џексон, на насловната страна на Шарли Ебдо, познатиот пејач осамна како скелет, со наслов: "Мајкл Џексон. Конечно бел".[119] Кон редицата на контроверзни наслови и содржини, кратко потоа се појави карикатура од малезискиот Боинг MH370, кој на 08.03.2015 г. исчезна над водите на Јужното кинеско море за време на летот од Куала Лумпур кон Пекинг. Во несреќата загинаа 227 патници и 12 членови на екипажот. На карикатурата се прикажани отсечени раце на пилотот на авионот кој во нив држи скинати женски гради. Овој пат нивната карикатура беше насловена: "Малезија арлајнс: Надеж. Пронајдени се делови од пилотот и стујардесата".[120] Карикатурата беше оценета како кршење на сите правила кои не се однесуваат само на етиката, туку и на нормалното човечко однесување.

Во септември 2015 г., (само осум месеци по терористичкиот напад на редакцијата), списанието објави две карикатури на тригодишниот Ајлан Курди, дете кое трагично го изгуби

[118] Во буквална смисла хумор кој е дизајниран да изгори или да предизвика корозија.
[119] Види карикатура бр. 6.
[120] Види карикатура бр. 7.

својот живот, откако бродот со сириски бегалци се преврте покрај брегот на Турција. На првата карикатура со наслов: "Добродојдовте мигранти", е прикажано телото на удавеното дете, а во позадината билборд на Мекдоналдс (ресторан за брза храна) со испишан текст: "Промоција! Два детски оброци по цена за еден", и уште еден текст од страната на билбордот: "Толку блиску до целта..."[121] Истата година списанието добива престижна награда од страна на ПЕН, за слобода на говор и истата е доделена во Њу Јорк.[122]

На втората карикатура е прикажано тригодишното дете, целосно потопено во вода, со тоа а видливи се само неговите нозе. До него е прикажан Исус Христос, кој вели: "Христијаните одат по вода. Муслиманските деца се дават." Карикатурата е насловена: "Доказ дека Европа е христијанска".[123]

По повод овие карикатури, во кои е тешко да се сфати хуморот и сатирата, ***Заедницата на европските црни адвокати*** реши да поднесе жалба до Меѓународниот кривичен суд, а во Париз се одржа митинг под слоганот "Јас сум Ајлан".

Шокирањето на јавноста продолжи и во јануари 2016 г., кога Шарли Ебдо објави нова карикатура која предвидуваше дека доколку тригодишниот сириски бегалец Ајлан Курди ја преживеал несреќата, кога ќе пораснел ќе станел сексуален насилник. Карика-турата беше објавена откако германските власти обвинија дека речиси сите осомничени во насилствата против жените кои се случиле во текот на новогодишната ноќ во Келн, биле мигранти. На неа се прикажани двајца мажи кои изгледаат како свињи и бркаат две жени, со наслов: "Што би се случило со малиот Ајлан ако пораснел". Под карикатурата е испишано: "Напаѓачи на задници на жените во Германија".[124]

[121] Види карикатура бр. 8.
[122] Види повеќе: https://www.bbc.com/news/world-us-canada-32601549
[123] Види карикатура бр. 9.
[124] Види карикатура бр. 10.

Во декември 2015 г., како реакција на масакрот на нивната редакција во Париз, Шарли Ебдо објави карикатира со цртеж од изрешетан човек од куршуми, кој пие шампањ што му истекува од раните, со наслов: "Тие имаат оружје. Кој ги е.., ние имаме шампањ".[125]

Истата година, во два последователни броја на задната страница од неделникот, биле објавени две карикатури за авионската несреќа на рускиот патничкиот авион Ербас А32, во сопственост на "Когалимавиа ерлајнс", кој летал од Шарм ел Шеик за С. Петербург, а во кој загинале 224 лица. Првата карикатура отсликува како паѓаат тела и остатоци од авионот, меѓу кои и тело на човек со брада во бедунинска облека и со автоматска пушка на грбот, како со рацете си ја држи главата. Наслов: "Руската авијација го зголеми бомбардирањето".[126] На втората карикатура насловена: "Опасностите од руските ниски трошоци", се прикажани урнатиот авион и голем череп што лежи меѓу остатоците на телата и вели: "Морав да летам со Ер Кокаин".[127] Во шега објавена во внатрешноста на списанието пак, се вели дека за терористите на ИСИС, за кои се сметаше дека стојат зад падот на рускиот авион, тоа претставувало "единствен начин да добијат 224 порции бесплатна храна".[128] Исламската држава подоцна ја презема одговорноста за паѓањето на авионот. Пратениците на руската дума не пронајдоа никаква шега ниту пак сатира во карикатурите на Шарли Ебдо и се изјаснија дека тие претставуваат валкано исмејување и очигледен цинизам.[129]

Само една недела подоцна, на насловната страница на неделникот се појави карикатура за терористичкиот напад (три координирани самоубиствени бомбашки напади на аеродромот и метрото) што се случија во Брисел, на 22.03.2016 г. и во кој загинаа 32 лица, а 340 беа повредени. На карикатурата, на чија позадина е белгиското знаме, е прикажан белгискиот пејач Строме[130] како го пее својот познат хит: " Papa ou t'es?" (Тато, каде си?), а околу него летаат делови од тело кои зборуваат "овде, таму, дури и на оваа страна".[131]

---

[125] Види карикатура бр. 11.

[126] Види карикатура бр. 12.

[127] Види карикатура бр. 13

[128] http://ren.tv/novosti/2015-11-05/charlie-hebdo-opublikoval-cinichnye-karikatury-na-krushenie-321-v-egipte.

[129] https://www.interfax.ru/russia/477736.

[130] Строме, го загубил својот татко за време на геноцидот над Тутсите во Руанда во 1994 г., каде бил убиен и распарчен од Хутите. Неговата песна тематизира живот без татко.

[131] Види карикатура бр. 14.

По објавата на оваа карикатура, следувале жестоки реакции, меѓу кои во една порака на Twitter се вели: "Како може со хумор да се реагира на насловна страница на Шарли Ебдо за нападите во Белгија? - Не можеме во глава да им пукаме, тоа е веќе направено". И за многумина други, списанието за сатира овој пат отишло премногу далеку.

По катастрофалниот земјотрес од 6,4 степени што во градот Аматриче, се случи на 14.08.2016 г., и во кој загинале 295 лица, италијанската јавност се соочи со брутална карикатура. На насловната страница на Шарли Ебдо беа прикажани маж и жена облеани со крв, како стојат пред огромна лазања во која се поместени жртвите од земјотресот, со наслов: "Земјотрес ала италијано" (Земјотрес во италијански стил).[132] По објавената карикатура советот на разурнатиот град, познат по својот сос од домати за подготвување јадења од тесто, потпиша петиција против прочуеното списание.

На 15.07.2016 г. Шарли Ебдо повторно на својата насловна страница објави скандалозна карикатура, овој пат за терористичкиот напад во Ница во кој загинале 84 а биле повредени 202 лица. На карикатурата се нацртани тројца мажи облеани со крв која произлегува од црвено обоен огномет, којшто ја симболизира претходно одржаната прослава на денот на Бастиља, во истиот град.[133]

На 29.12.2016 г., неделникот објави три карикатури за падот на авионот Ту-154 на руското министерство за одбрана во Црното Море, на патот кон Сирија. На првата од нив е прикажан падот на авионот од чија кабина е извлечен војник кој произведува долг звук "ааааа...", а во позадината стои натпис: "Репертоарот на армиските хорови се шири". На втората карикатура, исто така, е прикажан падот на авионот со натпис: "Лошата вест е... Путин не беше таму". Третата карикатура прикажува војници кои пејат под вода, а во нивна позадина се гледа авионот. Околу војниците се прикажани риби на кои им се допаѓа нивното пеење, а во насловот над карикатурата стои: "По несреќата, Црвената армија

[132] Види карикатура бр. 15.
[133] Види карикатура бр. 16.

освои нова публика".[134] Министерството за одбрана на Руската Федерација го нарече Шарли Ебдо "измет на хартија".[135] Француското министерство за надворешни работи пак, соопшти дека нема никаква врска со работата на овој неделник и дека вработените во редакцијата можат слободно да ги изразуваат своите ставови.

На една од своите карикатури од насловна страна, Шарли Ебдо се потсмева со жртвите од ураганот Харви, кој на 24.08.2017 г. зафати делови од САД. На карикатурата со наслов: "Бог постои! Тој ги потопи сите неонацисти од Тексас" е прикажана колекција од нацистички знамиња и банери кои делумно се потопени во вода, како и група потопени луѓе на кои им се гледаат рацете во позиција на озлогласениот нацистички поздрав.[136]

Насловната страница на Шарли Ебдо на 24.08.2018 г. осамна со карикатура на која е прикажан насмеан мигрант со метла, како ги расчистува остатоците од мостот Моранди додека автомобили паѓаат на земја. Насловот на карикатурата е: "Изграден од Италијанците...исчистен од мигрантите".[137] Станува збор за несреќа која се случила на 14.08.2018 г., во која загинале 43 лица поради уривањето на мостот Моранди во Генова. По ова Едоардо Рикси, потпретседателот на Италија изјавил: "Францускиот весник е бесмртен и успева да ја надмине секоја граница на лош вкус. Дали ова е сатира? За мене постои само еден збор - Одвратно".[138]

Но, мета на подбивањата на Шарли Ебдо не е само Исламот. Нивните карикатури ги преставија Папата 16 (веќе во пензија) во љубовна прегратка со стражар од Ватикан, поранешниот претседател на Франција, Н. Саркози кој гледа како болен вампир. Шарли Ебдо сѐ уште несоодветно се потсмева на Исламот и на останатите религии, бројни личности, спомени од минатото а заканите продолжуваат да постојат.

[134] Види карикатури бр. 17, 18 и 19.

[135] Види повеќе: http://onsmi.ru/2016/12/29/minoborony-rf-karikatury-charlie-hebdo-eto-isprazhneniya-na-bumagu.html

[136] Види карикатура бр. 20.

[137] Види карикатура бр. 21.

[138] Види повеќе: https://www.thelocal.it/20180824/charlie-hebdo-enrages-italy-with-cartoon-about-genoa-bridge-collapse

## 4. Шокирање на јавноста

Масовниот гнев на јавноста предизвикан со наведените и бројни други карикатури кај многумина во светот, доведе до промена на слоганот "Јас сум Чарли" во "Јас не сум Чарли". Сумарно земено, сите карикатури кои според редакцијата на неделникот се во согласност со хуморот и сатирата и слободата на изразувањето, во јавноста предизвикаа гнев и беа оценети за нехумани, под секое ниво на моралност, одвратни, расистички, ксенофобични, скандалозни, па дури и шокантни.

Тоа нужно нè упатува на спомнатиот став на Европскиот суд за човекови права, за првпат изнесен во случајот Хандсиде против Обединетото кралство. Во тој случај, Судот ја нагласи важноста на слободата на изразување во едно демократско општетство. "Слободата на изразување претставува еден од основните темели на едно демократско опшетство, еден од основните услови за негов напредок и за развојот на секој човек. Согласно чл. 10 ст. 2, таа се однесува не само за информации или идеи што се позитивно примени или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и на оние што ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој сектор од населението. Тоа се барања за таков плурализам, толеранција и широкоумност без кои нема демократско општество." Накратко, ЕСЧП смета дека слободата на изразувањето се однесува и на изразени непристојни, скандалозни и шокантни зборови. Истиот став, Судот го потврди и во случајот Ербакан против Турција, Јанојски против Полска, Перна против Италија.[139]

Оттаму произлегува заклучок дека сето она за што му се префрлува на Шарли Ебдо совршено е во согласност со јуриспруденцијата на ЕСЧП во врска со слободата на изразувањето. И ако е така, а наведените случаи јасно потврдуваат дека е, тогаш сме исправени пред огромен проблем. Проблемот е што ваквиот став му остава широк простор на Судот за дискрециона оценка на тоа што е, а што не е слобода на изразување, а што

[139]Во случајот App. no. 48898/99 (200-3) "Судот се согласил дека условите избрани од Перна и употребата на симболична слика за "заклетва на послушност" на Комунистичката партија биле тешки, но исто така истакнал дека слободата на новинарот опфаќа можно прибегнување кон одреден степен "https://merlin.-obs.coe.int/iris/2003/8/article2.en.html

говор на омраза, зашто во секој конкретен случај, Судот има слобода да го менува својот став како сака и кога тоа ќе го посака.[140]

Согледувањето на ригидноста на овој став, се увиде дека во демократските, плуралистички општества што се балансираат меѓу различни религиозни групи во рамките на иста популација, може да се покажа проблематичен. Оттаму, во случајот Конаккис против Грција, се сметало дека: *во демократските општества во кои постојат повеќе религии во рамките на една иста популација, може да биде неопходно да се постават ограничувања на оваа слобода со цел да се помират интересите на различните групи и да се осигура дека сите верувања се почитуваат.*

Ова, според некои мислења, се чини ги легитимизира државните закони, кои имаат за цел да ги заштитат верските уверувања, или поточно, сензибилитетот на верските уверувања. Притоа, дискрециono право на државата е да одлучи дали да работи на закони за богохулење и да изберат кои религии ќе ги штитат. Меѓутоа, компликациите како што се законското претставување на религиите ќе дојдат до израз и ќе бидат на штета на граѓаните, па токму затоа, укинувањето на законодавството се чини дека било единствената остварлива опција.[141]

[140]Тоа Судот јасно го покажа во случајот Лерој против Франција, во кој Денис Лерој, во една од неговите карикатури објавени во баскиски неделен весник на 13.09.2001, го претставил нападот на Светскиот трговски центар во Њујорк со текст "Ние сонувавме за ова... Хамас го направи". Откако бил казнет со парична казна за одобрување на тероризам, Лерој се жалел пред ЕСЧП за повреда на неговата слобода на изразување. Судот оценил дека преку неговото дело, жалителот го глорификувал насилното рушење на Американскиот империјализам, изразил морална поддршка за сторителите на нападите од 11 септември, коментирал со одобрување за насилството сторено против илјадници граѓани и го омаловажил достоинството на жртвите. Судот оценил дека објавувањето на карикатурата предизвикало определена јавна реакција, способна да покрене насилство и да има очигледно влијание врз јавниот ред во Баскија. Судот утврдил дека нема повреда на членот 10. *Лерој против Франција*, жалба бр. 36109/03. пресуда од 02.10.2008.

[141] Всушност, некои правни системи се обидуваат да го регулираат говорот или другите активности за да го заштитат верското уверување. На пример англиското обичајно право вовело дело богохулење кое датира од XVIII vek. Меѓутоа, во својата модерна форма законот се обидува да ја заштити чувствителноста на верниците, а не самата религија. Сепак, обемот на богохулењето како што е опфатено со делото од обичајното право предизвика контроверзии бидејќи го заштитува само христијанството, што веројатно резултирало со дискриминација, бидејќи обезбедува заштита на мнозинството, но не и на малцинства од муслимани, будисти и хиндуиси. Види: https://www.lawteacher.net/free-law-essays/human -rights/handyside-vs-uk.php

## 5. Бласфемија или говор на омраза

Исламот, исламизам или, мухамеданство на арапски значи "потчинетост" на волјата на Алах. Исламот е религија основана во VII век, која се заснова врз вербата во еден бог (Алах), во избраноста на Мухамед за божји пратеник, за предодреденоста на човековата судбина, за награда за добрите дела и казна за лошите дела, за судниот ден и воскреснување на мртвите. Исламот се заснова врз шест темелни верски вистини (а тој кој со срце ги прифаќа е муслиман). Тоа се: 1. Јас верувам во Алах (*Алах е творецот и управител на свемирот, отсекогаш и засекогаш живее, не е роден, никој не му е рамен, семоќен и милосрден, тој сѐ знае, сѐ гледа и сѐ слуша, неговиот лик никому не му е познат, неговото лице ќе го видат само верниците кои ќе го заслужат седмото ниво на рајот*).

Секој муслиман е должен повеќепати дневно да ги изговори овие зборови, а особено во рамките на петте дневни молитви. 2. Јас верувам во неговите мелеци (безгрешни духовни суштества ангели создадени од светлина кои му служат на Алах. Тие го одржуваат свемирот, ги наведуваат луѓето кон добро и ги запишуваат нивните дела, ги казнуваат неверните и сл.). 3. Јас верувам во неговите книги (постојат 104 Semavi kitabi/Свети книги од кои поважни се: Теврат/Тора, Зебур/Псалми, Инджил/Евангелие и Куран). 4. Јас верувам во неговите пратеници (пејгембери) и пророци (Во Куранот се наведени 25, а најпознати се: Адем/Адам, Нух/Ное, Ибрахим/Абрахам, Муса/Мојсие, Иса/Исус и Мухамед). 5. Јас верувам во судниот ден (Кијамет кога сиот универзум ќе биде уништен и кога сите луѓе ќе стојат пред вагата Мизан поставена пред Алаха). 6. И верувам дека сѐ што се случува бива со волјата и одредувањето на Алах (верување во предестинација, предодреденост која никој не е во состојба да ја промени). Тоа е верување во кадер (тоа што е предодредено), т.е., сѐ што е хајр (добро) и схер (зло) е од Алах. Моментот во кој ќе се случи кадер (тоа што е предодредено), од езели (вечно минато) до ебад (вечна иднина) се нарекува каза. Значи, Алах го знае и кадер (предопределениот настан) и каза (моментот) кога тој ќе се случи. Покрај темелните верски вистини, постојат и пет столбови на исламот, а тоа се: 1. Сведочење (схехадет), 2. Молитва (намаз), 3. Пост (саум), 4. Милостиња (зекат) и 5. Ходочество (аджилак).

По смртта на Мухамед во исламот се случил расцеп, така што исламот има три основни групи на верници: ***Сунити*** (кои тврделе дека никој не може да го наследи Мухамед, туку дека како чувари на неговото наследство можат да се појават ***Калифи***. Сунитите денес претставуваат 90% од сите муслимани), ***Схиити*** (кои тврдат дека наследниците на Мухамед се Имами зашто имаат способност да го толкуваат Куранот) и ***Хариџи*** (подоцна Ибади). Исламот е втора најголема религија во светот со речиси 1,5 милијарди приврзаници.

**Мухамед** *(Abu al-Qasim Muhammad Ibn Abd Allah Ibn Abd al-Muttalib Ibn Hashim* 570-632) е последниот божји пратеник во исламот. Роден во Мека во племето Курејш, а се тврди дека се родил чист како јагне, обрежан и со веќе пресечен папок. Штом се родил зел во рацете земја и погледнал кон небото. Кога имал четири години два ангели го фрлиле на земјата, му ги отвориле градите, зеле капка темна крв од неговото срце и му ги измиле неговите внатрешни органи со истопен снег кој го донеле во златен сад. Поради раната смрт на татко му Андулах, бил одгледан од неговата мајка Амина (која пак умрела кога тој имал 6 годинии) и неговиот дедо Абдулмуталиб (кој умрел на негови 8 години) и на крајот од неговиот вујко Абу Талиб.

Кога имал 25 години се вработил кај многу богатата вдовица Хатиџе и во повеќе наврати со нејзините каравани патувал во Сирија. Набрзо со неа и се оженил и имал два сина кои починале во детството. И покрај разликата во годините, тој брак бил среќен и траел 26 години. По нејзината смрт, Мухамед имал уште девет жени, од кои две биле робинки, Рајхана (заробена Еврејка) и Марија (Христијанка која ја добил како подарок). Третата сопруга се викала Ајша (неговата омилена сопруга). Со деветте жени имал 7 деца од кои три машки, кои починале, и четири женски од кои го надживеале само две: Зејнеп и најмладата и најпознатата по име Фатима. Во 610 година п.н.е. во пештерата Хира на планината Џебелунур (планина на светлината), Мухамед бил посетен од мелекот (ангел) Џибрил, кој му се обратил со првите објави на Исламот. Во 619 г. умрел неговиот вујко, со што изостанала заштитата што Мухамед ја имал од трговците кои се плашеле од новата вера, па во 622 г. Мухамед бил присилен да избега заедно со верниците во Медина

(тогашен Јасриб). Тој настан е познат под името Хиџра (Преселба). Следуваат повеќе војни со Мека, а по три години и нејзино освојување од страна на Мухамед, по што набрзо исламот се проширил на целиот Арапски полуостров.

Во таа смисла, издвоивме повеќе простор за разбирање на Исламот, бидејќи токму оваа религија е честопати користена како тема за подбив во карикатурите на Шарли Едбо. Подбивањето со Исламот и пророкот Мухамед, како впрочем и со секоја друга религија, претставува **бласфемија**.

***Бласфемија*** е грчки збор за богохулење и пцости упатени кон Бога. Навредливо зборување за божество, религиско учење или нешто што се смета за свето (за чесни лица како што се светците, пророците или религиските лидери). Бласфемијата во почетокот била казнувана со каменување или со распнување на крст, а во средниот век со давење, жигосување, режење на јазикот и усните, врзување за столб на срамот и со прогонство.

Според Исламот дури и самото визуелно прикажување на Мухамед е бласфемија.[142] Секој акт што скрнави света фигура е навреда, а меѓу нив навредата кон пророкот Мухамед е едно од најсериозните злосторства што некој може да го изврши. Некои толкувања на шеријатот, велат дека каква било, што значи и најмала навреда на Мухамед, бара **смрт**. француското списание беше казнето и нападнато и казната несомнено беше извршена на свиреп начин, а настаните пред и потоа ја поткопаа исламофобијата, религиозната нетолеранција и религиозно прогонство во и онака поделената Европа. Со разложување на ова прашање се доближуваме до една од поважните теоретските цели, дали сатирата, бласфемијата и навредливиот говор на верска основа можат да се (зло)употребат за оправдување на физичкото насилство врз оние кои ја користат широко сфатената слобода на изразување

[142] Исламот им забранува на верниците од која било причина да прават слики, скулптури или на друг начин да го прикажуваат ликот на Мухамед. Причината за тоа е опасноста од појава на можно иконопоклонство (обожување на икони кои можат да водат до обожување на пророкот наместо на единствениот бог Алах).

Повторно ни се наметнува прашањето за односот на слободата на изразувањето, навредливиот говор и говорот на омраза. Во конкретниот случај на Шарли Ебдо: дали бласфемијата треба да се сфати како ***слобода на изразувањето***, како што тврдат поддржувачите на неделникот, или пак, ***говор на омраза*** како што тврдат критичарите на нивната "сатира".

Професорот Рафаел Коен-Алмагор, укажува на поттикот или подбуцнувањето. Според него, не смееме да го занемариме фактот дека некои култури не ја прифаќаат демократија како начин на живот. Различните култури во светот прифаќаат и поддржуваат различни принципи, но има и такви кои не поддржуваат автономија, индивидуализам, плурализам, постојат општества кои различно го доживуваат степенот на отвореност, особено слободата на изразување, иако може да содржи навредливи елементи.[143]

Иако, слободата на изразување претставува дел од т.н. прва генерација на човекови права, односно правото на слобода на изразувањето е фундаментално право кое може да се ограничи само во многу исклучителни околности за јавно добро. Во одбрана на слободата на изразување, застана и професорот Olivier Tonneau (Оливиер Тону) [144] истакнувајќи дека "верниците треба да се научат да се шегуваат и да играат". А според друга дефиниција, слободата на говор е да се изразат своите идеи без страв од одмазда, дури и ако другите не се согласуваат со нас - дури иако се одбивни. Во контекст на тоа се изнесува дека ова право ги остава луѓето слободно да се спротивставуваат и слободно да ги убедат другите во своите идеи. Не треба да се дозволи никакво политичко, верско или идеолошко гледиште како исклучок од предизвикот за критика или потсмев.[145]

---

[143] Raphael Cohen-Almagor, op. cit. стр. 2.

[144] Rosa Freedman, професор на факултетот во Бирминген: https://www.birmingham.ac.uk/ research /perspective/charlie-hebdo.aspx. Според Olivier Tonneau, професор-истражувач на универзитетот во Кембриџ "Неопходна последица од слободата на изразувањето е дека луѓето би можеле да бидат навредени од она што е изразено: па што? Никој не умрел од прекршок...А истите можат да ги истакнат своите исмевања, а верниците треба да се научат да се шегуваат и да играат...Шарли Ебдо промовираше еднаквост, слобода и братство - тие беа дел од решението (на фундаментализмот, м.з.) - тие беа дел од решението, а не од проблемот." Види повеќе: https://blogs.mediapart.fr/olivier-tonneau/blog/110115/charlie-hebdo-letter-my-british - friends

[145] Види повеќе: https://www.spiked-online.com/2019/01/07/the-betrayal-of-charlie-hebdo/

Следниот став на бранителите на слободата на изразувањето на Шарли Ебдо е дека критиката на религијата е составен дел на секуларното општество кое го отфрли јаремот на верскиот авторитаризам. И тука би биле во право, но само доколку се работи за научно оспорување на религиозните догми. Меѓутоа веднаш се поставува прашањето за какви тоа догми станува збор и во што се состои смислата на критика која го изедначува исламот (1,5 милијарди луѓе) во целиот свет со тероризам преку прикази од типот на исламски милитант кој стои со меч под грлото на Мухамед додека тој извикува: "Јас сум пророк, ќе пропаднеш"[146], или со приказот на терористичкиот напад во Барселона.[147]

Како трет аргумент про карикатурите на Ебдо се истакнува дека тие не биле бласфамија, туку врвна сатира, која не секој може веднаш да ја разбере. Според карикатуристите и оние што ги подржуваат религиозната сатира и правото да се потсмева на религиите и на други идеи, е нераскинлив дел од животот во демократијата, дека во демократиите никој нема право да ги наметнува своите табуа на општеството во целост. Како последица на тоа, карикатурите на Мухамед не се само сатира: тие се еден од од основните столбови на демократијата. Во оваа смисла се вели дека и некој поранешен радикален исламист (неговото име не се наведува) сфатил дека "муслиманите треба да се радуваат кога ќе видат карикатури на Шарли Ебдо како подарок - како можност да се смеат на себеси. Само слобода, напишал тој, овозможува истовремено да се зачува својата вера и да се создаде одредена дистанца која дава простор за самокритика и сатира". Овој поранешен радикален муслиман сега ги гледа карикатурите на Мухамед како можност за муслиманите да стават крај на табуто против критиките на нивниот пророк. Тоа може да го отвори патот за посоодветен одговор на отпадништвото и богохулењето.[148]

[146] Види карикатура бр. 22.

[147] По терористичкиот напад во Барселона, при што загинаа 13 и повеќе од 100 лица беа повредени, Шарли Ебдо на насловната страница објави провокативна карикатура на која се прикажани две лица кои лежат во крв прегазени од комбе со наслов: "Исламот, религија на мирот... вечна". Карикатурата беше неподелено осудена од светската јавност како исклучителна исламофобична и расистичка, зашто стави знак на равенство меѓу исламската религија и тероризамот. Види карикатура бр. 23.

[148] Види повеќеhttps://www.huffingtonpost.com/flemming-rose/why-i-published-cartoons-of-muhammad_ b_ 6709650.html

По сето ова прашањето што останува е дали треба да се инсистира на некаква "просветлена сатира," кога таа во реалноста е движечка сила која го храни и овозможува насилството, а тоа само ја зголемува омразата и раѓа ново насилство.

Како дополнителен доказ се користи и наградата што ПЕН Америка му ја додели на списанието Шарли Ебдо за слобода на храбро изразување. Меѓутоа, бранителите на "слободарскиот дух" на списанието, го заборавија или намерно го премолчија фактот дека 204 писатели протестираа против оваа награда.[149]

Наш став е дека овие и слични аргументи безмалку можат да се идентификуваат како мошне неуспешен обид за трансформација на правото на слобода на говорот во право на говор на омраза.

Второто гледиште, пред сè, се дистанцира од терористичкиот акт врз Шарли Ебдо, кој беше ужасно злосторство, зашто никој не заслужува да биде убиен за цртање на карикатури и оттаму дека оние што стојат зад нападот заслужуваат само презир и осуда. Ова едвај дека треба и да се наведува. Не може да има какво било оправдување на терозизмот, но апологетите на карикатирите во име на слободата и учесниците на кампањата "Je Suis Charlie" погрешно веруваат дека слободата на говорот треба да се става над чувствата на верниците. Верските екстремисти не треба да ги загрозуваат луѓето што ги навредуваат нивните верски убедувања, но од друга страна никој не треба да ги навредува нивните верски чувства.

Карикатурите на Шарли Ебдо се двојно навредливи за муслиманите, оттаму што, од една страна визуелно го прикажуваат Мухамед, а од друга страна го поврзуваат со тероризам. Карикатурите го идентификуваат Мухамед и Исламот со тероризам што само ја зголемува ксенофобијата и расизмот и дескредитирањето на целокупното население. Овие карикатури стереотипизираат цела заедница, дури и кога се насочени само кон Пророкот

[149] Тие ја изразија својата "загриженост дека со доделувањето на наградата ПЕН/Тони и James C. Goodale за слободата на изразувањето, не претставува само едноставно пренесување на слободата на изразувањето, туку истовремено и валоризирање на селективно навредлив материјал: материјал кој го интензивира анти-исламизмот, анти-Магреб, анти-арапските чувства кои веќе се застапени во западниот свет; види повеќе: https://theintercept.com/2015/04/30/145-pen-writers-thus-far-objected-charlie-hedbo-award-6/

Мухамед, зашто неговиот "имиџ" ги означува и персонифицира сите муслимани како дивјаци, терористи и пустински жители. Накратко, демонизирањето на муслиманите не може да биде оправдано со цел да се оправдува империјалистичката "војна против тероризмот".

Силен аргумет контра карикатурите на Шарли Ебдо е и уверувањето на голем број атеисти и верници дека правото на слобода на изразувањето не може да повлече право да се навредуваат верските чувства на верниците. Ова е официјален став и на Ватикан.

Сумарно земено, исправноста на вториот став може да се сумира во следниве точки. "Пред сѐ ако правото на говор е од фундаментално значење, тогаш ги вклучува и оние чие што мислење е дека вашето мислење е погрешно, навредливо, расистичко или едноставно неприфатливо. Премногу луѓе го прифаќаат слободниот говор како сопствено право да кажат што сакаат, без да бидат оспорени, што всушност не е право туку побарувачка родена од чувство на личен порив. Понатаму, правото слободно да се зборува на никој друг не му дава обврска да слуша. Во врска со претходното, вашето право да кажете што сакате не обврзува никој друг да ви даде платформа или да ви дозволи да го кажете вашиот совет во нивниот простор. Можеби најважното е дека ние немаме неограничена слобода на говор. Всушност, не ни можеме да имаме во фундаментално нееднакво општество каде структурите на моќ и социјалните конструкции автоматски даваат непропорционален силен глас и ги замолчуваат другите."[150]

Наш конечен став во врска со ова прашање е дека бласфемијата може да се третира како говор на омраза и како таков треба да се третира во секое законодавство кое за себе тврди дека е демократско. Апсурдно е некој да ве убедува дека во правото постојат парадокси, како на пр:. "Карикатурите на Мухамед не се стремеле кон група на луѓе, туку кон верување, а тој вид на потсмев е заштитен." Според оваа паралогика секој има право да шири омраза кон верувањето (читај предрасудата) дека жените се поопасни од смртта,[151]

[150] Види повеќе: https://libcom.org/blog/charlie-hebdo-09012015

[151] Библијата на едно место за жената вели: "Открив дека има нешто погорчливо од смртта - жената чие срце е примка и мрежа, а рацете окови: кој Му е мил на Бога ја избегнува, а грешникот ќе биде уловен од неа" (Проповедник, 7:26).

или црнците се животни,[152] зашто со тоа не се стреми кон група на жени, или група на црнци и дека оттаму тој потсмев наводно е заштитен. Еднакво апсурно е и тврдењето дека со општ напад (ширење омраза) кон муслиманската религија не се врши напад (ширење омраза) кон ниту еден конкретен муслиман.[153]

Во овој конкретен случај, мора да се има предвид дека Пророкот Мухамед за муслиманите е света личност (посвета и од родителите) поради што при секој изговор на неговото име тие ја изговараат и фразата: "Sallallahu Alaihi Wasallam" (Мир со него).

"Според исламот, Пророкот Мухамед е последниот гласник на Алах. Да се верува во Пророкот Мухамед е основниот услов да се стане муслиман. Ако некој верува во Алах, но не верува во Пророкот Мухамед, нема да се смета за муслиман и ќе биде во заблуда. Понатаму, Пророкот Мухамед е последниот гласник на Бога, а писмото Ал Куран што му било откриено претставувало конечен и единствен постоечки стих од Алах Семоќниот. Затоа, тоа е главна обврска на сите да веруваат и да го следат Пророкот Мухамед како последен гласник на Бога и да ги следат Неговите стапки што ќе им го покажат правиот пат".[154]

[152] Така на пример големиот француски теоретичар Монтеские црнците не ги сметал за луѓе. Според него: "Невозможно е и да се помисли дека спомenатите суштества се луѓе, зашто ако претпоставиме дека се луѓе, наскоро ќе се поверува дека ние самите не сме христијани"..."Оние за кои станува збор црни се од глава до петици, носот им е толку сплеснат така што е невозможно некој да ги жали." Monteskie, O duhu zakona, Tom I, Filip Vi{nji}, Beograd, 1989, str. 270.

[153] Според адвокатот на списанието: "Во духот на Шарли Ебдо е правото на богохулење... Je suis Charlie значи дека вие имата право да ја критикувате мојата религија, затоа што тоа не е важно. Никој нема право да ги критикува Евреинот затоа што е Евреин, муслиманот затоа што е муслиман, христијанот затоа што е христијан. Но вие можете да кажете што сакате вклучително и најлоши работи, а ние ги кажуваме за христијанството, исламот, јудаизмот, бидејќи зад сите тие прекрасни слогани (Je suis Charlie, м.з.) е реалноста на Шарли Ебдо. Види повеќе: https://www.mkd.mk/svet/vesti/naredniot-broj-na-sharli-ebdo-kje-sodrzhi-karikaturi-na-muhamed

[154] Види повеќе: http://www.mailofislam.com/prophet_muhammad_sallallahu_alaihiwasallam. html

# 6. ХУМОР, САТИРА И МЕМИЊА

Хуморот е алатка која ни овозможува да ја надминеме реалноста, да продолжиме да живееме секој ден и да ги правиме нашиот и животите на другите попријатни и позабавни. Многу хумористички текстови, карикатури, филмови и настапи не би биле духовити и занимвли ако не се зановаат врз иронија.

Иронија (лат. ironea - претворање) пак, претставува духовито подбивно изразување кое го претставува токму спротивното од она што се искажува со зборови (од она што се мисли). Таа за заснова врз позитивна форма на изразување и негативен став кој сака да се сугерира. Иронијата се јавува во повеќе видови, од бененволентна шега до зајадлив сарказам. Во психологијата се смета дека таа настанува од повеќе причини: дека е израз на сопствената духовна немоќ која се компензира со потребата за критика на другите, или потекнува од чувството на генијална надмоќност која води кон духовно поигрување со луѓето и односите. Со иронијата како филозофски метоd најчесто се служел Сократ во разговор со оние кои го преценувале своето знаење. Накратко, иронијата е суптилно, скриено подбивање. Од иронија треба да се разликува поимот иронија на судбината кој значи неочекуван развој на настаните без јасна причинска врска, надвор од моќта на на оној кому му се случуваат или кој со нив е погоден.

Сарказмот според некои психолози е вид на "љубезно навредување", еден од начините да се ублажи критиката, така што ќе биде индиректна и со примеса на духовитост. Сепак, други истражувачи не се согласуваат со беневолентна проценка на сарказмот (според нив тоа е иронија) и нагласуваат дека сарказмот е построг, подбивен подсмев и навредување кое произведува поинакви последици од поблаго изречената критика. Веќе самиот збор сарказам потекнува од грчкиот термин сарказеин, кој значи "кинење на месо (од телото) или "гризење на усните (од бес)", и сигурно е дека вербалната агресија може да се канализира преку сарказам. Некои автори наведуваат дека хостилноста и несигурноста, па дури и стремежот за малт-ретирање на другите, понекогаш се рефлектира во честа употреба на сарказам. Истражувачите понатаму сметаат дека креативниот потенцијал на сарказмот се појавува таму каде што луѓето се блиски и имаат однос на доверба. Во такво

опкружување овој вид на комуникација може да биде продуктивен, додека меѓу непознати луѓе поголема веројатоста е дека ќе се манифестира како непријателски став. Оттаму, за да се разбере и да се одреди природата на сарказмот мора да се анализира, неговиот контекст и содржина: спрема кого и на кој начин е упатен, во кои ситуации и кој вид на порака содржи. Тоа е значајно зашто постојат две вредносно спротивни особини на сарказмот: тој може да биде одраз на хумор (да се постигне шеговита атмосфера), што се смета за позитивно, меѓутоа истовремено и одраз на омраза, пакост и злоба (да се нанесе навреда и понижување). Со оглед на тоа што сарказмот најчесто се посматра во како израз на пасивна агресија, непочитување соговорникот и стремеж тој да се навреди, нужно е негово препознавање во невербалното, така и во вербалното изразување.

Цинизам, пак, е иронична дрскост, подбивање, зајадливост, губа постапка спрема некого, без оглед на евентуалната штета, одрекување и презирање на вообичаените морални вредности. Цинизмот подразбира неуважување на човечите доблести, недовер-ба во другите и еден генерално токсичен и неконструктивен став лишен од секаков ентузијазам. За разлика од сарказмот, кој обично сам по себе е злонамерен и на туѓа сметка", цинизмот е начин на сфаќање на животот (каде во зависност од толкувањето она што е добро се сфаќа како зло и обратно) и оттаму не мора да биде неповолна квалификација, туку може да биде и неутрална особено ако циникот има некоја валидна причина за таков став или ако таквиот став се заснова врз некоја вистина и мудрост во себе. Тоа може да биде случај со некој филозоф или мудрец "кому му е доста од од луѓето и од се друго". Цинизмот, сепак, често се препознава по сарказмот преку кој се вообичаено се канализира и оттаму, за разлика од иронијата, се дефинира како директно и нескриено подбивање. За разлика од разговорниот јазик, цинизмот во филозофијата значи учење на школата на циниците, чиј главен претставник бил Диоген, кое заговараше самоконтрола, воздржаност, едноставност, враќање кон природата и презир спрема општествените конвенции.

Според наше мислење, градацијата: Иронија - Цинизам (Иронична дрскост) - Сарказам и оттаму извлечената поделба на хуморот на обичен здрав хумор (хумор во кој се користи

само иронија) и црн[155] и каустичен хумор[156] (хумор во кој се користи цинизам и сарказам) се особено нужни за препознавање и разграничување на слободата на изразување говорот на омраза. Меѓутоа, за сигурна потврда на проценката што треба да ја донесеме за што навистина се работи во примерот на Шарли Ебдо, ни преостанува да ги објасниме само уште и поимите сатира и мем.

Сатира е лиературна форма, а понекогаш и графичка и изведувачка уметност во која се исмејува поединец, група, државата или власта преку разобличување на општествените неправилности, политички страсти, човечовата себичност, непро-мисленост, пороци, мани и глупости. Иако сатирата обично е замислена да биде духовита, нејзината примарна цел е конструктивна општествена критика со користење на сарказам заради привлекување внимание за пошироки прашања во општеството. Техниката на комично преувеличување и употребата на карикатура, или гротеска[157] се најмоќното уметничко средство на сатиричарите.

Меме или медиавирус е идеја која се пренесува од човек на човек, вербално или невербално преку интернет или на друго место. Мемот може да предизвика промени во внарешноста на носителот, да влијае врз него и општеството како целина. Основна карактеристика на мемот е способноста да се реплицира, односно да формира свои копии.[158] Формирањето на мемот започнува кога, на пример, некој на социјалните мрежи ќе објави слика со смешен наслов или коментар. Некој ја забележува таа слика и ја објавува на друг форум со менување на сликата (со фотомонтажа на нејзината позадина) и/или на насловот и коментарот, по што процесот продолжува со вклучување на уште луѓе на кои идејата им се допаднала и затоа продолжуваат со натамошно модифицирање на

[155] Црн хумор е вид на хумор во кој духовитоста се комбинира со морбидност и гротеска со цел кај публиката, освен смеа да се предизвика и шок.

[156] Каустичен хумор (ан. цаистиц - сподобност за горење, кородирање, нагризување или растворање со хемиско дејство), вид на хумор кој се потпира на духовни навреди, оштар хумор, хумор кој е дизајниран са изгори, да нагризе, саркастичен хумор.

[157] Гротеска е уметнички или литературен облик кој се темели врз фантастична и изобличена претстава на стварноста кои не предизвикуваат комични туку застрашувачки чувства.

[158] Мемињата се информации или идеи и верувања, кои можат да се пренесат од еден на друг организам или група на организми. Клучна компонента на мем концептот е дека информациите се способни да се самореализираат и за возврат, подлежат на еден вид природна селекција слично како биолошките гени и вируси.

првичната слика. Со таквото реплицирање сликата станува мем. Со други зборови, една идеја не е мем се додека не предизвика некој да ја репродуцира или да ја повтори на некој друг.  Мемиња може да бидат: индивидуални слогани, слики, фрази кои служат како мото, мелодии, икони, пронајдоци, навики, мода, манири. Селекцијата ги фаворизаира мемите кои се најлесни за разбирање, помнење и оптштење со другите.

Pepe the Frog е карактеристичен пример на расистички и антисемитистички мем, или мем кој често се користи во контекст што содржи навредлив говор на омраза. Пепе генерално се сметаше за среќна или тажна жаба која се користи за за да се пренесе радост или незадоволство. Во поголемиот дел од својот "живот" како мем, Пепе беше бенигна, иако понекогаш безобразна, фигура, која беше сакана од поп ѕвезди и тинејџери. Тој беше создаден од уметникот Мет Фури за стрип кој започна да се издава од 2005 година, нарече Boy's Club ( Клуб на момчиња). Меѓутоа, со тек на времето Пепе се претвори во интернет мем, позната нацистичка жаба. Имено, од различни причини, многумина почнаа Пепе да го прикажуваат како Хитлер, нацист, со запалени крстови и на многу други начини, кои кај нас би требало да се третирале како говор на омраза.

Во случајот Шарли Ебдо, слоганот "Јас сум Чарли" е израз (фраза, слоган) на солидарност со списанието, начин да се каже дека нападот врз него е напад и врз мене и моите вредности и дека ја споделувам судбината на весникот и неговата мисија, дека духот на Шарли Ебдо и неговото дело живее, дека терористите кои го нападнале не успеале да го замолчат. Под тој слоган на 10 и 11 јануари 2015 во поголемите градови на Франција беа одржани масовни демонстрации посветени на загинатите новинари и карикатуристи и за слобода на говорот, на кои учесвуваа околу три и пол милиони луѓе. Нешто потоа, слоганот стана најкористениот хаштаг  на Твитер,[159] но наскоро и непристоен Мем.

[159] Хаштаг е збор или фраза без празни места на чиј почеток стои симбнолот (#) кој широко се користи на платформите за социјално вмрежување и споделување на медиуми како мета-ознака за групирање и следење на мултимедијални дискусии на даден пледмет или тема.

Омразата од психолошки аспект претставува силно чувство кое наведува некому да му се посакува зло или да се прави зло, чувство на крајна одбивност спрема некого или нешто, болна состојба на непријателство. Поблаги облици на омразата се антипатија, презир, одбојност, гадење. Нејзина спротивност се љубов, простување, толеранција. Во оваа смисла, говорот на омраза е усмен или писмен говор кој се сведува на јавно изразување или причинување на омраза спрема одредено лице или група со цел за создавање нетрпелливост, раздор, дискриминација и насилство и/или распалување на веќе постоечка омраза со тоа што таа преку преку јавен говор на омраза се развива, јакне и продлабочува. Говорот на омраза е вербализација на негативни емоции од деструктивен карактер. Тој нажалост е потреба на човекот и е многу чест во општеството. Тој е од нагонска природа и е поттикнат од надворешни фактори. Во семејството и други групи говорот на омраза е предизвикан од малигни предрасуди , од генеразлизација на омразата и од воспитувањето. Хуморот, сатирата и мемите не смеат да содржат ништо од ова.

Но така не сметаат карикатуристите на Шарли Ебдо. Сите идеологии, концепти, перцепции, заблуди можат да бидат предмет на хуморот (треба да се измеваат). Токму ова е слободата на говорот. Тоа е токму и смислата на хуморот и сатирата. Според новинарите на Шарли Ебдо во сатирата и општествената критика нема табуа, на се треба да се смееме. Тоа беше идејата и на објавените карикатури на Мухамед. Меѓутоа, во карикатурите кои се однесуваат на Мухамед што претходно ги наведовме не можеше да види ништо смешно освен бласфемија и исламофобија. Тоа за жал се однесува и на сите други катикатури со кои се исмева Мухамед и исламот. Како доказ за тоа овде посочувам на уште неколку од нив, при што совеста и женското достоинство не ми дозволува воошто да ги анализирам оние од нив кои се енормно сексистички, порнографски и безобзирни. Некои од наводно смешните, претставуваат екстремно вулгарни карикатури, како на пример: две карикатури на кои Мухамед е претставен гол,[160] карикатурата насловена: "Муслиманите се

[160] Едната од нив е со наслов: "Ѕвездата е родена", а на другата Мухамед вели: "Дали ви се допаѓа мојот задник" Види карикатури бр. 24 и 25.

олабавуваат",[161] карикатурата насловена и "Да... Носат бурка ... внатре",[162] како и карикату-рата на која Мухамед е претставен како хомосексуалец.[163]

За неприфатливоста на сите карикатури кои го навредуваат Мухамед и Исламот, се чини нема посигурен доказ од оној што беше изразен во вид на протести низ целиот свет. Такви протести имаше во 2015, во Марави (Филипини) каде околу 1.500 луѓе запалија постер на Шарли Ебдо. Истата година, следуваа насилни протести во Зиндер, Агадез и Нијамеј (Нигер) по кои беше објавена тридневна жалост бидејќи загинаа десет, а 173 лица беа повредени, а на протестите беа запалени и 45 цркви. Митинг во Ингуш Мгагас (Ингушија, Русија) на кој се собраа повеќе од 20.000 луѓе. Уште во утринските часови започна митинг наречен "Љубовта на Пророкот Мухамед", во Грозни (Чеченија) против карикатурите на Пророкот Мухамед, на кој присуствуваа повеќе од милион луѓе. Илјадници пакистански приврзаници протестираа во Исламабад, Карачи, Пашавар, Мултан и Лахоре (Пакистан), каде беа запалени француски знамиња. Наредната 2016 околу пет илјади граѓани во Нови Пазар, Србија излегоа на мирен протест против објавувањето на карикатурите. Собраните граѓани носеа транспаренти на кои пишуваше "Мухамед" и "Алах е Еден". Во централниот дел на Лондон протестираа најмалку илјада британски муслимани а протести имаше и во Дакар (Сенегал), Картум (Судан), Газа (Палестина), Бамако (Мали), Аман (Јордан), Триполи (Либија), Бејрут (Либан), Алжир (Алжир), Техеран (Иран), Нуакшот (Мавританија), Доха (Катар) Манама (Бахреин), Манама (Бахраин), Сринагар (Кашмир), Бишкек (Киргистан), Сана (Јемен), Могадишу (Сомалија), Куала Лумпур (Малезија), Алепо (Сирија).

[161] Види карикатура бр. 26.
[162] Види карикатура бр. 27
[163] Види карикатура бр. 28

Претходно во 2012 година, илјадници муслимани протестираа и во Хонг Конг, Турција, Грција, Саудиска Арабија, Иран и Бангладеш, против карикатурите кои го навредуваат исламот, но и против објавениот антиисласмки филм "Неви-носта на муслиманите"[164] на YouTube

Од другите карикатури кои не се поврзани со исламот, туку со други теми, а се обидуваат да бидат сатирични, овде издвојуваме само неколку од оние што беа најмногу на удар на критика од светската јавност. Англичаните беа навредени од приказот на Тереза Меј, Американците на Обама, Французите на Брижит Макрон, Романците на нивната тенисерка Симона, Србите од карикатурите поврзани со Косово. По овие карикатури многумина изразија жалење што нивните држави му дадоа поддршка на Шарли Ебдо, откако беше цел на терористичкиот напад во 2015 година.

Што се однесува до Тереза Меј, таа во јуни 2017, само неколку недели по терористичкиот напад на Лондонскиот мост во кој загинаа 8 и над 48 лица беа сериозно повредени, беше морбидно прикажана со отсечена глава како изговара: "Премногу е премногу". А насловот на карикатурата е: "Англиски мултикултурализам".[165]

Американците преку Обама беа прикажани како големи расисти. На карикатурата насловена: "Обама повторно е обичен граѓанин, како и сите други", е прикажан Обама како бега пред рафал од куршуми испукани кон него од двајца бели полицајци. [166]

Успехот на романската тенисерка Симона Халеп која стигна до титулата Роланд Гарос, беше потценет со карикатура на која таа беше претставена како Ромка која во рацете држи пехар и извикаува: "Старо железо! Старо железо!". Според Романците ова беше навреда не

---

[164] Во јули 2012 година, на YouTube беше поставен нискобуџетен филм со наслов: "Невиноста на муслиманите", во кој Мухамед е прикажан како хомосексуалец, жен-скар, педофил и терорист. Видеото предизвика големи протести, што доведоа до десетици смртни случаи и стотивци повреди. Се смета дека истиот филм го предизвика терористичкиот напад во Бенгази.

[165] Види: Карикатура бр. 29. Во истиот број во внатрешноста на списанието беше објавена уште една одвратна карикатура на која беа претставени исплашени Британци како бегаат по терористичкиот напад, со наслов: Совети за слабеење од ИСИС - трчаат брзо".

[166] Види карикатура бр. 30.

само за тенисерскиот шампион, туку навреда насочена кон целата ромска популација која честопати до својата заработувачка доаѓа преку собирање на старо железо.[167]

Меѓу бројните мети од францускиот јавен и политички живот се најдоа и сопружниците Макрон. На сексистича карикатура со наслов: "Тој ќе направи чуда", е прикажана Брижит Макрон во очигледно бремена состојба, а покрај неа, новоизбраниот претседател на Франција, Емануел Макрон, насмеано со рака ја држи за нејзиниот стомак.[168] Карикатурата имплицира чуда (не политички) што може да ги оствари новиот претседател со жена која повеќе не може да има деца.

Србите беа згрозени од две карикатури. Првата насловена: "Пролет во Приштина", на која двајца српски војници стојат во преден план, пред трупови на силувани Албанки, при што едниот на другиот му вели: "Овде снемува жени".[169] На другата карикатура, Србин држи исечена глава на Албанец и ја бакнува, а во текстот се наведува: "Романтична разделба на Србија и Косово."[170]

И на крај чашата ја прелејаа анонимни т.н. сеирџии од социјалните мрежи, кои им пристапија на помош на Шарли Ебдо со објавување илјадници мемиња кои повеќекратно ја зајакнуваат несоодветноста на нивните наводни шеги. Од лавината на новите вулгарности, првото место го држат мемињата за Мухамед, кој во нив е реплициран како: свиња, куче, силувач на свињи или силуван од свиња, педофил, хомосексуалец, лудак, бебе кое држи лижавче и плаче бидејќи му биле повредени чувствата. На социјалните мрежи имаше и одмазднички фотошопови на карикатурите на Мухамед, на кои се прикажани извртени идеи на оригиналните карикатури на Шарли Ебдо. Еден од мемињата, кој доведе до притвор на неговиот изготвувач, беше оној кој се однесуваше на карикатурата објавена во јули 2013 година (бр. 1099), за време на крвавиот притисок од страна на египетските власти врз фундаменталистичкото Муслиманско братство. Станува збор за карикатурата на која е претставен муслиман со примерок од Куранот со кој се обидува да се заштити од

[167] Види карикатура бр. 31.
[168] Види карикатура бр. 32.
[169] Види карикатура бр. 33.
[170] Види карикатура бр. 34.

куршуми, а во насловот стои: "Масакар во Египет - Куранот е измет, не запира дури ни куршуми".[171]

Во врска со досега изнесеното, внимание заслужува коментарот на Хозе Антонио Гутереш. Тој вели: "Не ја заборавам насловната страница на проблемот Шарли Ебдо бр. 1099, во кој го тривијализираше масакрот на повеќе од илјада Египјани со брутална воена диктатура која има одобрение на САД и на Франција. (...) Можеби некои ќе го најдат ова за забавно (смешно). Во нивно време на англиските доселеници во Тиерра дел Фуего, Аргентина, им беше забавно да се фотографираат со широка насмевка, пушка во рака и ставена нога врз сѐ уште крвавите трупови на домородниот народ кои тие го ловеле. Наместо смешно, таа карикатура за мене изгледа насилна и колонијалистичка, злоупотреба на фиктивната и манипулативна слобода на печатот. Како би реагирале луѓето ако сакам да дизајнирам снимка од списанието, со следниот текст: "Колење во Париз - Шарли Ебдо е срамот: не заслужуваат куршуми, и да направам карикатура на Жан Кабу како е застрелан држејќи копија од списанието во неговите раце? Јасно е дека тоа би било срамота: животот на еден Французин е свет. Еден египетски (палестински, ирачки) е играчка. Од таа причина јас не сум Шарли Ебдо, бидејќи за мене, животот на секој еден од оние Египјани масакрирани е свет, како и секој од оние карикатуристи што беа убиени денес. Веќе знаеме што да очекуваме сега: ќе има говор за одбрана на слободата на медиумите од земјите кои во 1999 г. го дадоа својот благослов за бомбардирањето на НАТО на српската јавна телевизиска станица во Белград, нарекувајќи ја "Министерство за лаги; земји кои молчеа додека Израел ја бомбардираше телевизиската станица Ал Манар во Бејрут во 2006 г., оние кои реагираа со молчење на убиствата на колумбиските и палестинските новинари. (...) Поради ова, и покрај чувствата на одвратност што ми се случи по нападот во Париз, Ја не сум Шарли".

[171]Види карикатура бр. 35. https://www.anarkismo.net/article/27783.

Во овој случај, Куран од карикатурата е заменет со примерокот од весникот во кој беше објавена провокативната карикатура, а во насловот на карикатурата наместо Куранот е измет, стои "Масакар - Шарли Ебдо е измет не запира дури ни куршуми".[172]

Во друга варијанта на мемињата, Куранот е заменет со еврејската Тора, со цел да ја покаже хипокризијата на списанието: во еден случај (карикатурата) се работи за слобода на говорот, а во друг (мемот) за антисемитизам.

Бројни репликации (мемиња) беа направени и на логото "Јас сум Чарли". Половината од нив беа прифатливи,[173] меѓутоа, во другата половина пораките од слоганот, според кој моливот и пенкалото се главен одговор на тероризмот, се претворија во екстремно неприфатливи мемиња, меѓу кои имаше и такви во кои моливот се покажа поморбиден дури и од оној од карикатуристите од Шарли Ебдо.[174]

Непознат автор направи фотошоп и на една од карикатурите со кои беа навредувани Србите, така што на нивната карикарура, насловот пролетта во Приштина ја претвори во "Зима во Париз" а наместо српските борци беа прикажани двајца терористи со фантомки на главите од кои едниот вели: "Недостасуваат карикатуристи во градот".

И покрај сè, за вработените во Шарли Ебдо и нивните поддржувачи, објавените карикатури остануваат дела сторени од љубов кон слободата на изразување, а не говор на омраза.

[172] Види меме бр. 36.
[173] Види карикатура бр. 37.
[174] Види карикатура бр. 38.

# VI ПРЕВЕНЦИЈА И СУЗБИВАЊЕ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

## 1. Последици од говорот на омраза

Последиците од говорот на омраза се огромни, како врз поединците, семејствата и другите групи. Измачувањата, прогонствата, одмаздите, убиствата, а во последно време и тероризам се сосема доволни индикатори кои покажуваат колку говорот на омраза е тешка појава којашто токму затоа бара и вонредни усилби за нејзино превенирање и сузбивање. Последиците се уште поголеми кога се работи за угнетување на малцинствата, кои во екстремни случаи можат да доведат до масовни организирани насилства кон цели идентитетски групи, па дури и до нивен геноцид. Постојат и докази дека кај поединците и групите кои се изложени на говор на омраза постои поголема веројатност да извршат самоубиство ("ефект на дехуманизација"). Сето тоа укажува дека говорот на омраза претставува сериозна опасност за кохезијата на едно демократско општество, заштитата на човековите права и владеењето на правото.

Според Стивен Хајман, професор на Универзитетот Јеил, штетите што произлегуваат од говорот на омраза може да бидат доста променливи. Тој може да предизвика штета на одредена личност во форма на психолошка траума или вознемиреност. Меѓутоа, и многу реторики кои не спаѓаат во дефиницијата на говор на омраза може да предизвикаат таква штета. На пример, опишувањето на нечија работа како "некомпетентна" или "одвратна" можат да предизвикат голема психолошка вознемиреност, иако тоа нема да се смета за говор на омраза, ниту пак би се помислило дека тоа бара посебна законска забрана. Поради тие причини современа тенденција не е да се размислува за штетата на говорот на омраза во однос на директните штети на одредени поединци, туку како вид на колективна институционална штета - нешто што придонесува за социјалната клима или збир на институции во кои членовите на малцинските групи и понатаму се угнетени. Ова ја прави штетата на говорот на омраза апстрактна и индиректна.[175]

[175] Види повеќе: https://philosophicaldisquisitions.blogspot.com/2017/11/the-problem-with-hate-speech-laws.html

Накратко, кој било настан или случување на домашната општествено-политичка сцена не поминува без рефлексија во медиумите и на социјалните мрежи и портали често проследена со лажни вести и говор на омраза, заканувачки пораки со повик на насилство кон државни функционери, политичари, новинари, па се до анонимни закани по нивниот живот. Сето тоа не останува без директна или апстрактна штета. Тој факт, пак, од своја страна, доволно и јасно укажува на неопходноста од изнаоѓање адекватни превентивни и репресивни мерки за спречување и сузбивање на говорот на омраза.

## 2. Превенција на говорот на омраза

Напред видовме дека традиционалните медиуми не се единствените виновници за ескалацијата на говорот на омраза. Напротив, навредливите коментари се доминантна карактеристика во дискурсите на читателите кои се објавуваат на веб-порталите[176] и социјалните мрежи. Од тие причини во последниве десетици години меѓународните конвенции и други докумети се поголемо внимание му посветуваат на говорот на омраза изразен преку Интернет, што соодветствува со сознанието за се поголемите можности за злоупотреба на интернетот во криминални цели. Така Дополнителниот протокол кон конвенцијата за сајбер криминалитетот на Советот на Европа од 2003 година, налага државите потписнички да усвојат законодавни и други мерки за инкриминирање на следните противправни и умислени дела: дист-рибуирање или на друг начин правење достапен расистички или ксенофобичен материјал во јавноста преку компјутерски систем со извршување на тешки казниви дела или јавно навредување на лица или група што се разликува според расата, бојата на кожата, националното или етичко потекло или религија, и дис-трибуирање или на друг начин преку компјутерски систем правење достапен на јавноста материјал кој негира, грубо минимизира, одобрува или оправдува

[176] Портал е веб (мрежа) страница која нуди линк (врска) на редица релевантни содржини од различни извори при што настојува да ги класифицира, групира, а во некои случаи да ги избере и персонифицира. Освен тоа настојува да ги прилагоди содржините на различни медиуми, односно со терминални уреди (на компјутери, мобилни телефони како и на сет-топ боксови со пристап на интернет или некоја друга ИП мрежа). Според содржината што ја нудат можат да бидат општи или специјализирани, глобални или регионални, може да нудат информации или различни интернетски сервиси. Пристапот кон нив може да биде отворен, допуштен со ауторизација или затворен во интернетот или во ограничена интернетска мрежа. Накратко, портал е веб страница со линкови кон други веб страници, односно страница која нема своја содржина, туку пренасочува или обединува (primer, Yahoo, MSN).

дејствија кои претставуваат геноцид или злосторства против човечноста. Според овој Протокол, како расистички или ксенофобичен материјал се смета: секој пишан материјал, секоја слика или секое друго претставување на идеи или теории кои застапуваат, промовираат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против индивидуа или група на индивидуаи, засновано на раса, боја, предци или национално или етничко потекло, како и религијата ако е употребена како предтекст за кој било од овие фактори.

Што се однесува до интернет порталите и социјалните мрежи, денес главните платформи за социјални мрежи прават сериозни напори за превенција на говорот на омраза. За жал повеќето од нив се уште само се борат да излезат со ефективно средства за соодветно справување со проблемот, без значајни резултати. Некои се поуспешни од другите, но сепак никој од нив не нашол вистинска алатка за негово спречување.

Така, Twitter и другите интернет платформи се обидоа да воспостават системи кои ефикасно можат да дешифрираат што е, а што не е говор на омраза, со вградување сопствени алготитми (детектори за говор на омраза)[177] за таа намена. Покрај тоа, Twitter овозможи на јавноста и да гласа и одлучува кој јазик е говор на омраза што е лоша идеја. И најпопуларната платформа за социјални медиуми Facebook, акцентот го стави врз својот алгоритам, кој се покажа далеку од совршен за да ги симне офанзивните мислења оттаму што често остава говор на омраза додека ги забранува оние кои објавуваат нешто што е далеку од погрешно. Реалноста е дека доверувањето на таква чувствителна улога на алгоритам има очигледни недостатоци кои не можт да се надминат. На планот на спречување на говорот на омраза сопс-твеникот на Facebook, Марк Цукерберг најави дека во наредните пет до десет години користење совршени програма на вештачка интелигенција со која ќе може целосно да се филтрира говорот на омраза. Денес се тврди дека вештачката интелигенција е алатка која може да пресретне јазични нијанси на различните видови на содржини преку идентификација на потенцијално навредлив материјал.

---

[177] Современи компјутерски техники (збир на одреден број команди на програмски јазик) за обработка на природниот јазик кои можат да го класифицираат текстот врз основа на индивидуални карактеристики, зборови или реченици. "Програмските јазици Koboli и Fortron или, пак Algol се сметаат за таканаречени алгоритамски јазици, а нивната основна цел е да претстават, т.е. да опишат постапката на решавање на одреден проблем кој со конкретниот алгоритам е претставен". Види:: https://www.oxford-webstudio.com/da-li-znate/sta-je-algoritam.html

Меѓутоа, и тука останувaaт нејаснотиите и потешкотии, зашто лесно е на компјутерскиот систем да ги лоцира клучните зборови или фрази, или пак да го класифицира чувството на еден текст, но разбирањето на значењето на мислата бара многу подлабоко познавање на светот, зашто јазикот се потпира на познавање на заеднички чувства при што човекот користи ментален модел за да спакува многу информации во неколку збора. Притоа, останува многу тешко да се откријат лажните вести бидејќи тие често се прават од непроверени и лажни информации. Најтежок проблем сепак претставува тоа што, дури и ако се постигне напредок во разбирањето на природните јазици, снабдувачите на омраза и дезинфирмации би можеле еднакво добро да усвојат некои од истите алатки за да избегнат детекција.[178] Така, на пример, намерното користење на лоша граматика или неправилен правопис, оставање празен простор меѓу зборовите, додавање на неутрални зборови и други модификации, сѐ со цел да се избегне детектирањето на говорот на омраза и на сите локатори.[179] Згора на тоа, дури и доколку технологијата достигне точка во која пишаните зборови можат лесно да се филтрираат, сѐ уште ќе постои проблемот со другите форми на изразување, како што се фотографиите и видеата.[180] Овде треба да се истакне и тоа дека Советот на Европа во 2018, ја објави Студијата ДГИ (2017) 12, во која нуди некои одговори на прашањето како автоматизираните техники за обработка на податоци, како што се алгоритмите, влијаат на човековите права, истакнувајќи ја потребата од натамошни расправи.[181]

И Instagram, кој е во сопственост на Facebook, се придружи кон компаниите кои веќе се борат против говорот на омраза и заедно со Google+, ветија дека ќе ги отстрануваат сите проблематични содржини, за најдоцна од 24 саати откако се пријавени од страна на други корисници, и дека на тој начин ќе делуваат во согласност со Кодексот на Европската комисија за борба против говорот на омраза. Facebook, Twitter, YouTube i Microsoft веќе го

[178] Види повеќе: https://www.technologyreview.com/s/610860/three-problems-with-facebooks-plan-to-kill-hate -speech-using-ai/

[179] Едно истражување на Универзитетот Алто од 20.09.2019 г. докажа дека најсовремените детектори на интернет што во моментов се користат може лесно да бидат измамени. Види: ttps://www. Science-daily.com/ releases/2018/09/180916152719.htmtak.

[180] Види повеќе: https://www.information-age.com/ai-hate-speech-123476670/

[181] Целиот текст на студијата со наслов "Algorithms and Human Rights, Study on the human rights dimensions of automated data processing techniques and possible regulatory implications"., може да се најде на: https://rm.coe.int/algorithms-and-human-rights-study-on-the-human-rights-dimension-of-aut/1680796d10

почитуваат овој кодекс. Така, во извештајот од втората евалуација[182] (резултатите од првата еволуција се објавени на 12.06.2016 г.),[183] Комисијата оценила дека резултатите се задоволителни оттаму што платформите отстраниле 59% од сомнителниот говор на омраза ширум Европа, во споредба со само 28% во декември 2016 г.

Меѓутоа, задоволството од таквиот "успех" е еднакво пропорционален со условно кажано, успехот на градската противпожарна служба да изгасне само 59% од локалните пожари. Напросто, поради соочувањето со безброј написи на интернет платформата со потребата за контекст со цел да се процени значењето на намерите на пријавените мислења, сè уште не постои совршена алатка или систем кој сигурно може да ги лоцира и разликува мислењата кои ја преминуваат линијата на слободното мислење во неприфатлив говор на омраза.

Што се однесува до превентивните напори што се вложуваат во нашата земја, слободно може да се каже дека тие главно се поместени на две рамништа: 1. рамниште на едукацијата за јакнење на свеста за штетните последици од говорот на омраза, во прв ред, преку организирање разни конференции, семинари и тркалезни маси, но и преку формирање на информативни веб-страници отворени за јавно презентирање на ставови за говорот на омраза, и 2. рамниште на охрабрување и поттикнување на жртвите да ја пријавуваaат таквата реторика.

182 Види повеќе: Code of Conduct on countering online hate speech - results of evaluation show important progress, od 06.01.2017. https://ec.europa.eu/newsroom/just/item-detail.cfm?&item_id=71674

183 Види повеќе: Fidhting illegal online hate speech: first assessment of the code of Conduct. https://ec.europa.eu/newsroom/just/item-detail.cfm?&item_id=50840

Во врска со првото рамниште вредно е да се истакне одржувањето на:

Конференција на тема: "Права и обврски при комуницирање на Интернет", во организација на Македонскиот институт за медиуми (МИМ)[184] во рамките на заедничкиот проект на Европската унија и на Советот на Европа со наслов "Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕЦ)". Потти-кнување на критичкото размислување и медиумската писменост кај корисниците на социјалните мрежи, подигањето на политичката култура на комуницирање, ефективна и независна саморегулација, онлајн и доследна примена на законите се некои од предлозите во однос на решавањето на проблемите со комуникацијата во интернет просторот, што беа истакнати на конференцијата.[185]

Конференција на тема "Говор на омраза во медиумите", во организација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (АВМУ). На Конференцијата беше промовирана публика-цијата "Регулаторните тела за медиумите и говорот на омраза", во која се пренесени искуствата и практиките на регулаторите во регионот, како и препораките за справување со ваквите појави.[186]

Превентивно-едукативен проект "Стоп на говорот на омраза", во организација на Отсекот за превенција, тетовската и гостиварската локална самоуправа и ОБСЕ, со кој во декември 2018 го., беа опфатени 2500 ученици, од шест тетовски и четири гостиварски училишта. Целта на проектот беше поблиско запознавање на учениците преку предавања како да го

---

[184] МИМ е невладина, непартиска и непрофитна организација основана во 2001 г., од Данската школа за новинарство, USAID/Ireks Pro Media и Македонскиот прес-центар. Целта на МИМ е да го пот-тикнува и континуирано да помага во процесот на унапредувањето на професионални стандарди во новинарството, медиумите и во јавната комуникација со цел да влијае врз подобрување на демократските процеси во Република Македонија. https://mim.org.mk/mk. Меѓу другите активности на МИМ, вредно е да се истакне отворањето на информативно-едиукативниот сајт "Безомразно" со поддршка на Британската амбасада, чија што главна цел е да ги информира граѓаните на Македонија за повеќе аспекти поврзани со говорот на омраза и да го подигне нивото на знаење и разбирање помеѓу младите, јавните личности и медиумите за неговите ефекти во јавниот дискурс. Види: http://bezomrazno.mk/

[185] Види повеќе: https://mim.org.mk/mk/novosti/1087-efikasna-samoregulacija-i-mediumski-pismeni-gragjani-za-odgovorno-komuniciranje-onlajn

[186] https://www.aa.com.tr/mk/

препознаваат говорот на омраза, како да се дистанцираат од однесување провоцирано со ваков говор и кои се негативните последици од истиот.[187]

Јавна расправа на тема "Говор на омраза во медиумите насочен кон жените", одржана од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија на Четвртата седница на 16.11.2017 г. На расправата, иако поканети, за жал, не присуствуваа ниту колегите пратеници, ниту некој претставник на медиумите.[188]

Дебата во Охрид, организирана од Советот на етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28.11.2018 г., на тема: "Саморегулација на медиумите, интересот на јавноста и граѓанската вклученост".[189] На дебатата беше истакнато дека најчесто непочитување на етичките правила и непрофесионалноста на порталите статистички се најбројни и дека 80% од претставките до СЕММ се однесуваат на нив. Кај нив се и најгруби нарушувањата, од непроверени информации до говор на омраза, клевета, нецензуриран говор и мешање на факти со мислења.[190]

Дебата во Куманово, организирана од Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД) на 21.06.2018 г. Целта на дебатата на која присуствуваа главно студенти и средношколци беше нивна едукација - како да го препознаат говорот на омраза во институциите. На дебатата се отворија прашања колку говорот на омраза е присутен во јавноста и на социјалните мрежи, како да се препознае и кои се законските процедури, како да се пријави и санкционира.[191]

---

[187] Види повеќе: https://tribuna.mk/preventivno-edukativen-proekt-stop-na-govorot-na-omraza/
[188] Види повеќе: https://sdk.mk/index.php/makedonija/pratenichkite-bez-kolegite-raspravaa-za-iskorenuvane-na-govorot-na-omraza-kon-zhenite/
[189] Види повеќе:https://makpress.mk/Home-/PostDetails?PostId=261185&utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk
[190] Види повеќе: http://inpress.com.mk/?p=80556&utm_source=daily.mk&utm_medium=daily.mk
[191] Види повеќе: https://a1on.mk/archives/910559

Агенцијата за млади и спорт заедно со Министерството за внатрешни работи во јануари 2019 г. започна кампања за подигање на свеста кај младите за говор на омраза како вид на насилство кое што може да повреди посилно дури од физичкото насилство и да остави тешки последици. Насловот на медиумската кампања е "Насилството раѓа насилство - сопри го, не го разгорувај."[192]

Советот на етика во медиумите на Македонија (СЕММ),[193] со поддршка на Мисијата на ОБСЕ на 18.12.2018 г. иницира формирање, а на 30.01.2019 г. и официјално формира Мрежа за справување со говорот на омраз во медиумите. Мрежата ја сочинуваат претставниците на професионалните медиуми и новинарски здруженија, државни тела за заштита на човековите права, државни и регулаторни тела и граѓански организации кои ја потпишаа: "Декларацијата против говорот на медиумите и интернетот". [194] Основна цел на Мрежата е превенција на ширењето на говорот на омраза во јавната сфера, зајакнување на професионалното и етичко вршење на новинарската дејност и подигнување на свеста на пошироката популација за негативните последици од говорот на омраза.

Што се однесува до третото рамниште на активности на интернет странииата на Министерството за внатрешни работи е воведена апликација насловена "Црвено копче", на која граѓаните можат да пријавуваат какви било сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикување на насилство, како и трговија со луѓе. Сите граѓани кои сакаат да пријават говор на омраза тоа можат да го сторат и на

[192] Види повеќе: https://www.alsat-m.tv/mk/ams-i-mvr-vo-zaednichka-kampanja-protiv-govor-na-omraza/

[193] СЕММ е невладина, неполитичка и непрофитна организација која по принципот на слободна волја, ги здружува своите членови заради остварување на целите и дејностите утврдени со Статутот на организацијата и со општите принципи на мисијата и визијата на СЕММ. Советот е орган за саморегулација на медиумите кој својата активност главно ја базира врз утврдување на јавни морални санкции за оние медиуми кои не ги почитуваат професионалните/етичките стандарди, Кодексот на новинарите и Принципите на Меѓународната федерација на новинарите. http://www.semm.mk/sovet-za-etika/za-nas

[194] Кон Мрежата пристапија: Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Народниот правобранител на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Здужението на новинари на Македонија (ЗНМ), Самостојниот синдикат на новинари и медиумски ранотници (ССНМ), Институтот за комуникациски студии (ИКС), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Центарот за развој на медиуми (ЦРМ), Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, Коалицијата Маргини, Фондацијата Метаморфозис, Институтот за истражување на општествениот развој (РЕСИС) и Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД). Процесот за пристапување е отворен и за сите други заинтересирани организации, здруженија, институции и медиуми.

линкот на Хелсиншкиот комитет, како и до Комисијата за заштита од дискриминација, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до Советот на честа на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), до Советот на етика во медиумите во Македонија (СЕММ), до Народниот правобранител, како и до Комисијата за заштита од дискриминација. Секако тоа пријавување може да се насочи и кон Јавното обвинителство на Република Македонија.

Ваквиот широк опфат на институции кои го охрабруваат и поттикнуваат пријавувањето на говорот на омраза на прв поглед е за поздравување, но кога ќе се земе предвид дека говорот на омраза претставува кривично дело, веднаш се поставува прашањето на компетентноста на овие институции да бидат посредник меѓу жртвите и обвинителството за прашања кои бараат правна анализа, проценка на доказите и квалификацијата на делото за негово соодветно процесуирање. Особено оттаму што внимавајќи на жртвата дел од овие институции од низа причини, намерно или ненамерно, неправедно етикетираат и се случува да стигматизираат лица за говор на омраза таму каде што воопшто не постои. Притоа, целосно се заборава и на презумпцијата на невиност, која во оваа област слободно можеме да констатираме дека воопшто не се почитува. [195]

Од емпиртиските и стручни анализи и извештаи, како и од заклучоците на наведените и други конференции, семинари, работилници, трибини, панел дискусии, произлегуваат бројни препораки за намалување и спречување на говорот на омраза. Сумарно земено, сите препораки се насочени кон градење засилена стратегија на мерки со ставање акцент главно врз:

Зголемување на мониторингот на социјалните мрежи преку укажувања и кампањи.

Меѓународна соработка за превенција на говор на омраза, особено со платформите што доминатно се користат во Македонија.

[195] Види повеќе: http://lokalno.mk/helsinshki-komitet-postavi-dzid-na-sramot-na-ulica-makedonija/. Во поканата за овој настан стоеше: "Хелшинскиот комитет за човекови права има задоволство да ве покани на иницијалниот настан за проект на говор на омраза, поддржан од страна на НЕД (National Endowement for Democracy). На настанот бил промовиран "Ѕид на срамот", на кој биле изложени јавни ликови кои практикувале говор на омраза во јавоста, како и ширење на говор на омраза по медиумите" (подвлекла С.С.). http://www.mhc.org.mk/announcements/321?locale=sq#.XGE9RFVKi71.

Развивање на образовни програми за подигање на медиумската етика со фокусирање на правата и слободите на новинарите и нивната улога во создавањето и промовирањето на мирни општества. Новинарите мора да бидат опремени со знаења и вештини за да го идентификуваат говорот на омраза и да ги спречат пораките на тој говор.

Јакнење на капацитетите на медиумите и институциите во областа на информирањето.

Подигање на севкупната општествена свест по ова прашање, особено кај помладите категории на население, кои најчесто се јавуваат како креатори на говор на омраза, а истовремено врз различни основи (расна, етничка, религиска, политичка итн.) и се предмет на омраза.[196]

Поддршка на административни мерки што се состојат во забрана за ширење на идеи, информации или ставови со кои се поттикнува дискриминација, омраза или насилство кон лица или групи врз основа на нејзините посебни својства.

Развивање на медиумската писменост[197] и подигање на нејзината улога во борбата против говорот на омраза и освестувањето за опасноста која таа ја претставува за демократијата, а посебно за поттикнување на граѓаните критички да ги анализираат вестите и информациите и да развиваат алтернативни начини на изразување.

Поголема нормативна регулација на социјалните мрежи.

Охрабрување на жртвите и сведоците да ги пријавуваат сите форми на говор на омраза, зашто жртвите ретко пријавуваат инциденти до органите на прогон поради страв од одмазда, или не го сфаќаат сериозно говорот на омраза, поради недостиг на доверба во системот. Во таа смисла ЕКРИ препорачува на жртвите да им се обезбедува правна и психолошка помош.

Утврдување и обезбедување на правото на жртвите да бараат демант, извинување или компензација (надомест на штета) за изразените форми на говор на омраза преку административни, граѓански и кривични постапки.

---

[196] Стојановски, Страшко, Говорот на омраза на интернет и социјалните мрежи, https://www.ihr.org.mk/p.php?pid=221

[197] Медиумската писменост вообичаено се дефинира како способност за пристап, разбирање, анализа, критичка оценка на различните медиуми и медиумски содржини, како и за создавање комуникациски содржини во различни контексти: http://mediumskapismenost.mk или накратко: способност критички да се оценуваат медиумските содржини и да се откриваат манипулациите кои секојдневно се примаат преку традиционалните и социјалните медиуми.

### 3. Репресивно сузбивање на говорот на омраза

Говорот на омраза во Македонија се шири по различни основи, као етичка припадност, социјално потекло, политичка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација, родов идентитет и слично.[198] Тој факт наведува кон логичен заклучок, дека покрај слабата ефикасност на инсти-туциите во неговото спречување (превенција), една од главните причини за честите појави на говор на омраза мора да се бара и во целосното отсуството на репресивна реакција кон оваа негативна појава, односно несанкци-онирањето на ваквите случаи. Имено, непроцесуирањето и неказнувањето на говорот на омраза доведува до состојба поединците да бидат охрабрени да го користат и шират истиот, а жртвите на таквиот говор немаат можност правно да се заштитат.

Оправдувањето на законите против говорот на омраза произлегува од фактот дека говорот на омраза е спротивен на вредностите на толеранција и коегзистенција заеднички за човековите групи. Притоа, нужно е сите ограничувања на слободата на изразувањето да бидат наведени во закон и да бидат јасни и концизни така што секој може да ги разбере. Законот мора да содржи мерки за сузбивање на говорот кој шири, поттикнува или оправдува омраза, нетолеранција, дискриминација и непријателство. а секому му гарантира право на слободно изразување и информации. На конференција на УНЕСКО, беше особено истакнато и тоа дека законите кои се однесуваат на говорот на омраза треба да бидат усогласени и јасно дефинирани, така што никој нема да биде казнет за ширење на говор на омраза доколку не се покаже дека информацијата не е објавена со намера да се поттикне дискриминација, непријателство или насилство.

[198] Според едно истражување од 2015/2016 г. на социјалните мрежи во Република Македонија, присутни се говорот на омраза врз основа на религиска и етничка припадност, говор на омраза на политичка основа, врз основа на сексуална ориентација, како и врз професионална ориентација и говор на омраза кон мигрантските заедници кои транзитираат низ Македонија. Таквиот говор најчесто е присутен на SoyТубе, Фацебоок, а најмалку на Twitte. Маролов, Дејан и Стојановски, Страшко: *Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија.* Според статистиката на интернет платформата на Хелсиншкиот комитет за човековите права, за четири години се регистрирани над 300 случаи на говор на омраза, најчесто врз етничка припадност, но и врз основа на политичка припадност и сексуална ориентација. Тоа најчесто се случувало на социјалните мрежи и на интернет порталите, но не изостанале примери ниту на социјалните мрежи. Види повеќе: http://govornaomraza.mk/

Говорот на омраза сè до почетокот на 2019 г. не беше доволно јасно инкриминиран во Кривичниот законик, поради што во јавноста се укажуваше дека најпрвин се неопходни законски промени во кој ќе се содржи јасна дефиниција на говорот на омраза. Накратко, практиката покажа дека одредбите од Кривичниот законик за говор на омраза беа непримелниви, токму затоа што недостасуваше концизен член кој дава дефиниција на говорот на омраза што би го олеснил постапувањето на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство околу неговото препознавање. Оттаму на планот на репресивната борба против говорот на омраза имавме состојба која македонската јавност со право ја оценува како декларативна. За тоа сведочи фактот дека македонските судови во последниве три години немаат донесено ниту една една правосилна пресуда за говор на омраза, а сè до октомври 2018 година, не беше поведена ниту една постапка по барање на Јавното обвинителство.[199]

Од друга страна, факт е дека денес говорот на омраза е поим кој е често во употреба, како во медиумите така и во секојдневниот говор, меѓутоа поради недоволна информираност, но и од други причини, често се случува со него да се опфаќаат ситуации кои во правна смисла тоа не се. Заради разјаснување што е, а што не е говор на омраза во Република Македонија, мора да се соочиме со конкретни примери од нашата стварност во која секако дека најрелевантен индикатор за вистинските состојби се поднесените и процесуираните кривични пријави за говор на омраза.

Во оваа смисла првото сознание што се наметнува дека бројот на поднесени кривичните пријави е исклучително мал, што во овој труд ни дава можност да се осврнеме на повеќето од нив. За таа цел, ќе се задржиме на кратка анализа на некои поднесени пријави:

Хелсиншкиот комитет има поднесено 4 кривични пријави за говор на омраза: 1. Против новинарот Миленко Неделковски во 2014 г., за ширење говор на омраза преку интернет, врз основа на сексуална ориентација. Имено, непосредно по нападот на ЛГБТИ заедницата во клубот Дамар во Стара чаршија, Неделковски на својата фан страна на

[199]https://portalb.mk/565775-maqedonia-vlon-nga-gjuha-e-urrejtjes-por-rastet-rralle-procesuohen-negjykate-infografik/

социјалната мрежа Facebook, споделил слика од нападот со текст кој е омаловажувачки кон ЛГБТИ заедницата и со кој се оправдува нападот. 2. Против новинарот Јанко Иловски, за истиот настан како и против новинарот Миленко Неделковски. 3. Против градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој ширел говор на омраза на јавен собир-митинг во октомври 2017, непосредно пред одржувањето на локални избори. Во својот говор тој употребил навредливи и понижувачки говор кон својот противкандидат употребувајќи погрдни зборови насочени кон ЛГБТИ заедницата.[200]

4. Против новинарите Мирка Велинова и Миленко Неделковски во април 2018 г., за емисијата "Миленко Неделковски Шоу" каде што користеле навредлив говор и говор на омраза врз етничка припадност, насочена кон албанската етничка заедница.[201] Обвинителството оцени дека нема основи за покренување обвинение по овие пријави.

Кривични пријави, поради говор на омраза, се поднесени во ОЈО и од политички фигури. Но фреквенцијата на поднесени пријави од лица-жртви на говорот на омраза и лица соочени со говорот на омраза во секојдневието е многу различна. Како што веќе спомнавме, говорот на омраза е поместен таму каде што не е воопшто или е помалку казнив, со истовремено зголемување на ефектите на своето дејство. Интернет платформите овозможуваат бесплатен простор за навредување и оцрнување на јавна личност (преку слика, аудио снимка, видео-запис или сл.) а релацијата новинар – политичар е многу честа форма на јавна критика.

[200] Во врска со овој настан порталот Точка пренесе: "...Пред три дена, на митинг во предизборна кампања, Јакимовски во својот говор го нарече својот противкандидат Стефан Богоев хомосексуалец. Притоа, хомосексуалноста ја нарече "најопасната мафија" и "мафија која сака да се инсталира во општината Карпош". Ваквиот говор на кандидатот за градоначалник, велат од Хелсиншкиот комитет, претставува кривично дело: "Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, верска и друга дискриминаторска основа" согласно член 319 до Кривичниот законик на Република Македонија. Преземено од tocka.com.mk (16.10.2017) наслов: *"Хелсиншкиот комитет ќе поднесе кривична пријава против Стевчо Јакимовски за говор на омраза.*

[201] https://prizma.mk/nema-vinovnitsi-za-govorot-na-omraza-vo-makedonija Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава против новинарката Мирка Велинова поради говор на омраза што таа го искажувала во емисијата "Лајт најт шоу" на новинарот Миленко Неделковски. ...Во емисијата, Велинова употребува навредливи зборови за албанската етничка заедница во земјава и пошироко, претставувајќи ја како непријател на македонската етничка заедница. Велинова понатаму изнесува тврдење дека "ќе има терор на улиците" во Македонија, како одговор на гореспоменатите општествено политички процеси (потпишувањето и ратификацијата на Договорот за добрососедство со Р. Бугарија и на Законот за јазиците), со тоа поттикнувајќи меѓуетнички тензии и нетрпеливост". Expres.mk (01.02.2018) наслов: Кривична за Мирка Велинова - Ширела говор на омраза"

Иако, од политичарите се очекува да бидат подготвени да прифатат многу построга јавна критика за нивните активности и изјави, пресудите на Европскиот суд упатуваат на фактот дека иако политичарите имаат право на еднаква заштита како и сите други, границите за новинарите се сепак пошироки за изнесување на критицизам и мора да се избалансирани со јавниот интерес за отворена дискусија во однос на политичките прашања. Но, веќе зборувавме за новинарскиот кодекс и одговорностите што произлегуваат од него, како на пр.:

*"Новинарот нема свесно да создава, ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права и слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална, ориентација, политичка...)".*[202]

Новинарите, честопати го прекршуваат овој кодекс служејќи се со разни форми (колумна, видео-запис, прилог, новинарски коментар, слики) да нападнат одредена политичка фигура која е најчесто дел од политичка партија која е во опозиција, а да фалат политичка фигура која е дел од политичка партија на власт. Домашната интернет платформа е содржина од бројни пара-портали, кои лансираат информации со краток домет и најчесто располагаат со непроверени информации и сиромашно напишани наслови и текстови. Сензационалните наслови кои нема да ги обработуваме поради осетливиот јазик, многу лесно се пренесуваат и циркулираат низ социјалните медиуми, а нивната цел честопати е насочена кон предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска, политичка припадност и друга дискриминаторска основа.

Пренесувачите на вакви информации се различни актери, а меѓу нив се бројни новинари, колумнисти, твитераши, политичари, адвокати, професори, активисти итн. Овие активности ја зголемуваат фреквенцијата во период на политички промени (на пр. избори) и во нивна корист се друштвените мрежи и простиот начин на ракување со истите. Честопати, на социјалната мрежа како што е Facebook, се креираат групи на основа на заедничка

[202] Види повеќе: http://znm.org.mk

омраза кон некое лице или група. Иако уредувачката политика на Facebook го дозволува нивното постоење, сепак одредени филтри ги препознаваат како лажни и за кратко време ги исклучуваат. Во своето кратко постоење, овие групи разменуваат заедничка омраза и дискриминаторски термини и содржини кон заедничкиот „непријател".[203] Членови на овие групи се постојано присутни и на други, слични социјални мрежи и своите навредливи коментари ги споделуваат на што поголем број портали или се надоврзуваат на нечиј коментар, со свој коментар. Останатите членови го „лајкнуваат" коментарот и со тоа го издвојуваат од останатите. Иако навидум тоа изгледа детски и безболно, сета таа игра продолжува безгрижно и неказнето да се игра, поткопувајќи ја вистината со груби и неумесни коментари и напади на неистомисленици. Во таа бура од коментари, говорот на омраза може да се користи и како одбранбена алатка, но и како напад кон некое лице или група. Токму во оваа сфера, границите на користење на навредлив говор, бласфемија, говор на омраза се судираат со границите на слободата на изразување. Ова повторно укажува дека говорот на омраза претставува сериозна опасност за кохезијата на едно демократско општество, заштитата на човековите права и владеењето на правото.

Во Република Македонија, политичката нетолеранција не е ништо ново, напротив тоа е веќе малиген проблем кој се манифестира преку екстремни ставови кон политички противници и користи препознатливи говори на омраза во јавноста, без разлика дали е упатен кон власта или опозицијата. Несомнено тоа е резултат на долгогодишна економска и политичка криза, која фрла светлина врз корозијата на политичкиот систем. Во недостиг на аргументи и пласирање на реални оценки за социјалната, економска и политичка состојба во Република Македонија, одредени портали, користејќи разни финеси и термини, во својот комодитет уживаат целосна слобода во објавување навредливи содржини, поттикнување на омраза, навреди и невистини кон едно лице или група, а притоа поминуваат без опомена или казна. Тоа го потврдува фактот дека бројот на поднесени обвиненија е сè помал, иако во моментов има отворени околу 30 постапки за

[203] Predrag M. Nikolić, Govor mržnje u internet komunikaciji u Srbiji, doktorska disertacija, Beograd, 2018. стр. 148

кои треба да се види дали ќе резултираат со нови обвиненија и колку од нив ќе бидат прифатени од надлежните судови.[204]

Наш став е дека ваквата казнената политика спрема говорот на омраза отвора редица релевантни прашања, кои засега остануваат недоречени или целосно неодговорени. Кон вака поставените и образложени точки, осамнува прашањето дали бројот на поднесени кривични пријави соодветствува со реалноста?

Во 2018 г., печат во јавноста остави објавувањето и дистрибуирањето на Збирката поезија објавена од Агенцијата за млади и спорт, како прилог на весникот Нова Македонија. Мал број на медиуми[205] се охрабрија да препознаат говор на омраза и навредлив говор, додека останатите медиуми, објавувањето на спорната збирка го проследија со термини како: "скандалозност", "дискриминаторски елементи", односно "дискриминаторска реторика", "шовинистичка и дискриминаторска содржина" или "сексизам и дискриминација". Во молксавичното пренесување на стихови од збирката, институцијата Хелсиншки комитет за човекови права, одлучи да молчи. Пасивни во борбата против дискриминацијата и говорот на омраза, останаа и невладините организации. Иако збирката, изобилуваше со навредливи зборови, дискиминаторски тон и загрижувачки говор кој поттикнува омраза, таа полесно го преживеа судот на јавноста.

Накратко, ова може да укажува дека луѓето различно го доживуваат говорот на омраза и секоја култура или суб-култура има различни нивоа на прифаќање на тенденциите и бранувањата во јавноста. Прашање е и каков интернет посакуваме – отворен, децентрализиран, без цензура или погон кој е постојано контролиран и надгледуван. Слободата на изразување е во јадрото на целокупното општење, тоа е загарантирано право и несомнено треба да научиме како да не го злоупотребуваме. Но пред сè, треба да го канализираме говорот кој користи омраза како алатка за сатанизирање, угнетување, репресирање, говорот кој бара начин да повреди или поттикне насилство, особено говорот

[204] Види повеќе: http://safejournalists.net/mk/hate-speech-became-standard-speech-macedonia-institutions -years-deaf-calls-violence/

[205] Види повеќе: Fokus - http://fokus.mk/foto-seksizam-i-albanofobija-vo-zbirka-poezija-na-agentsijata-za-mladi-i-sport-velat-deka-ja-podignala-mini-suknata-pred-direktorot/.

кој се користи за да создаде конкретни и погубни општествени последици. Несомнено, слободното изразување е во срцта на секое здраво и демократско општество, но постојат различните варијации на пренесување на она што го мислиме и изрекуваме, па токму затоа не треба да се сопнуваме при првиот несоодветен збор.

Оттаму, свесна за опасната врска помеѓу говорот на омразата и насилството, ЕКРИ отсекогаш сметала дека е неопходна кривична забрана секогаш кога говорот на омраза јавно го поттикнува насилството врз поединци или групи. Меѓутоа, кривичните санкции треба да се користат како крајна мерка и истовремено да се одржува рамнотежата на говорот на омраза од една страна и заштитата на слободата на говорот од друга страна. Ограничувањето на говорот на омраза не треба да се злоупотребува за да ги замолчи малцинствата и да се потисне критиката на официјалните политики, политичката опозиција или верските уверувања.[206]

Вистинските одговори на овие и други прашања, што од ден на ден ги наметнува практиката, се неопходни за целосно разбирање на говорот на омраза и изнаоѓањето сеопфатен пристап за негово поефикасно спречување и сузбивање. Таквиот пристап, меѓутоа, за жал ги надминува рамките поставени со предметот и целите на овој труд, особено оттаму што бара емпириска подлога, која во отсуство на пресудени дела за говор на омраза не дозволува подлабоки истражувања. Дополнително, фактот што постојат истражувања базирани врз прешироки дефиниции за тоа што треба да претставува, а не што законски е и треба да е казниво, кај нас повеќе се разговара само за навредлив говор, а не и за тоа што навистина се дела на омраза и говор на омраза.

Во овој труд, се потпиравме на дефиниции за термините говор на омраза и навредлив говор, кои иако пластични, сепак се доволно широки за да покријат спектар на елементи. Под елементи подразбираме комплексни терминологии во домашното и меѓународното законодавство, кои имаат за цел да ја одржат колективната морална свест на заедницата. Несомнено констатираме дека говорот на омраза, треба да се санкционира иако не може

[206] Види повеќе: https://www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/hate-speech-and -violence

да очекуваме „победа" со репресија, а повторуваме дека доживувањето клевета или навреда може да се препише на секое лице како индивидуално доживување.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

Меѓународното право не само што дозволува, туку и инсистира државите да забранат одреден говор врз основа на тоа што го поткопува правото на другите за еднаквост или за слобода од дискриминација, а понекогаш и врз основа на тоа дека е потребно да се заштити јавниот ред. Меѓутоа, иако стандардите во тој поглед се доста развиени, прашањето за говор на омраза, односно за тоа кој говор треба или би требало да се забрани врз основа на тоа што поттикнува омраза кај другите и натаму е предмет на многубројни расправи и полемики на глобално рамниште. Поинаку кажано, и покрај бројни меѓународни документи на овој план, денес и натаму остануваат предизвици со кои треба да се обезбеди гарантирање на слободата на изразувањето со истовремено гарантирање воедначена заштита во контекст на меѓународното право.

Домашната регулатива во однос на прашањето на ширењето на омраза предвидува законски санкции за сторители на делата наречени "дела на омраза" и "говор на омраза" Сè што е надвор од со закон изрично предвидидените обележја на тие дела претставува или граѓански деликт (клевета и навреда) или навредливо изразување, односно поведенија кои како неказниви дела, општествено неодобрување од помал интензитет, заслужуваат и морална осуда.

Појавата на дигиталната технологија, средствата за дифузија, комуникациските сателити, кабловски телевизии, оптички и компјутерски технологии, интерактивни медиуми, повеќекратно ја забрзаа трката за сензационално информативно бомбардирање кое за жал е проткаено со голема доза на говор на омраза и навредлив говор. Во оваа смисла, голем број од денешните новинари докажуваат дека сè уште не се дораснати за својата општествена улога, и дека тоа е и една од главните причини што центрите на политичката моќ ги користат.

На подрачјето на превенцијата на говорот на омраза кај нас се прават видливи усилби кои можат да се оценат како задоволителни. Сепак, заштитата од говорот на омраза и натаму бара поконструктивен и врамнотежен пристап, кој во иднина мора да го стави својот акцент не само врз едукацијата на оние што го користат и пренесуваат преку традиционалните и онлајн медиумите, туку во прв ред, кон елиминирање на општествените корени и причини кои им погодуваат на таквите однесувања.

Репресивната борба против говорот на омраза се заснова врз одредбите на Кривичниот законик за кои слободно може да констатираме дека претставува значаен обид за воспоставување на одредени правила кои можат да доведат до развивање на чувството за морал, воведување на култура во традиционалните и социјалните медиуми и што е најважно, подигање на чувството на одговорност. Но, сé додека се зборува за партизирано обвинителство и судство, тогаш со право се поставува прашањето за можноста од активирање на ефикасно гонењето и пресудувањето на говорот на омраза кое ќе биде ослободено од селективност, што без соодветни реформи во оваа сфера е повеќе од извесно дека ќе биде долготраен процес или нема воопшто да се случи.

Терористичкиот напад на редакцијата на списанието Шарли Ебдо поттикна широка дебата за досегот на слободата на изразувањето, наспроти слободата на веросисповед како прашање што го надминува интересот само на подрачјето на кое се случи. Станува збор за две вредности на демократското општество кои можат да создадат длабоки тензии доколку не се направи адекватно разграничување помеѓу она што е слободен говор и она што е напад на некоја религија и врз чувствата на верниците кои припаѓаат на истата.

Нашата анализа покажа дека карикатурите на Шарли Ебдо претставуваат вулгаризација и интелектуална сиромаштија што во никој случај не може да се сокријат под тепихот на слободата на изразување. Тоа е еклатантен говор на омраза без оглед на постојниот став што, кога се работи за правото на критика на муслиманската религија засега го зазема француското право. Меѓутоа, оттаму никако не може да се извлече заклучок дека омразата искажана во кој и да било интензитет, може да преставува оправдување за одземање на туѓ живот.

Практичната цел на ова истражување беше да помогне во детекцијата на феноменот на говорот на омраза и облиците во кои тој се манифестира во едно мултикултурно општество како македонското. Иако сме свесни за суштинските културни, политички и општествени разлики меѓу европските општества (во случајот и француското) и македонското, сепак цениме дека е потребна сензибилизација на стручната, но и на пошироката јавност во поглед на деликатната разлика помеѓу она што претставува навредлив говор, од она што е говор на омраза кој што е санкциониран со уставните и законските одредби. Истражувањето помогна и низ компаративна призма да се согледаат сличностите и разликите во сфаќањата на сатирата, бласфемијата и навредливиот говор во развиените европски општества и во општеството какво што е македонското. Тоа беше фокусирано на анализа на примери на говор на омраза, но и на примери на слобода на изразување, кои можат да бидат навредливи за одредена популација, но да се вклопуваат во признаените параметри на демократското живеење и комуницирање помеѓу различните во општеството без притоа да дојде до легитимација на физичко или културно насилство. Продлабочената обработка на термините кои се важни за препознавање на елементи од говорот на омраза придонесоа за полесна детекција и деконструкција на овој штетен општествен феномен, кој може да има несогледливи последици и за демократијата и за безбедноста на општеството.

Студијата на случај на списанието Шарли Ебдо ни овозможи поврзување на апстрактните концепти со спецификите на еден општествен и културен контекст во кој се вкрстуваат и судираат различни сфаќања за слободата на вероисповед и слободата на изразувањето, на унитаризмот и мултикултурализмот. Студиите на случај, по правило повикуваат на преиспитување на одредени теоретски претпоставки за тоа како реалниот живот и конкретниот општествен контекст можат да одговорат на апстрактните и филозофски примеси на кои почиваат одредени концепти. Овој метод ни помогна во експликацијата на јазот меѓу нормативното и стварното кога станува збор за слободата на изразувањето.

# ПРИЛОГ КАРИКАТУРИ


Muhammeds ansigt

01


CHARLIE HEB
2e
NUMÉRO SPÉCIAL
MAHOMET DÉBORDÉ PAR LES INTÉGRISTES
C'EST DUR D'ÊTRE AIMÉ PAR DES CONS...

02


LES CATHOS INTÉGRISTES CONTRE LE THÉÂTRE
CHARIA HEBDO
100 COUPS DE FOUET, SI VOUS N'ÊTES PAS MORTS DE RIRE!
LUZ

03


LES « INDIGNÉS » DE NEW YORK, PAR CABU
CHARLIE HEBDO
L'AMOUR PLUS FORT QUE LA HAINE

04


CHARLIE HEBDO
JOURNAL IRRESPONSABLE
TOUT EST PARDONNÉ
JE SUIS CHARLIE
LUZ

05


REPORTAGE À PERPIGNAN
«Droite-chaussette» et gauche en slip
ATTENTAT DE KARACHI
Des barbouzes plutôt que des barbus ?
SANS-PAPIERS
Ne pas confondre CGT et CRS
CHARLIE HEBDO
2€
www.charliehebdo.fr
MICHAEL JACKSON ENFIN BLANC
LUZ

06


REPORTAGE • CHARLIE • INFILTRE L'UNIVERSITÉ D'ÉTÉ DE CIVITAS
GAY PRIDE JÉRUSALEM QUAND LES RELIGIONS S'OCCUPENT DE NOS FESSES
CHARLIE HEBDO
MALAYSIA AIRLINES : L'ESPOIR
ON A RETROUVÉ UN BOUT DU PILOTE ET DE L'HÔTESSE DE L'AIR
RISS

07


LA PREUVE QUE L'EUROPE EST CHRÉTIENNE
LES CHRÉTIENS MARCHENT SUR LES EAUX
LES ENFANTS MUSULMANS COULENT

08


SI PRÈS DU BUT...
PROMO !
2 MENUS ENFANT POUR LE PRIX D'UN
Courtesy Image - Social Media

09


MIGRANTS
QUE SERAIT DEVENU LE PETIT AYLAN S'IL AVAIT GRANDI ?
TRIPOTEUR DE FESSES EN ALLEMAGNE
RISS

10


CHARLIE HEBDO
ILS ONT LES ARMES
ON LES EMMERDE, ON A LE CHAMPAGNE!
COCO.

11


DAECH: L'AVIATION RUSSE INTENSIFIE SES BOMBARDEMENTS
GROS

12


LES DANGERS DU LOW COST RUSSE
J'AURAIS DÛ PRENDRE AIR COCAÏNE

13


RENAUD REND HOMMAGE AUX BELGES ATTENTATS LES EXPERTS SONT DANS LA PLACE
REPORTAGE COMMENT LES ÉLUS FABRIQUENT DES «MOLENBEEK»
CHARLIE HEBDO
N° 1236
LA BELGIQUE DÉBOUSSOLÉE
PAPA OÙ T'ES ?
ICI
ICI
LÀ
ET LÀ AUSSI
RISS

14


SÉISME À L'ITALIENNE
PENNE SAUCE TOMATE
PENNE GRATINÉES
LASAGNES
FÉLIX

15


Nice.
COCO.

16


LE RÉPERTOIRE DES CHOEURS DE L'ARMÉE ROUGE S'ÉLARGIT
AAAAAA


CRASH DES CHOEURS DE L'ARMÉE ROUGE
MAUVAISE NOUVELLE…
POUTINE N'ÉTAIT PAS DEDANS


Après la catastrophe l'Armée rouge conquiert un nouveau public

17

18

19


TOUT L'ÉTÉ, CHARLIE RÉÉCRIT LES CLASSIQUES
CETTE SEMAINE LA DIVINE COMÉDIE
RELIGION ET VIOLENCE ARRÊTONS L'AMALGAME
REPORTAGE BURE, POUBELLE NUCLÉAIRE
LALLAB LE FÉMINISME DANS LE SENS DU POIL DES BARBUS
CHARLIE HEBDO
N° 1310
DIEU EXISTE !
IL A NOYÉ TOUS LES NÉO NAZIS DU TEXAS !


TUNISIE «ARRÊTONS DE LÉGIFÉRER PAR RAPPORT À LA RELIGION !»
POLYAMOUREUX LES PARTOUZEURS DU SENTIMENT
CHARLIE HEBDO
HORS-SÉRIE SPÉCIAL JEUX EN KIOSQUE
N° 1361
CONSTRUIT PAR DES ITALIENS…
…NETTOYÉ PAR DES MIGRANTS

20

21


Les Français musulmans en ont marre de l'islamisme · RISS au 1er meeting de Sarko · NICOLINO rencontre les paysans pleins de pesticides · MARIS abat en vol les pilotes d'Air France
CHARLIE HEBDO
NOUVELLE FORMULE
SI MAHOMET REVENAIT...
JE SUIS LE PROPHÈTE, ABRUTI!
TA GUEULE, INFIDÈLE!
CHARB.

22


TOUT L'ÉTÉ, CHARLIE RÉÉCRIT LES CLASSIQUES
CETTE SEMAINE L'ÉTRANGER
REPORTAGE MON 15 AOÛT AVEC LA SAINTE VIERGE
BARCELONE TOURISME OU ISLAMISME, POURQUOI CHOISIR ?
GUERRE MONDIALE LE DONALD TRUMP SHOW
CHARLIE HEBDO
ISLAM, RELIGION DE PAIX...
...ÉTERNELLE!

23


MAHOMET: UNE ÉTOILE EST NÉE!
COCO.

24


LE FILM QUI EMBRASE LE MONDE MUSULMAN
ET MES FESSES? TU LES AIMES, MES FESSES?
LUZ

25


FESTIVAL DE CRAPONNE-SUR-ARZON JOHNNY CASH AU PAYS DE L'ALIGOT FINANCEMENT DE L'ISLAM LES SOLUTIONS DE «CHARLIE» JO LE BRÉSIL DÉJÀ MÉDAILLE D'OR DE L'EAU POURRIE
CHARLIE HEBDO
RÉFORME DE L'ISLAM
MUSULMANS...
...DÉ-COIN-CEZ-VOUS!

26


PROGLIO À VEOLIA L'ARROSEUR DES POLITIQUES
CHARLIE HEBDO
AUBRY VS FRÊCHE
LA MORALE POUR RESTER LA PATRONNE
HAÏTI
LES FAUX MIRACULÉS DE PORT-AU-PRINCE
PSYCHIATRIE
LA FABRIQUE DES NOUVEAUX FOUS
POLICE MUNICIPALE
BIENTÔT DES GARDES À VUE EN MAIRIE ?
OUI AU PORT DE LA BURQA...
...À L'INTÉRIEUR!

27


ORLANDO :
ON AURAIT PU ÉVITER ÇA !
...Si j'AVAiS FAiT MON COMiNG OUT!

28


ÉTHIQUE PEUT-ON COUCHER AVEC QUELQU'UN D'EN MARCHE ? LYON LE GUD OUVRE UN SQUAT POUR FRANÇAIS DE SOUCHE PRIX LITTÉRAIRE «CHARLIE» LES TEXTES DES LAURÉATS
CHARLIE HEBDO
MULTICULTURALISME À L'ANGLAISE
TOO MUCH IS TOO MUCH!
N°1298

29


N° 1268 / 3€
REPORTAGE À VERDUN LA GRANDE GUERRE N'EST PAS FINIE ÉTATS-UNIS LE KU KLUX KLAN SANS CAGOULE CALAIS-STALINGRAD D'UN DÉMANTÈLEMENT, L'AUTRE
CHARLIE HEBDO
OBAMA
DE NOUVEAU CITOYEN COMME LES AUTRES

30


UNE ROUMAINE REMPORTE ROLAND-GARROS
FERRAILLE! FERRAILLE!
FÉLIX

31


CHARLIE HEBDO
IL VA FAIRE DES MIRACLES !

32


CHARLIE HEBDO
Corse : les gendarmes, as de la bavure politique
Gaullisme pas mort Sarkozy bouge encore !
Retraites, fonds de pension : la stratégie de la peur
PRINTEMPS À PRISTINA
ÇA MANQUE DE FEMMES !

33


Le-livre.com
CHARLIE HEBDO
10F
Reportage : Bob Denard aux assises
Corse : l'affaire d'État est au coin de la rue
Reportage : Neuilly, banlieue chaude
LE DÉCHIRANT ADIEU DES SERBES AU KOSOVO
PARTIR...
...C'EST MOURIR UN PEU

34


Official publication
TUNISIE : L'ISLAMISME MENACÉ PAR DU RAP ET DES TÉTONS
N° 1099 / 2,50 €
CHARLIE HEBDO
JOURNAL IRRESPONSABLE
ÉCOLOGIE
BATHO, COMIQUE DE L'ÉTAT
RELIGION
VOYAGE DANS LE GRAND BAZAR ÉGYPTIEN
LE PEN, DASSAULT
L'IMMUNITÉ À GÉOMÉTRIE VARIABLE
LA VIE DE MAHOMET
LE TOME 2 EN KIOSQUES
TUERIE EN ÉGYPTE
LE CORAN C'EST DE LA MERDE
ÇA N'ARRÊTE PAS LES BALLES
CORAN

35


FRANCE : LA PAIX CIVILE MENACÉE PAR L'INCITATION À LA HAINE RACIALE
10 juillet 2013
CHARLY HEBDO
JOURNAL EN FAILLITE
ÉCONOMIE
ESCROQUERIE À L'ASSURANCE
RELIGION
DEUX POIDS DEUX MESURES
HARA-KIRI, CHARLIE
TRAHISON DES IDÉAUX DE GAUCHE
LA VIE DE PATRICK FONT
EN KIOSQUES
TUERIE
CHARLIE HEBDO C'EST DE LA MERDE
ÇA N'ARRÊTE PAS LES BALLES
CHARLIE HEBDO
Dedko

36


Je suis CHARLIE

37



38

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**Беличанец, Роберто**: Црна книга, Фондација Институт отворено општество, Скопје, 2010.

**Божиновски, Андреј: Концептот на кривични дела од омраза во земјите на западен балкан: Компаративна анализа и актуелни предизвици.** http://journal.maclc. mk/wp-content/uploads/2018/08/Andrej-Bozinovski.pdf

**Cohen-Almagor, Raphael:** The Charlie Hebdo Affair: Between Speech & Terror (January 7, 2016). The Critique's Great War Series Part II: Charlie Hebdo, Free Speech & Religious Violence, 2016. Available at SSRN: https://ssrn.com/abstract=2713137.

**Coliver Sandra (ed.):** Striking a Balance: Hate Speech, Freedom of Expression and Non-discrimination, ARTICLE 19, London and Human Rights Centre, University of Essex, 1992.

**Elbahtimy Mona:** The Right to be Free from the Harm of Hate Speech in International Human Rights Law, CGHR Working Paper #7, January 2014.

**Feinberg Joel:** Offense to Others, Oxford: Oxford University Press, 1984.

**Fransoa Furnamon:** Македонска рамка за медиуми и онлајн медиуми - Македонски случај, Компаративна анализа и препораки за можни измени и дополнувања на правната рамка. Agency for Audio and Audivisual Media Service, Wagner/ Hatfield.

**Gomien, D.:** Краток водич низ Европската конвенција за човекови права (Short Guide To The European Convention Of Human Rights), Македонска верзија, Совет на Европа, Стразбург, 1991.

**Hare Ivan and James Weinstein:** Extreme Speech and Democracy, Oxford Scholarship Online, 2009.

**Howard Erica:** Freedom of Expression and Religious Hate Speech in Europe, London and NY: Routledge, 2018.

**Јанјиќ-Комар, М**. Слобода савести, Правни живот, Београд, 2002/9. стр. 673.

Kako prevedti govor mrznje, Zbornik radova, Grafopapir, Banja Luka, 2014.

**Камбовски, Владо и Лазаровска Трајковска, Мирјана:** Правна анализа за концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, Скопје, ОБСЕ, 2012.

**Karver, Richard:** Слобода на изразување, закон за медиуми и клевета. https://www.mediadefence.org/sites/default/files/resources/files/MLDI.IPI%20defamation%20manual.Macedonian.pdf

**Klausen Jytte:** The Cartoons that Shook the World, New Haven: Yale University Press, 2009.

**Komitet pravnika za ljudska prava YUKOM**, Govor mrznje i zlocin mrznje kao instituti medzunarodnog i domasneg prava, Beograd, 2007.

**Kuzmanovic Dobrinka, Lajovic, Biljana, Gruji}, Smiqana i Medenica, Gordana:** Digitalno nasilje - prevencija i reagovanje, Cicero, Beograd, 2016.

**Macovei, Monica:** Слобода на изразување, Directorate General of Human Rights, Council of Europe, Strasbourg Cedex, 2001.

**Максуд, Ерол, Шундуловска, Марија и Гелев, Сашо**: Новиот начин на комуникација: Социјални мрежи. http://eprints.ugd.edu.mk/7080/1/EURM-2012-Liceto%20na%20krizata%-20Nov%20nacin%20na%20komunikacija.pdf.

**Михајлов, Марио и др.:** Говорот на омраза за време на изборната кампања во 2014 година, Скопје, 2014. http://progres.org.mk/files/publications/Govorot%20na%20 omraza%-20za%20vreme%20na%20izbornata%20kampanja%202014.pdf

**Михајловска, Елена, Бачовска, Јасна и Шекерџиев, Томе**: Слобода на изразување и говор на омраза, ОБСЕ, Скопје, 2013.

**Михајловска, Елена:** Говорот на омраза и културната различност, Темплум, Скопје, 2010

**Monteskie:** O duhu zakona, Tom I i II, Filip Vi{nji}, Beograd, 1989.

**Munivrana Vajda, Maja i Šurina Marton, Andrea: Gdje prestaju granice slobode izražavanja, a počinje govor mržnje? Analiza hrvatskog zakonodavstva i prakse u svjetlu europskih pravnih standarda,** Analiza hrvatskog zakonodavstva i prakse u svjetlu evropskih pravnih standarda, Hrvatski letopis za kazneno pravo i praksu, Vol. 23, No. 2, Zagreb, 2016.

**Obole Andre:** After the Charlie Hebdo Attack: The Line between Freedom of Expression and Hate Speech, Kantor Center Position Papers, July 2015.

**Петревска-Камењарова Емилија и др.:** Состојбата на онлајн медиумите и онлајн новинарството во Македонија, Институт за македонски медиуми, Скопје, 2010.

Разбирање на криминалот од омраза, Ревидирано издание, ОБСЕ, 2014. http:// www.brrln.org/uploads/documents

**Rokša Zubčević, Asja i dr: Medijska regulatorna tela i govor** mržnje, Savjet Evrope, 2017.

**Rouls, Xon**: Теорија на праведноста, Слово, Скопје, 2002.

**Sahil Pamir:** „Charlie Hebdo Attack: an Analysis of Consequences and the Role of Political Islam in the EU, Jan Masaryk Review of International Studies, vol. 1, no. 1, 2017.

The Legal Project. European Hate Speech Laws. http://www.legal-project.org/issues/ european-hate-speech-laws.

**Titley Gavan:** Des Freedman, Gholam Khiabany, Aurélien Mondon, (eds.), After Charlie Hebdo: Terror, Racism and Free Speech, London: ZED Books, 2017.

**Трајановски, Жарко:** Говор на омраза на интернет, Фондација Метаморфозис, Скопје, 2014.

**Трајансовски, Жарко, Чаусидис, Тамара и Роберто Беличанец:** Медиумите, говорот на омраза и маргинализираните заедници: Водич за медиуми. Скопје, 2013.

UN International Convention on the Elimination of All of Racial Discrimination (7 March 1966).

**Ванковска, Билјана:** Меѓунадордна безбедност, критички пристап, Скопје Филозофски факултет, Скопје, 2011.

**Venice Commission:** Blasphemy, insult and hatred: finding answers in a democratic society, Science and technique of democracy, No. 47, Strasbourg: Council of Europe Publishing, 2010, достапно на: https://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=cdl-std(2010) 047-e.

**Vilhoen Frans:** Hate Speech in Rwanda as a Test Case for International Human Rights Law, Comp. & Int'l L.J. S. Afr. 38(1), 2005.

Водич за мониторинг на "говорот на омраза". Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. достапно на http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring -za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

**Vrielink, J.:** Islamophobia and the Law: Belgian Hate Speech Legislation and the Wilful Destruction of the Koran, International Journal of Discrimination and the Law 14 (1), 2014.

**Waldron Jeremy:** The Harm in Hate Speech, Harvard University Press, 2012.

**Weber, A:**. Manual on Hate Speech, Strasbourg: Council of Europe, 2009.

Website: No Hate Speech Movement: http://www.nohatespeechmovement.org/ hatespeech-watch.

**Zimmer Wolfgang: Smjernice za prepoznavanje slučajeva diskriminacije** Ludwig Boltzmann Institut za ljudska prava i prava nacionalnih manjina, Pu~ka pravobraniteljica i Ured za ljudska prava i prava nacionalnih manjina Vlade Republike Hrvatske, Zagreb, 2003.

**Живановски, Ненад**: Ефрикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза. Законот во сенка на политичкото толерирање на говорот на омраза, Скопје, 2017.

**Шулевска, Христина и др.:** Анализа на состојбата со говорот на омраза во Република Македонија, Хелсиншки комитет за човековите права во Република Македонија, Скопје, 2015.

**Шулевска, Христина и др.:** Бела книга за состојбата на говорот на омраза во Република Македонија, Хелсиншки комитет за човековите права во Република Македонија, Скопје

Кривичен законик ("СВ РМ," 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/ 2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/ 2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018.

Устав на Република Македонија, ("Сл. весник на РМ," 52/1991).

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Сл. весник на РМ ", 184/13, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 248/2014).

Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета ("Сл. весник на РМ," 143/2012).

Закон за медиуми ("Сл. весник на РМ ", 184/2013, 13/2014)

Закон за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ," 100/2005).

Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Сл. весник на РМ," 50/2010, 44/ 2014, 150/2015, 177 пречистен текст, 31/2016).

Кодекс на новинарите на Македонија, Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), Скопје, 2001.

Саморегулаторен кодекс на добри професионални практики во дигиталното издаваштво на територијата на Република Македонија, IAB Macedonia (Interactive Advertising Bureau), Февруари, 2018.